# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
# НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 16 Год. LXII Среда, 8 февруари 2006 Цена на овој број е 390 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

## СОДРЖИНА

Стр.

206. **Указ** бр. 15 од Претседателот на Република Македонија............................. 2

207. **Одлука** за отворање Конзулат на Република Македонија во Канада, со седиште во Мисисага............................... 2

208. **Одлука** за давање согласност на Одлуката за повторно објавување на продажба на објектот “Светски бизнис центар“ - Скопје по пат на усно јавно наддавање.................................... 2

209. **Одлука** за давање на времено користење, одгледување и заштита на дивечот во ловиштата............................... 2

210. **Одлука** за распишување оглас за именување заменик на јавниот правобранител на Република Македонија за подрачјето на Скопје............................ 2

211. **Програма** за општа туристичка пропаганда и информативна дејност на Република Македонија за 2006 година 3

212. **Програма** за проширена репродукција на шумите за 2006 година................. 3

213. **Изменување на лиценца** под број 19-3037/2 од 29.12.2005 година издадена на Друштвото за игри на среќа ИНТЕРГЕЈМ БАЛКАН ДОО увоз-извоз за постојано приредување на посебни игри на среќа во автомат клуб што се наоѓа на ул. “Јосиф Јосифовски“ бб во Струмица............................ 5

214. **Правилник** за минимално-техничките услови на објектите за вршење на туристичка дејност............................... 5

Стр.

215. **Правилник** за минимално-техничките услови за вршење на угостителската дејност............................................. 6

216. **Правилник** за услови за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејност................................. 12

217. **Наредба** за преземање мерки за заштита на животните од заразни и паразитски болести и рокови за спроведување на наредените мерки во 2006 година................................................... 62

218. **Одлука** на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр. 204/2005 од 1 февруари 2006 година.......................... 85

219. **Одлука** за изменување на Одлуката за каматните стапки на Народна банка на Република Македонија................ 86

220. **Одлука** за изменување на Одлуката за единствената тарифа на надоместоци за услуги што ги врши Народна банка на Република Македонија.......... 86

221. **Правилник** за начинот и услови за регулирање на цени за топлинска енергија за греење................................ 86

**Колективни договори**

36. **Колективен договор** за изменување и дополнување на Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи............................................... 123

**Огласен дел.........................................** **1-32**

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**206.**

### У К А З БР. 15

Врз основа на член 18, став 1, точка 12 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ број 42/2001)

Се поставува по мирновремена и воена формација за воен аташе во Анкара Република Турција потполковник Николовски Никола Петар
до сега: ФЧ: полковник по формација: полковник
лична ВЕС: 31239 ЕМБГ: 0907959300807
до сега: Началник на одделение за обука во Управата за планирање, операции, готовност и обука во Г-3 планирање, операции, видови-стандарди, обука и меѓуармиска соработка во Генералштабот на Армијата на Република Македонија.

Овој указ да се изврши на 01.03.2006 година.

Број 07-96 — Претседател
3 февруари 2006 година — на Република Македонија,
Скопје — **Бранко Црвенковски**, с.р.

---

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**207.**

Врз основа на член 91, алинеја 10 од Уставот на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91) и член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03 и 55/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 2.02.2006 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ОТВОРАЊЕ КОНЗУЛАТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КАНАДА, СО СЕДИШТЕ ВО МИСИСАГА

Член 1

Република Македонија отвора Конзулат во Канада, со седиште во Мисисага.

Член 2

Се задолжува Министерството за надворешни работи на Република Македонија да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-564/1 — Претседател на Владата
2 февруари 2006 година — на Република Македонија,
Скопје — д-р **Владо Бучковски,** с.р.

---

**208.**

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03 и 55/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26.01.2006 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОВТОРНО ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОДАЖБА НА ОБЈЕКТОТ “СВЕТСКИ БИЗНИС ЦЕНТАР“ - СКОПЈЕ ПО ПАТ НА УСНО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

1. Владата на Република Македонија дава согласност на Одлуката за повторно објавување на продажба на објектот “Светски бизнис центар“ - Скопје по пат на усно јавно наддавање бр. 02-825/1 од 24.01.2006 година на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, донесена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-335/2 — Претседател на Владата
26 јануари 2006 година — на Република Македонија,
Скопје — д-р **Владо Бучковски,** с.р.

---

**209.**

Врз основа на член 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за ловството (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/96, 26/96, 34/97 и 69/04), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 2.02.2006 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ, ОДГЛЕДУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ДИВЕЧОТ ВО ЛОВИШТАТА

1. Дивечот од ловиштата “Ратевска Река“, “Палазлија“ и “Мачево“ утврдени во Одлуката за давање на времено одгледување и заштита на дивечот во ловиштата (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/04) се дава на времено користење, одгледување и заштита на ЛД “Дабевец“ - Берово, до моментот на давање на користење на дивечот согласно член 38 од Законот за ловството (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/96, 26/96, 34/97 и 69/04) и Законот за концесии (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/02 и 24/03).

2. Правата и обврските на Владата на Република Македонија и ЛД “Дабевец“ од Берово кој ќе го користи дивечот во ловиштата “Ратевска река“, “Палазлија“ и “Мачево“, до моментот на давање на користење на дивечот согласно член 38 од Законот за ловството, ќе се утврдуваат со договор.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-305/1 — Претседател на Владата
2 февруари 2006 година — на Република Македонија,
Скопје — д-р **Владо Бучковски,** с.р.

---

**210.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавното правобранителство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/97), а во врска со Одлуката за утврдување критериуми за определување на бројот на замениците на јавниот правобранител на Република Македонија и за определување на бројот на замениците на јавниот правобранител („Службен весник на Република Македонија“ бр. 57/97, 3/98 и 86/2005), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 2 февруари 2006 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА РАСПИШУВАЊЕ ОГЛАС ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ЈАВНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПОДРАЧЈЕТО НА СКОПЈЕ

1. Се огласува именување на заменик на јавниот правобранител на Република Македонија за подрачјето на Скопје.

2. Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во член 18 од Законот за јавното правобранителство (државјанин на Република Македонија кој ги исполнува општите услови определени со

закон за засновање на работен однос во државен орган; истакнат дипломиран правник со положен правосуден испит кој ужива углед за вршење на јавно-правобранителската функција и работно искуство со потврдени резултати по положениот правосуден испит, на правни работи над три години), пријавите со потребните документи да ги поднесат до Владата на Република Македонија во рок од 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија" и во дневниот печат.

Бр. 33-609/1 Претседател на Владата
2 февруари 2006 година на Република Македонија,
Скопје д-р **Владо Бучковски**, с.р.

**211.**

Врз основа на член 9, став 4 од Законот за таксата за привремен престој ("Службен весник на Република Македонија" бр. 19/96, 26/02 и 51/03) и член 57 од Законот за туристичката дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 62/04), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 2.02.2006 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ОПШТА ТУРИСТИЧКА ПРОПАГАНДА И ИНФОРМАТИВНА ДЕЈНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2006 ГОДИНА

Член 1

Во Буџетот на Република Македонија за 2006 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 120/05, раздел 10001 – Министерство за економија, во Програмата 6 - Развој на туризмот со подпрограмите 60 - Промоција на туризмот и 61 - Развој на туристичката понуда, ставки: 420, 425 и 426, предвидени се средства за реализација на Програма за општа туристичка пропаганда и информативна дејност на Република Македонија за 2006 година, во износ од 7.000.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 од оваа програма ќе се користат за:

**1. Промотивни материјали** — **3.150.000,00 ден.**
Изработка на Туристички водич на Република Македонија, ЦД и друг промотивен материјал со цел претставување на туристичката понуда во сите сегменти.

**2. Учество на меѓународни саеми и други манифестации** — **1.850.000,00 ден.**
Промоција на препознатлив туристички производ на целните пазари за зголемување на бројот на странските туристи и зголемување на девизниот прилив.

**3. Кампања** — **500.000,00 ден.**
Подигнување на јавната свест за значењето на туризмот во севкупниот економски развој.

**4. Организирање бизнис форум** — **500.000,00 ден.**
Зголемување на соработката меѓу претставниците на туристичкото стопанство од регионален и меѓународен карактер.

**5. Престој на странски туроператори и новинари во Република Македонија** — **500.000,00 ден.**
Зголемена соработка со домашните туроператори и другите претставници од туристичкото стопанство, запознавање со туристичките потенцијали на Република Македонија и нејзина презентација во странските медиуми.

**6. Билатерални договори за соработка во областа на на туризмот** — **200.000,00 ден.**
Имплементирање на обврските што произлегуваат од склучените Договори за соработка во областа на туризмот.

**7. Семинари и обуки** — **200.000,00 ден.**
Едукацијата на претставниците од туристичкото стопанство во делот на туристичкиот менаџмент и маркетинг.

**8. Формирање на Меѓуресорска комисија за развој на туризмот** — **100.000,00 ден.**
Меѓуресорската комисија со вклучување на претставници од приватниот сектор ќе врши координација при планирање, програмирање и имплементација на политиките за развој на туризмот.

**ВКУПНО:** **7.000.000,00 ден.**

Член 3

Реализацијата на уплатите наведени во член 2 точка 2 од оваа програма, се врши најмалку шест месеци пред почетокот на меѓународните саеми и манифестации.

Член 4

За начинот и динамиката на реализирање на оваа програма ќе се грижи Министерството за економија, кое во рамките на предвидените средства може да врши соодветни поместувања на планираните износи.

Член 5

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-552/1 Претседател на Владата
2 февруари 2006 година на Република Македонија,
Скопје д-р **Владо Бучковски,** с.р.

**212.**

Врз основа на член 69, став 1 од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија" бр. 47/97, 7/00 и 89/04), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 2.02.2006 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ПРОШИРЕНА РЕПРОДУКЦИЈА НА ШУМИТЕ ЗА 2006 ГОДИНА

I

Со оваа програма, согласно Буџетот на Република Македонија за 2006 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 120/05), Раздел 14001 - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Програма 2 - Шумарство, Подпрограма 20 - Шумарство, Ставка 485 - Други нефинансиски средства, се утврдува видот и обемот на активностите кои ќе се финансираат, извршителите на работите, изворот и износот на средствата, како и начинот на користење на средствата за извршени работи во 2006 година.

Средствата за реализација на Програмата за проширена репродукција на шумите за 2006 година особено ќе се користат за:

- пошумување на голини и ерозивни земјишта и мелиорација на деградирани шуми и шикари;

-санирање на опожарени шумски површини и спречување на ширењето на масовното сушење на боровите шуми и шумски култури;

- нега, превентивна заштита и сузбивање на растителни болести и штетници во шуми и шумски култури подигнати на голини, површини во кои е извршена мелиорација на деградирани шуми и шикари и

- обезбедување на шумски саден материјал за пошумување.

II

За извршување на активностите од дел I на оваа програма, се утврдуваат средства од следните извори :

| | денари |
|---|---|
| 1. Буџет на РМ | 25.000.000,00 |
| 2. Сопствени приходи од | 50.000.000,00 |
| - ЈП и други | 43.500.000,00 |
| - промет на дрво | 500.000,00 |
| - приватни шуми | 6.000.000,00 |
| Вкупно: | 75.000.000,00 |

III

Средствата од дел II на оваа програма ќе се користат за следните намени:

1. За пошумување на голини и ерозивни земјишта се утврдуваат средства во износ од 30.000.000,00 денари.

Со овие средства ќе се изврши пошумување на голини и ерозивни земјишта во државна сопственост. Извршителот на работите ќе изврши пошумување на механизирано или рачно подготвена почва, ќе обезбеди и посади соодветен шумски саден материјал и ќе изврши други работи кои се потребни за комплетно пошумување на 750 ха. За извршено пошумување на 1 ха ќе се исплатат по 40.000,00 денари, или за 750 ха вкупно 30.000.000,00 денари;

2. За спроведување на одгледни мерки - прореди во шумски култури подигнати на голини и ерозивни земјишта, се утврдуваат средства во износ од 13.800.000,00 денари.

Со овие средства извршителот на работите ќе изврши прореди во шумските култури во државна сопственост подигнати со финансиско учество на државата или од субјектите кои стопанисуваат со државните шуми, на површина од 1.150 ха. За извршување на одгледните мерки ќе се исплатат по 12.000,00 денари за 1 хектар, или за 1.150 ха вкупно 13.800.000,00 денари.

3. За санирање на опожарени шумски површини и нивна вештачка обнова и спречување на ширењето на масовното сушење на боровите шуми и шумски култури се утврдуваат средства во износ од 10.000.000,00 денари.

Со овие средства ќе се реализираат следните работи:

- санирање на опожарените површини и отстранување на последиците од шумски пожари и нивна вештачка обнова. Извршителот на работите ќе изврши сеча на исушени стебла, ќе воспостави шумски ред, ќе изврши соодветна обработка на почвата и ќе изврши повторно пошумување со садници. За извршување на оваа мерка, ќе се исплатат по 40.000,00 денари за 1 ха, или за 200 ха вкупно 8.000.000,00 денари и

- спречување на ширењето на масовното сушење на боровите шуми и шумски култури во регионите на Прилеп, Битола, Кавадарци и Берово. Извршителот на работите ќе изврши сеча на исушените стебла и стебла кои се во фаза на сушење, ќе ја отстрани посечената дрвна маса и ќе воспостави шумски ред. За извршување на оваа мерка, ќе се исплатат по 40.000,00 денари за 1ха, или за 50 ха вкупно 2.000.000,00 денари.

4. За обезбедување на шумски саден материјал наменет за пошумување се утврдуваат средства во износ од 6.308.000,00 денари.

Со овие средства ќе се обезбедат 460.000 садници, кои ќе се користат за:

- пошумување на земјиште во приватна сопственост (голини, сечишта и друго). За оваа намена ќе се обезбедат и на корисниците ќе им се доделат шумски садници во количина од 400.000 броја со просечна цена од 12,00 денари за една садница и

- спроведување на еколошката акција во Република Македонија „Младите за здрава животна средина", согласно Одлуката на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/01). За оваа намена ќе се обезбедат и рамномерно распределат по подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство 60.000 садници, од кои 59.000 садници со просечна цена од 12,00 денари за една садница и 1.000 садници со просечна цена од 800,00 денари за една садница.

5. За заштита на шумите и шумските култури од растителни болести и штетни инсекти утврдени се средства во износ од 11.600.000,00 денари.

Со овие средства ќе се реализираат следните работи:

- извршување на теренски увиди и лабораториски испитувања на главните причинители за оштетувањата на шумите и шумските култури во Република Македонија. За оваа намена се определуваат средства во износ од 800.000,00 денари. Работите ќе ги изврши Центарот за ИДП служба при Шумарскиот факултет - Скопје. Врз основа на детални анализи, Центарот ќе изготви извештај за здравствената состојба на шумите и ќе препорача мерки кои треба да се преземат за да се спречи ширењето на определени штетници;

- извршување на авиосузбивање на штетникот боров четник (Thaumatopea pityocampa Schiff.) во боровите шуми и шумски култури во повеќе региони во Република Македонија. За извршување на оваа мерка се определуваат средства во износ од 10.000.000,00 денари и

- возобновување, односно поставување на биоиндикациски и основни точки на целата територија на Република Македонија, на кои ќе се врши следење на појава на сушење на шумите, кое се следи и во цела Европа по единствена методологија. Министерството ќе учествува со финансиски средства во износ од 800.000,00 денари за работите кои ќе ги извршат експертите од Катедрата за заштита на шумите при Шумарскиот факултет - Скопје. Експертите од оваа Катедра ќе одржат регионални семинари со практична обука за шумарските инженери кои се конкретно задолжени за заштита на шумите на своето подрачје и се вработени во ЈП „Македонски шуми" - Скопје и субјектите кои стопанисуваат со шумите за посебна намена, ќе го контролираат работењето на овие лица, ќе прибираат, обединуваат и анализираат податоци од терен, ќе создаваат база на податоци и ќе изготвуваат соодветни извештаи.

6. За финансирање на активностите и мерките кои се во директна функција на програмските активности, утврдени се средства во износ од 3.011.526,00 денари и тоа:

- за изработка на стручни материјали - студии, програми, упатства и друг материјал од областа на одгледувањето и заштитата на шумите од особено значење за реализација на оваа програма, се утврдуваат средства во износ од 719.526,00 денари;

- за учество на конгреси, советувања, семинари, симпозиуми, билатерални, мултилатерални и други средби од областа на шумарството кои се во функција на стручно унапредување и осовременување на програмските активности, се утврдуваат средства во износ од 2.000.000,00 денари и

- за недоволно предвидени работи кои ќе произлезат во текот на годината при реализација на програмата, се утврдуваат средства во износ од 292.000,00 денари.

7. За исплата на неизмирени финансиски обврски по Програмата за проширена репродукција на шумите за 2005 година, за работите кои се реализирани, а не се исплатени во текот на годината, се утврдуваат средства во износ од 280.474,00 денари.

IV

Реализацијата на работите наведени во дел III, точка 1, 2 и 3 од оваа програма, ќе се врши врз основа на соодветни оперативни програми изработени од страна на извршителите на работите. Со програмите се утврдуваат мерките кои ќе се извршат, локациите, вкупната површина изразена во ха, како и другите поединости кои се сврзани со конкретната работна задача. Програмите се изработуваат на концизен и јасен начин.

Извршителите на работите, односно корисниците на средствата од дел III, точка 1, 2 и 3 на оваа програма, се правните лица од областа на шумарството, односно Јавното претпријатие „Македонски шуми”-Скопје и правните лица кои вршат одгледување и заштита на шумите за посебна намена.

Садниците наведени во дел III, точка 4, алинеи 1 и 2 од оваа програма, ќе се употребат за пошумување на земјиште во приватна сопственост и за спроведување на еколошката акција во Република Македонија. Корисници на шумските садници се сопствениците на приватно земјиште кои имаат намера да извршат пошумување на определена површина, а корисници на садниците за спроведување на еколошката акција се општинските координативни одбори за спроведување на акцијата и други организатори на акцијата.

Распоредот на шумските садници наменети за пошумување од дел III, точка 4, алинеи 1 и 2, ќе го врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство преку своите подрачни единици.

Исплатата на средствата од дел III, точка 1, 2 и 3 на оваа програма, ќе се врши врз основа на склучени договори помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и ЈП „Македонски шуми”-Скопје, односно правните лица кои вршат одгледување и заштита на шумите за посебна намена.

Исплатата на средствата од дел III, точка 4 на оваа програма, ќе се врши врз основа на документација за издадени садници по налог на ова Министерство и по добиено известување од подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство дека садниците се наменски потрошени.

Исплатата на средствата од дел III, точка 5 на оваа програма, ќе се врши врз основа на склучени договори помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Шумарскиот факултет- Скопје (алинеи 1 и 3) и со јавна набавка (алинеја 2).

Исплатата на средствата од дел III, точка 6 на оваа програма, ќе се врши врз основа на донесени решенија од страна на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство или врз основа на договори скучени помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и извршителите на работите.

Исплатата на средствата од дел III, точка 7 на оваа програма, ќе се врши врз основа на документација за извршени работи во 2005 година.

V

Средствата од оваа програма се неповратни.

VI

Доколку при реализација на оваа програма дојде до зголемување на обемот на мерките и активностите во одделни позиции, а другите мерки и активности делумно или воопшто не се реализираат во текот на годината, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе изврши пренамена на средствата од една во друга позиција во рамките на вкупно расположивите средства.

VII

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе се применува од 01.01.2006 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 19-521/1 | Претседател на Владата |
| 2 февруари 2006 година | на Република Македонија, |
| Скопје | д-р **Владо Бучковски,** с.р. |

**213.**

Врз основа на член 16 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/97, 54/97, 13/01 и 2/02), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 2.02.2006 година, одобри

## ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ПОД БРОЈ 19-3037/2 ОД 29.12.2005 ГОДИНА ИЗДАДЕНА НА ДРУШТВОТО ЗА ИГРИ НА СРЕЌА ИНТЕРГЕЈМ БАЛКАН ДОО УВОЗ-ИЗВОЗ ЗА ПОСТОЈАНО ПРИРЕДУВАЊЕ НА ПОСЕБНИ ИГРИ НА СРЕЌА ВО АВТОМАТ КЛУБ ШТО СЕ НАОЃА НА УЛ. „ЈОСИФ ЈОСИФОВСКИ“ ББ ВО СТРУМИЦА

1. Во Лиценцата под бр. 19-3037/2 од 29.12.2005 година, издадена на Друштвото за игри на среќа ИНТЕРГЕЈМ БАЛКАН ДОО увоз-извоз, за постојано приредување на посебни игри на среќа во автомат клуб, во точката 3 бројот „еден“ се заменува со бројот „два“.

2. Ова изменување на Лиценцата се објавува во “Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 19-336/1 | Претседател на Владата |
| 2 февруари 2006 година | на Република Македонија, |
| Скопје | д-р **Владо Бучковски**, с.р. |

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

**214.**

Врз основа на член 8 став 2 од Законот за туристичка дејност (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/2004), министерот за економија донесе

## П Р А В И Л Н И К ЗА МИНИМАЛНО - ТЕХНИЧКИТЕ УСЛОВИ НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ТУРИСТИЧКА ДЕЈНОСТ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат минимално-техничките услови што треба да ги исполнуваат објектите за вршење на туристичка дејност (во натамошниот текст – туристички агенции).

Член 2

Туристичките агенции можат да вршат туристичка дејност во соодветни деловни простории - деловни единици, ако ги исполнуваат минимално-техничките услови пропишани со овој правилник.

Туристичката агенција може да има повеќе деловни единици.

Член 3

Секоја туристичка агенција која непосредно ги дава услугите на корисниците треба да има деловна единица.

Деловна единица, во смисла на овој правилник, е деловната просторија на туристичката агенција во која туристичката агенција непосредно ги дава своите услуги на корисниците.

Деловната единица може да се состои од канцеларии или други соодветни простории.

Член 4

Туристичката агенција која што непосредно продава туристички пакет-аранжмани и други излетнички програми треба да има деловна единица со големина од најмалку 14 м$^2$ и висина од 2,4 м.

По исклучок од став 1 на овој член, ако деловната единица е сместена во зграда која што е регистрирана како историско-културен објект или се наоѓа во објект од посебна амбиентална вредност односно во заштитена споменична целина или во киоск, големината на деловната единица треба да биде најмалку 7 м$^2$, односно висината не треба да биде помала од 2,2 м.

Во деловните простории со повеќе од две продажни места, површината утврдена во став 1 на овој член се зголемува за нови 4 м$^2$ по секое продажно место.

Член 5

Деловните простории треба да бидат така уредени и опремени за да се овозможи непосреден контакт со корисниците, како и нивно непречено движење.

Член 6

Ако во деловната единица на шалтерите работат повеќе од тројца вработени, на поедини шалтери од деловната единица треба на видлив начин да се означи називот на услугата на туристичката агенција која што се дава на тој шалтер (на пример: продажба на авионски карти, продажба на туристички аранжмани, услуги на менувачница и друго).

Во случајот од став 1 на овој член деловната единица во просторот пред шалтерот треба да има гарнитура за седење за корисниците на услугите освен ако седиштата за корисниците не се поставени непосредно пред секој поединечен шалтер.

Член 7

Ако во деловната единица на шалтерите работат повеќе од 5 вработени, за вршење на административните и другите работи треба да биде обезбеден посебен деловен простор одвоен од просторот во кој се врши продажба на услугите на туристичката агенција.

Член 8

Одредбите на членовите 6 и 7 на овој правилник не се однесуваат на туристичките агенции кои продаваат патнички аранжмани или даваат туристички услуги преку средствата за комуницирање, односно преку дистанца без никаков непосреден контакт со корисниците.

Туристичките агенции кои продаваат патнички аранжмани или даваат туристички услуги преку средствата за комуницирање преку дистанца треба да им обезбедат на корисниците достапни информации преку телефон и e-mail, за резервациите, откажувања и промени на патувања и услуги.

Туристичките агенции преку комуницирање на дистанца треба да му дадат на корисникот јасна и достапна информација за:
- Името на фирмата,
- Адреса на седиштето,
- Идентификационен код на туристичката агенција.

Член 9

Просторот на деловната единица, како и просторот во кој се наоѓа деловниот простор на туристичката агенција треба во текот на целото работно време да бидат добро осветлени со природно или вештачко осветлување и проветрени на природен или вештачки начин. Во зимскиот период овие простории треба да имаат температура од најмалку 19$^{o}$C.

Член 10

Туристичката агенција треба да има најмалку еден директен приклучок на телефонска мрежа и еден телефакс апарат, а треба и да располага со соодветна минимална информатичка опрема (најмалку еден компјутер со печатар).

Деловната единица на туристичката агенција треба да има најмалку еден директен приклучок на телефонска мрежа, еден телефакс апарат и минимална информатичка опрема (најмалку еден компјутер со печатар).

Ако во туристичката агенција или во нејзината деловна единица има повеќе од две работни места, тогаш треба да постојат телефонски апарати за поврзување и на секои две работни места по еден приклучен телефонски апарат.

Член 11

Деловната единица треба да има најмалку едно ВЦ со проточна вода и предпростор во кој се наоѓа мијалникот.

ВЦ-то и предпросторот треба да имаат под од материјал кој не пропушта вода, а ѕидовите треба до висина од 1,6 м. од подот да бидат обложени со керамички плочки или соодветен друг материјал.

Член 12

По исклучок од одредбата од член 11 од овој правилник, доколку деловната единица се наоѓа во зграда која е регистрирана како историско-културен објект или како објект од посебна амбиентална вредност односно се наоѓа во заштитен историски споменик, како и во објекти наменети за трговија (стоковна куќа), во банки, во хотели, на саемски простор, на железничка станица или терминалите на аеродромите или во киоск, деловната единица не треба да има сопствено ВЦ, но на вработените треба да им биде овозможено користење на ВЦ во близина.

Член 13

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 13-953/1 Министер,
3 февруари 2006 година м-р **Фатмир Бесими,** с.р.
Скопје

---

**215.**

Врз основа на член 9 од Законот за угостителската дејност ("Службен весник на Република Македонија", бр 62/2004), министерот за економија донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА МИНИМАЛНО - ТЕХНИЧКИТЕ УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА УГОСТИТЕЛСКАТА ДЕЈНОСТ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат минимално-техничките услови што треба да ги исполнат угостителските објекти за сместување и угостителските објекти за исхрана.

Член 2

Просторот, во кој гостите се послужуваат надвор од просториите за послужување (тераси, бавчи и други слични простори), како и просторот каде повремено се даваат услуги за послужување на гостите (на плажи, излетнички места, саеми и други) треба да биде уреден, заграден и опремен со маси, столови, чадори за сонце и слично.

## II. МИНИМАЛНО-ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ

Член 3

Минимално-техничките услови треба да бидат исполнети во сите видови угостителски објекти, без оглед на називот, освен ако со овој правилник не е поинаку определено.

Член 4

Угостителските објекти треба да бидат уредени и опремени така да овозможуваат рационално користење на просторот, непречено движење на гостите и вработениот персонал, непречен пренос на материјал, исправна и хигиенско приготвување, ракување, чување, послужување и доставување на прехрамбени производи, заштита на здравјето на гостите и вработениот персонал.

**Истакнување на видот, називот и категоријата**

Член 5

На главниот влез во угостителскиот објект треба видливо да биде истакнат видот и називот на објектот.

До главниот влез на угостителскиот објект, кој исполнува услови за категоризација, треба да биде истакната стандардизирана плочка со ознака на видот и категоријата на објектот.

**Снабдување со вода и собирање на отпадните материи**

Член 6

Во угостителските објекти треба постојано да бидат обезбедени доволни количини хигиенски исправна вода и соодветно снабдување со вода за пиење.

Снабдувањето со вода и одводот на отпадните течни материи треба да се реши на хигиенски начин, во согласност со здравствените прописи и прописите за заштита на човековата средина.

Тврдите отпадни материи треба редовно да се отстрануваат од угостителските објекти, да се собираат на определени и за тоа уредени места, каде се обезбедени потребните хигиенско-технички услови и редовно да се однесуваат на јавни депонии, кои ќе ги определи надлежниот орган на локалната самоуправа.

**Снабдување со електрична енергија**

Член 7

Во угостителските објекти треба да има приклучок на јавната електрична мрежа или на друг соодветен начин да се обезбеди снабдувањето со електрична енергија.

Во местата каде нема јавна електрична мрежа треба да се обезбеди снабдување со електрична енергија во согласност со одредбите на овој правилник и со прописите за пожарно-превентивна заштита.

Во сите простории на угостителските објекти треба да биде воведено снабдување со електрична енергија.

**Телефонски приклучок**

Член 8

Во угостителските објекти треба да има приклучок на јавната телефонска мрежа, освен во местата каде што не постојат такви можности. Во таквите места, угостителските објекти треба да им обезбедат на потрошувачите други соодветни средства на телекомуникации или, ако е возможно, специфични информации во врска со најблискиот телефонски приклучок. Доколку угостителскиот објект не е поврзан со јавната телефонска мрежа, тоа треба да биде објавено во секоја брошура или информатор на угостителскиот објект или треба да им се даде на гостите претходна информација уште во процесот на резервација.

Во угостителските објекти треба да биде инсталиран најмалку еден телефонски апарат на располагање на гостите, освен во приватните сместувачки капацитети, како и во други угостителски објекти (киосци и сл).

**Заштита од пожар**

Член 9

Угостителските објекти треба да работат во согласност со прописите за заштита од пожар, според кои во угостителските објекти треба да има апарати и друга опрема за гаснење пожар. Вработениот персонал треба да биде оспособен да ракува соодветно со тие апарати и опрема.

**Греење, осветлување и проветрување на просторот**

Член 10

Во сите простории во кои се задржуваат гости треба да има можност за загревање на тие простории така што температурата да не е помала од 19°C.

Во објектите исто така треба да биде обезбедено соодветно природно или механичко проветрување, во согласност со санитарната и здравствена регулатива и прописите за заштита при работа.

Собите, просториите и просторите каде гостите поминуваат и остануваат подолго време во ноќта, треба да бидат добро осветлени или да имаат ориентационо светло.

Член 11

Во угостителските објекти, во кои за гости се приготвуваат и послужуваат главни оброци (ручек, вечера) треба да има кујна, просторија за послужување, прирачен магацин и најмалку по едно ВЦ за мажи и жени.

**Внатрешна висина на просторот и расположлив простор за гостите**

Член 12

Во угостителските објекти височината од подот до таванот треба да изнесува најмалку:

- 2,4 м во собите.
- 2,6 м во заедничките простории за престој, просториите за послужување и кујните.

Во ресторани и други угостителски објекти во кои просториите за послужување на гостите имаат галерија (просторија на две нивоа), височината на просториите за послужување на гостите треба да изнесува најмалку 4,8 м од подот до таванот, а височината на галеријата од подот до таванот треба да изнесува најмалку 2,2 м.

За ресторани и други угостителски објекти за исхрана, кои се наоѓаат во заштитени објекти и стари градски делови кои се споменици на културата, височината од подот до таванот треба да изнесува најмалку 2,5 $м^2$.

Во просторијата за послужување на гости, без оглед на називот на угостителскиот објект, каде има поставено маси, треба да биде обезбеден простор од најмалку 4,8 $м^2$ за една маса со 4 столови.

Во угостителските објекти, без оглед на називот, во кои гостите покрај пулт или шанк се послужуваат со храна и пијалаци, како и оние угостителски објекти кои даваат и услуги за забава – танчерски, музички и кабаре програми (ноќен бар, дансинг бар, кабаре, диско клуб и други слични ноќни објекти), треба да биде обезбеден простор од најмалку 0,8 $м^2$ по еден гостин не сметајќи го просторот зафатен со опремата (пулт, шанк и слично).

**Заштита од прашина**

Член 13

Порцеланот, стаклото, чаршафите за маси и priborот за јадење, во времето кога не се користат, треба да се сместени во затворени плакари, фиоки и да бидат заштитени од прашина.

**Простории за лична хигиена на гостите**

Член 14

Во угостителските објекти треба да има соодветни санитарни простории (ВЦ-ињa, бањи и други уреди). Тие простории треба постојано да се чисти, да имаат вентилација и треба да бидат дезинфицирани. Санитарните простории не смеат директно да водат до просториите во кои се чува или приготвува храна.

Во угостителските објекти за сместување треба да има одделни санитарни простории за заедничко користење на гостите (гости во ресторанот, просторијата за појадок, барот, салонот и друго) од санитарните простории во собите на катовите.

Член 15

Бројот на ВЦ-ињата и писоарите треба да биде сразмерен на големината (капацитетот) на објектот, изразен со бројот на конзумни места и тоа:

1. до 30 конзумни места едно заедничко ВЦ за мажи и жени со претпростор;

2. до 80 конзумни места едно женско, едно машко ВЦ и еден писоар;

3. до 170 конзумни места две женски, едно машко ВЦ и два писоари;

4. до 350 конзумни места три женски, две машки ВЦ и три писоари;

5. преку 350 конзумни места четири женски, три машки ВЦ и четири писоари.

Ако во една градежна целина се наоѓаат повеќе видови угостителски објекти за исхрана и пијалаци, санитарните простории за гостите може да се користат заеднички, со тоа што нивниот број треба да одговара на вкупниот број на конзумни места во тие објекти, односно во нивните простории за послужување.

Сите ВЦ-ињa треба да бидат на промивање со протечна вода и поврзани со ефективен систем за одвод.

Подовите во ВЦ-ињата не смее да бидат лизгави, тие треба да бидат од материјал кој не пропушта вода и лесно се мие.

Ѕидовите во ВЦ-ињата треба до височина од 1,6 м од подот, да бидат обложени со материјал кој не пропушта вода и кој лесно се мие и дезинфицира.

Прозорците на ВЦ-ињата треба да бидат од непроѕирно стакло или со можност за заштита од погледи однадвор, а вратата не смее да биде застаклена.

Писоарите треба да бидат така поставени или оградени да не се гледаат однадвор од просториите во кои се сместени. Писоарите треба да бидат опремени со вода за промивање, а доколку не се инсталирани школки треба да имаат ефикасен одвод.

ВЦ-ињата треба да се наоѓаат во непосредна близина на просторот за послужување и задржување на гостите. Во случај ако ВЦ-ето е сместено надвор од зградата на угостителскиот објект, приодот треба да биде бетониран или поплочен и ноќе осветлен, а преминот заштитен од временски влијанија (дожд или снег).

ВЦ-ињата за вработените треба да бидат сместени така што персоналот да може да приоѓа до нив не поминувајќи низ просториите и премините наменети за гости.

Од внатрешната страна ВЦ-то треба да има најмалку една кука за закачување облека, механизам за заклучување на вратата, а во женското ВЦ и полица за оставање чанти.

Во ВЦ-ињата треба постојано да има тоалетна хартија. Во претпросторите на ВЦ-ињата треба да има мијалник со протечна вода, огледало, тврд или течен сапун, хартија за бришење, односно апарат за сушење раце и сад за отпадоци.

Бројот на мијалниците треба да биде сразмерен со бројот на конзумни места и тоа: до 80 конзумни места еден, до 170 – два, до 350 – три и преку 350 конзумни места четири мијалници. Доколку мијалниците за жени и мажи се сместени во посебна просторија, тогаш на 140 конзумни места доаѓа по еден мијалник за секој пол, по два мијалника за секој пол до 350 и по три мијалници за секој пол над 350 места.

На влезните врати во ВЦ-то треба да биде истакната лесно препознатлива ознака за намената на тие простории за мажи или за жени.

Член 16

Во угостителските објекти за сместување треба да има соодветен број на комплетни или туш - бањи.

Во комплетната бања треба да има ВЦ, лежечка или туш када со туш и мијалник.Површината на комплетната бања треба да изнесува најмалку 2,5 $м^2$. Во туш бањата треба да има само туш за туширање, а површина треба да изнесува најмалку 1,20 $м^2$.

Подовите во бањите не треба да бидат лизгави и треба да бидат од материјал кој лесно се чисти, дезинфицира и не пропушта вода.

Ѕидовите во бањите, до височина од најмалку 1, 7 м од подот, треба да бидат обложени со материјал кој лесно се чисти, дезинфицира и не пропушта вода.

Прозорците во бањите треба да бидат од непроѕирно стакло или да има можност за спречување погледи од надвор.

Вратата на бањата не треба да биде застаклена.

Во бањите треба да има можност за природно или механичко проветрување.

Во бањите треба да има:

- када или туш кабина со постојана протечна ладна и топла вода и одвод;
- завеса или преграда за туширање;
- таолет со проточна вода за промивање;
- мијалник со проточна топла и студена вода;
- тоалетно ормарче или огледало со полица за тоалетен прибор;
- електрично осветление;
- приклучок за електрични апарати со ознака за волтажата;
- една голема крпа за туширање и две мали крпи по кревет;
- закачалка за крпи;
- закачалки за облека;
- еден сапун по кревет;
- тоалетна хартија;
- чаша за вода, една по кревет;
- корпа за отпадоци.

**Заеднички простории за лична хигиена на спрат**

Член 17

На секој кат на кој има повеќе од 10 соби без бања, треба најмалку да има еден санитарен јазол – бања и ВЦ со претпростор. Бањите не се задолжителни ако на истиот кат нема повеќе од пет кревета во собите без бања и ако тој број кревети е земен предвид при вградувањето на санитарните јазли на другите катови.

**Простории и простори за лична хигиена на гостите во камп**

Член 18

Кампот треба да има простории и простори за лична хигиена на гостите.

Исклучок од член 15 од овој Правилник бројот на ВЦ-њата во кампот треба да е сразмерен на големината – капацитетот на кампот изразен според бројот на гости-кампери и тоа:

- за капацитет од 30 гости едно ВЦ на секои 10 гости.
- за капацитет од 30-70 гости- над 30 гости на секои 20 уште по едно ВЦ.
- за капацитет од 75-150 гости, над 75 гости на секои 30 гости уште по едно ВЦ.
- за капацитет 150-200 гости, над 150 гости на секои 40 гости уште по едно ВЦ.
- за капацитет 250 и повеќе гости, на секои 25 гости по едно ВЦ.

ВЦ-та треба да бидат одвоени за мажи и жени при што 60% од нив треба да се за жени, а 40% за мажи.

Односот на вкупниот број на ВЦ-ња и писоари изнесува 1:0,4, при што писоарите се наоѓаат во предпросторот на ВЦ-њата или можат да бидат во самостоен објект во близина на мијалниците.

Односот помеѓу бројот на мијалниците за мажи и жени е 1:1,6, при што треба да се издвоени, а од вкупниот број 35% треба да се со славина за топла и ладна вода.

Кампот треба да има корита за миење на нозе и перење на алишта и миење на прибор за храна. Односот на коритата за миење нозе, перење алишта и миење садови се утврдува врз основа на капацитетот на кампот, односно нивниот број во однос на умивалниците да е 1:1.

Коритата за миење нозе може да имаат само проточна ладна вода и треба да се наоѓаат во предпросторот на ВЦ-њата или во самостоен објект.

Камповите кои даваат услуги на перење и пеглање на алишта во посебна деловна единица можат да имаат 50% помалку корита за перење алишта од утврдениот во став 5 од овој член.

Коритата за миење садови треба да имаат најмалку 35% славини со топла и ладна вода.

### Кујна

Член 19

Кујните во угостителските објекти со својот капацитет треба да одговараат на капацитетот на просториите, односно просторот за послужување.

Во кујната исто така треба да има:

- соодветни термички апарати;
- комори за ладење или апарати за ладење со одвоени фиоки за месо и риба;
- кујнски посатки и прибор со соодветен квалитет (според категоријата на објектот);
- работни површини;
- простори и апарати за чистење и обработка на прехранбени продукти;
- одвоени простори и апарати за миење црни и бели садови;
- протечна топла и студена вода;
- приречен магацин или простор за чување на прехранбени продукти;

Во кујната треба да има обезбеден одвод на чад, пареа и мириси кои треба да бидат во согласност со законодавството за безбедност на храна.

Ѕидовите на кујните, како и просториите за приготвување јадење и миење на садови треба да бидат обложени со материјал кој не пропушта вода и лесно се чисти и мазна површина соодветна за извршување на операциите.

Прозорците и отворите на кујните треба да бидат заштитени од влегување муви и други инсекти.

За потребите на кујнскиот персонал треба да има посебен мијалник со протечна топла и студена вода, четкичка, прибор и средство за миење, дезинфекција, бришење или сушење на раце.

Отпадоците од храната и другите отпадоци не треба да се собираат во кујната.

### Простор за подготвување на јадења

Член 20

Во угостителскиот објект, кој нема кујна, а гостите се послужуваат со топли јадења, треба да има простор за приготвување јадење.

Просторот за приготвување јадења треба да има соодветен термички блок, работна површина и апарат за миење садови со протечна топла вода.

Над термичкиот блок треба да биде изведен одвод на чад, пареа и мириси со доволен капацитет на проветрување.

### Просторија и прирачен простор за чување на храна и пијалок

Член 21

Во угостителскиот објект просторијата за чување на храна и пијалок треба да биде одвоена од кујната или просторот за подготвување на јадења, да биде осветлена, заштитена од инсекти и да биде опремена со ормари, полици и разладни уреди за чување на храна од различно потекло.

Прирачниот простор за чување на храна и пијалок треба да е сместен непосредно до просторијата за подготвување на храна и пијалок или до просторијата за послужување на гостите, а може да биде и одвоен простор во тие простории.

### Точилник

Член 22

Во угостителскиот објект во кој се служат пијалоци и напитоци треба да има точилник со површина која соодвествува на големината на објектот. Точилникот може да биде самостојна функционална целина, функционална целина во засебна просторија, простор во непосредна близина на просторијата или во просторот за послужување на гостите.

Точилникот треба да има мешалка со топла и ладна вода и одвод, уреди и опрема за оставање на пијалоците и напитоците, разладни уреди за напитоците, шанк со работен простор со површина од некородирачки материјал кој лесно се чисти и одвоен дводелен мијалник или машина за миење чаши кои можат да бидат сместени и надвор од точилникот.

Ако во точилникот се подготвуваат и служат ладни и едноставни топли јадења, точилникот треба да има термички блок, работна површина за обработка на храната, уреди за одвод на пареа, чад и мирис, осветлување, мијалник со топла и ладна вода. Ако од точилникот непосредно се служат гостите тој треба да има шанк со или без високи столици.

### Простор за послужување

Член 23

Во просториите, односно просторот за послужување, треба да има доволно простор и потребен број маси, конзумни пултови, столови и клупи. Делот на угостителскиот објект, во кој услугите на исхрана се даваат врз основа на самопослужување, треба да биде одвоен од останатиот дел на објектот наменет за гости и изведен и уреден така да се обезбедени потребните хигиенски услови.

Во просторијата, односно просторот за послужување, треба да има проветрување и осветление. Подот во просториите за послужување треба да се одржува во уредна состојба и да биде од материјал кој лесно се чисти.

Приборот за јадење (лажици, ножеви, виљушки и др.) треба да биде од материјал кој не кородира.

Просторот за служење на отворено е дел од простор на двор, тераса и слично во кој се служат гости, а во еден дел на тој простор пред гостите може да се подготвуваат напитоци, ладни и топли јадења.

Во угостителските објекти кои работат сезонски или повремено (на плажа, базени, на приредби, саеми, излетнички места и сл), а немаат простор за служење, како простор за служење се смета и покриениот простор на отворено.

Во просториите и просторот за послужување, освен во просторот за послужување на отворено, треба да има доволен број закачалки за облека, соодветни на бројот на конзумните места. Гардеробите сместени надвор од тие простории треба да бидат чувани или во нив видливо да биде истакнато соопштение за гостите дека облеката која се остава во истата гардероба не се чува.

Член 24

Во угостителските објекти од член 19 став 1 точка 1 од Законот за угостителска дејност во просторот за послужување по 30% од просторот (во и надвор) треба да биде определен за пушачи. Одвоеноста помеѓу масите за непушачи и пушачи да биде 4 метри.

Во угостителските објекти од член 19 став 1 точка 2 од Законот за угостителска дејност, 40% од просторот за послужување треба да биде определен за пушачи. Одвоеноста помеѓу масите за непушачи и пушачи да биде 2 метри.

Просторот за пушачи треба да биде обезбеден со вентилација која овозможува замена на воздухот од најмалку 20 пати за еден час.

На просторот во кој пушењето е забрането на видно место треба да биде истакнат натпис со знак за забрана на пушење под кој има текст “пушењето е забрането и се казнува со закон” со димензии15 х 20 см.

На секоја маса и на шанковите кои се наоѓаат во просторот во кој е забрането пушењето треба да биде истакнат знак за забрана на пушење со димензии 10 х 10 см.

Во угостителските објекти кои не ги исполнуваат условите од став 1 и 2 на овој член, на влезната врата треба да биде истакнат натпис со знак за забрана на пушење под кој има текст “пушењето е забрането во целиот објект” со димензии 15 х 20 см.

**Посебни одредби за вработените**

Член 25

Во угостителските објекти треба да има гардероба за вработениот персонал, соодветни санитарни и други простории.

Во гардеробата или друг соодветен простор за секој вработен треба да има орманче за гардероба со клуч, а дводелно орманче за персоналот кој работи на приготвување и послужување на храна.

Во објектите во кои во една смена се вработени 6 до 15 работници, треба да има по едно ВЦ и бања. Во објектите во кои во една смена се вработени повеќе од 15 работници треба да има најмалку една група на ВЦ-иња со две бањи.

Во објектите, во кои во една смена се вработени повеќе од 20 работници, треба да има посебна просторија (трпезарија) или посебен простор за послужување на јадења на вработениот персонал.

Во објектите изградени по влегувањето во сила на овој правилник, треба да има по едно ВЦ и мијалник за вработениот персонал ако во една смена работат и помалку од 6 работници.

**Соби**

Член 26

Собите во угостителските објекти кои се издаваат на гости може да бидат еднокреветни, двокреветни и повеќекреветни.

Површината на подот во собата треба да изнесува најмалку 7 $м^2$ за еднокреветна и 10 $м^2$ за двокреветна, не сметајќи ги во тоа споредните простории, како што се бања, ВЦ, претпростор и балкон, односно треба да одговара на површината утврдена во категоризацијата за одделни видови објекти.

За собите кои имаат повеќе од два кревета минималната површина на подот се утврдува така што на површината на подот на еднокреветната соба се додава површината утврдена со категоризацијата, а најмалку 3 $м^2$ по додатен кревет.

Ако орманот и сталажата за куфери се сместени во некоја споредна просторија, минималната површина на собата од став 2 на овој член може да биде помала за најмалку 2 $м^2$.

Додавање на помошен детски кревет до најмногу 140 см должина и 70 см. широчина треба да биде во рамките на пропишаните минимални површини на собата утврдена во став 2 од овој член.

Подовите во собите треба да одговараат на видот и категоријата на објектот и лесно да се чистат.

Во просториите кои се изнајмуваат на гости (соби, апартмани и друго) треба да има заштита од неконтролирано влегување однадвор.

Член 27

Во секоја соба која се издава на гости треба да има:

1. застаклените површини кои се отвораат (прозорци и врати) треба да изнесуваат најмалку: 1/2 од површината на подот од собата во објекти лоцирани на надморска височина над 400 м; 1/10 од површината на подот од собата во објекти лоцирани на надморска височина пониска од 400 м;
2. прозорците и застаклените врати на собите треба да имаат завеси или друг вид ролетни за затемнување и спречување погледи однадвор;
3. посебен влез за секоја соба, со врата за заклучување;
4. во објектите со повеќе од еден кат сите соби да се означени со броеви, во кои првата цифра го означува катот, а останатите цифри броевите на собите на истиот кат;
5. кревет со површина за едно лице х 90, а двоен (француски) кревет 200 х 160 см;
6. душек за секој кревет со соодветна димензија.
7. најмалку два чаршафи по кревет, кои не треба да содржат синтетика;
8. една перница по кревет, а дополнителна перница на барање на гостинот, навлаките не смеат да содржат синтетика;
9. најмалку едно ќебе по кревет, а дополнителни ќебиња на барање на гостинот;
10. ноќно шкафче или лесно достапна полица за оставање за секој кревет;
11. простирка пред креветот, освен во собите во кои подот е покриен со тенисон;
12. тоалетна масичка или масичка за пишување;
13. столови за седење соодветно на бројот на креветите во собата;
14. орман за гардероба, со фиоки и преграда за закачување на облека со најмалку 4 закачалки по кревет;

15. таванско или ѕидно осветление и по една столна ламба, со вкупен интензитет на светлината за нормално читање и пишување;

16. видливо истакнат ценовник на собата и другите услуги кои се даваат.

17. сталажа за багаж;

18. огледало;

19. пепелник, освен во собите во кои е видливо истакната забрана на пушење.

Собите за издавање кои немаат сопствена бања треба да имаат:

1. мијалник со протечна топла и студена вода;
2. огледало со полица за тоалетен прибор;
3. осветление над огледалото;
4. приклучок за електрични апарати со ознака за јачина на струјата;
5. држалка за крпи за бришење;
6. една крпа за бришење по кревет;
7. еден сапун по кревет;
8. чаша за вода по една за секој кревет.

**Куќи, станови за одмор и соби за издавање**

Член 28

Собите во куќите, становите за одмор и собите кои се издаваат на гости можат да бидат еднокреветни, двокреветни и повеќекреветни.

Површината на подот треба да изнесува најмалку 6 $м^2$ за еднокреветна и 9 $м^2$ за двокреветна соба, не сметајќи ги во тоа споредните простории како што се бања, ВЦ, претпростор и балкон.

Кај повеќекреветните соби минималната површина на подот се утврдува така што на површината на двокреветната соба се додаваат уште три метри квадратни по кревет.

Површината на бањата со ВЦ-то треба да изнесува најмалку 2,5 $м^2$, претпросторот со мијалник 1 $м^2$, а дневниот престој со просторот за послужување и кујнскиот простор (доколку е организирана исхрана) 9 $м^2$.

Внатрешната височина во собите со равен кров и просечната висина на собите со кос кров од подот до таванот треба да изнесува најмалку 2,40 метри.

Член 29

Во секоја соба која се издава на гостите треба да се содржани истите елементи како за собите од член 28 од овој правилник.

Член 30

Во куќите, становите за одмор и собите за издавање кои даваат и услуга за исхрана на гостите треба да има:

1. мијалник со славина за студена и топла вода и одвод;
2. шпорет со најмалку две грејни плочи или друг термички уред и обезбедена енергија;
3. шпајз или кујнско ормарче за чување прехранбени продукти;
4. орманче или фиоки за садови и прибор за јадење;
5. посатки за приготвување и консумирање на храна и пијалаци, доволни според бројот на креветите за гостите, а најмалку:

- три чинии (плитки, длабоки и мали) по кревет;
- една шолја со чинија за напивка (бело кафе, чај, какао и др.) по кревет;
- една гарнитура прибор за јадење (лажица, виљушка, нож, мало лажиче) по кревет;
- црни и бели посатки за приготвување и сервирање на јадења;
- прибор (ножеви и др.) за приготвување на прехранбени продукти;
- крпи за бришење на садови;
- сад за отпадоци со доволна големина за еднодневни потреби.

**Кабаре, ноќен бар, диско клуб**

Член 31

Ноќните барови, дансинг баровите, диско клубовите и сличните објекти, треба да бидат лоцирани во затворени простории и во нив треба да биде обезбеден простор за играње и простор за изведување музички и слични програми.

Кај објекти кои нудат услуги за забава треба да постојат посебни простории кои ќе бидат означени како гардероби за уметничките групи.

Објектите треба да имаат клима уред и соодветна вентилација која обезбедува промена на воздухот 20 пати во еден час. Објектите треба да имаат соодветна звучна изолација во согласност со прописите за заштита од бучава. Во објектите треба да има најмалку еден излез за итни ситуации за капацитет од 100 гости, а за поголем број на лица соодветен број на помошни излези.

Опремата на угостителските објекти се состои од седечки гарнитури или маси со столови, пулт, шанк со дозери за точење на алкохол и безалкохолни пијалоци.

**Диско клубот на отворен простор** треба да биде оддалечен од станбените објект во радиус од најмалку 300 м воздушна линија.

Во диско клуб на отворен простор треба да има простор од најмалку 300 $м^2$ и да има обезбеден простор за играње и простор за изведување на музички и слични програми.

Кај објекти кои нудат услуги за забава треба да постојат посебни простории кои ќе бидат означени како гардероби за уметничките групи.

Опремата во диско клубот на отворен простор е во согласност со став 4 од овој член.

Објектот треба да има обезбедено и помошни излези и тоа најмалку по еден за капацитет од 200 посетители. Овој вид на објект после 01:00 часот може да користи музика со максимално дозволено ниво на бучава до 35 децибели.

**Киоск**

Член 32

Во киоскот во кој се врши послужување преку шалтер, треба да има фрижидер, затворен долап за чување на прехранбени производи и прибор за работа, работна маса и мијалник со бојлер уредно приклучен на водоводна и канализациона мрежа.

Во киоскот можат да бидат поставени еден или повеќе од следните уреди: скара или ражен, тостер и соодветни садови за приготвување виршли, помфрит и сл. Во киоскот треба да бидат обезбедени уреди за одвод на чад и уреди за проветрување на објектот.

**Подвижни објекти**

Член 33

Конфекционирани угостителски услуги се даваат во подвижни објекти кои имаат најмалку 3 $м^2$ површина и 1,90 м височина од подот до таванот.

Објектот треба да има фрижидер, затворен долап за чување на прехранбени производи, прибор за работа и соодветно место за чување на приборот, работна маса и пулт за послужување, мијалник со бојлер и подот во објектот да биде од материјал кој лесно се чисти.

Објектот треба да има природно или вештачко осветлување, проветрување, а снабдувањето со вода и исфрлањето на отпадните материи, односно снабдувањето со електрична енергија треба да биде во согласност со член 6 и 7 од овој правилник.

**Пловни објекти**

Член 34

Просторијата за давање на услуги за исхрана во пловните објекти треба да ги исполнува условите од член 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 13, 14, 15, 19, 20, 21, 22, 23, 24 и 25 од овој правилник.

Висината на просторијата од став 1 на овој член треба да изнесува најмалку 2,2 м, а површината на просторијата да изнесува најмалку 20 $м^2$.

III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 35

Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за минималните технички услови за вршење на угостителската и туристичката дејност и условите за категоризација на објектите на туристичката понуда („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/95; 19/96; 38/97; 57/97 и 41/2004).

Член 36

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 13-952/1 Министер,
3 февруари 2006 година м-р **Фатмир Бесими,** с.р.
Скопје

---

**216.**

Врз основа на член 9 од Законот за угостителска дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 62/2004), министерот за економија донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА УСЛОВИ ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат условите за категоризација на објектите за вршење на угостителската дејност.

Член 2

Објектите за вршење на угостителската дејност се распоредуваат во категории во зависност од уредувањето, опремата и квалитетот на услугите.

Категориите се означуваат со број на ѕвездички.

Распоредувањето на објектите за вршење на угостителска дејност во категории и означувањето на категории се врши на следниот начин:

1. Хотели (хотели, мотел и пансиони) во прва, втора, трета, четврта и петта категорија, со број на ѕвездички пет, четири, три, две и една.

2. Хотелски населби во прва, втора и трета категорија со број на ѕвездички три (висок комфорт), две (комфорт) и една (стандард).

3. Туристички апартмани во втора, трета и четврта категорија со број на ѕвездички четири, три, две и една. Туристичките апартмани од прва категорија означени со пет ѕвездички се нарекуваат туристички резиденции.

4. Кампови во прва, втора, трета и четврта категорија со број на ѕвездички четири, три, две и една.

5. Куќи, станови и соби за издавање во прва и втора категорија со број на ѕвездички две (комфорт) и една (стандард).

6. Ресторани во прва, втора, трета и четврта категорија со број на ѕвездички четири, три, две и една.

Член 3

Категоризацијата на објектите се спроведува одделно за секој објект. Блоковите и целините на објектите ја имаат истата категорија.

Депандансите имаат иста категорија како и хотелот на кој припаѓаат.

Депандансите со 4 и 5 ѕвездички треба да даваат и услуги на појадок во објектот.

Член 4

При категоризацијата можат да бидат одобрени соодветни отстапувања ако помалку од 10% од критериумите кои се бараат за соодветна категорија не се исполнети и ако Комисијата за категоризација на угостителски објекти согласно член 28 од Законот за угостителска дејност одлучи дека отстапувањата не влијаат на квалитетот на услугите за бараната категорија од страна на апликантот.

Член 5

Елементите за категоризација се дадени во прилозите кои се составен дел на овој правилник и тоа:

1. Прилог I Категоризација на хотели (хотели, пансиони и мотели);

2. Прилог II Категоризација на туристички апартмани и резиденции;

3. Прилог III Категоризација на кампови;

4. Прилог IV Категоризација на куќи, станови и соби за издавање;

5. Прилог V Категоризација на ресторани;

6. Прилог VI Изглед и големина на плочката со називот и категоријата на објектот.

Член 6

Категоризацијата на хотелските населби се врши во согласност со Прилог I Категоризација на хотели (хотели, пансиони и мотели) и тоа на следниот начин:

- Хотелските населби кои ги исполнуваат критериумите за една и две ѕвезди ќе бидат означени со *Стандард.*
- Хотелските населби кои ги исполнуваат критериумите за три ѕвезди ќе бидат означени со *Комфорт.*
- Хотелските населби кои ги исполнуваат критериумите за четири и пет ѕвезди ќе бидат означени со *Висок комфорт.*

Член 7

Категоријата на објектот со називот се испишува на плочката која треба да биде истакната на видливо место при влезот во објектот, односно куќата, станот за одмор и собата за издавање.

Вршителите на угостителската дејност, односно граѓаните кои вршат услуги за сместување и исхрана во куќи, станови за одмор и соби за издавање, во своите ценовници, пропагандни и други материјали, треба да назначат соодветен број на ѕвездички за категоријата на објектот во која се распоредени.

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 13-954/1 Министер,
3 февруари 2006 година м-р **Фатмир Бесими,** с.р.
Скопје

# ПРИЛОГ I

## Категоризација на хотели (од 1* – 5*)
### мотели и пансиони ( од 1*- 3* )

| Ред. бр. | Назив | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| I. | **УРЕДУВАЊЕ И ОПРЕМА** | | | | | |
| | **1. Големина на објектот** | | | | | |
| | 1.1. Најмалку соби | 5 | 7 | 10 | 10 | 10 |
| | **2. Влезови** | | | | | |
| | 2.1. Приод за возила и пешаци | x | x | x | x | x |
| | 2.2. Покриен главен влез за гости | x | x | x | x | x |
| | 2.3. Приод за инвалиди – можен и за инвалидски колички[1] – обврска само за новоизградени објекти со капацитет од 50 и повеќе соби. | x | x | x | x | x |
| | 2.4. Посебен влез за персоналот и стока | | | | x | x |
| | **3. Приемен хол со рецепција, портирница и информации** | | | | | |
| | 3.1. Најмалку - $м^2$ површина, зголемена за - $м^2$ по соба, за објекти со повеќе од 20 соби. | $7м^2$ | $9м^2$ +$0,3м^2$/ за соба | $15м^2$ + $0,3м^2$/ за соба | $20м^2$ + $0,5м^2$/ за соба | $20м^2$ + $0,5м^2$/ за соба |

[1] Во заедничките простории постојат посебни помагала како што се: рампи, автоматски врати, држалки, прекинувачи на пониска височина.

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3.2. Столови или фотељи за седење со масички, со можност за разместување (за групи гости или индивидуални гости) | | | x | x | x |
| | 3.3. Можност за привремено сместување на багажот на гостите | | | x | x | x |
| | 3.4. Ѕвонче за повикување | x | x | x | x | x |
| | 3.5. Бар (аперитив бар) во приемниот хол или во непосредната близина) | | | x | x | x |
| | 3.6. Пулт за носачите на багаж | | | | x | x |
| | 3.7. Додатни можности (изнајмување на возила – рент-а кар служба; резервации на влезници за театри, спортски приредби и друго; резервации врзани за патувања; располагање и давање на локални информации; поштенски услуги; компјутеризација на рецепциското работење; познавање на наклоностите на гостинот (она што гостинот го сака или не сака) | | | Две дополнителни услуги | Најмалку три дополнителни услуги | Најмалку три дополнителни услуги |
| | 3.8. Прифаќање на кредитни картички од најмалку две водечки фирми. | | | x | x | x |
| | **4. Лифтови – доволен број на лифтови – во објектите со повеќе од 40 соби, најмалку 2 лифта** | | | | | |
| | 4.1. Во објекти со 4 нивоа (триката и повеќе) | | x | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 4.2. Во објекти со 3 нивоа (два ката и повеќе) | | | x | | |
| | 4.3. Во објекти со 2 нивоа (еден кат и повеќе) | | | | x | x |
| | **5. Простории за гости и простор за послужување**[2] | | | | | |
| | 5.1.<br>а.) Просториите за послужување може да се користат за послужување и престој на гостите, | x | x | | | |
| | б.) Посебен простор за послужување на храна и пијалоци. | | | x | x | x |
| | 5.2. Простории за читање и пишување со маса за пишување, стол и осветление | | | | x | x |
| | **6. Заеднички санитарии – во однос на капацитетот на објектот изразени со бројот на конзумни места во согласност со Правилникот за минимум технички услови за обавување на угостителска дејност** | x | x | x | x | x |
| | **7. Скали и ходници** | | | | | |
| | 7.1. Широчина на главните скали кои ги поврзуваат сите катови и ходници и широчината на ходниците треба да биде најмалку | 1м | 1,10м | 1,30м | 1,40м | 1,50м |
| | 7.2. Ознаки за комуникации | x | x | x | x | x |

[2] Простор за послужување е задолжителен само за објектите кои даваат главни оброци (ручек и вечера).

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **8. Греење** | | | | | |
| | 8.1. Централно или катно греење на сите простории до температура во тие простории од најмалку 19 °C. | x | x | x | | |
| | 8.2. Централно или катно греење на сите простории до температура во тие простории од најмалку 21 °C со можност за регулирање во секоја соба. | | | | x | x |
| | **9. Ладење** | | | | | |
| | 9.1 Во заедничките простории и во 40% од собите. | | | x | | |
| | 9.2. Во заедничките простории и во сите соби. | | | | x | x |
| | **10. Електрично осветление на заедничките простории** | | | | | |
| | 10.1. Скали, ходници и приручни магацини најмалку 5 W/$м^2$ | x | x | x | x | x |
| | 10.2. Заеднички простории најмалку 10 W/$м^2$ | x | x | x | x | x |
| | **11. Телефонски стандард** | | | | | |
| | 11.1. Инсталиран телефон во затворена или звучно изолирана кабина, постојано на располагање на гостите. | x | x | x | x | x |
| | 11.2. Еден телефонски апарат на секој кат (не се однесува на спратови во кои сите соби се опремени со телефонски апарати). | x | x | x | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 11.3. Телефон во собите (интерен, локален и меѓународен телефон). | | 25% | 75% | 100% | 100% |
| | **12. Апари за далечинско комуницирање** | | | | | |
| | 12.1. На располагање телефакс | | | x | x | x |
| | 12.2. Можност за фотокопирање | | | | x | x |
| | 12.3 На располагање интернет приклучок:<br><br>- Во заедничките простории<br><br>- Во сите соби | | | | <br><br>x | <br><br><br><br>x |
| | **13. Сигнални апарати за повикување на персоналот** | | | | | |
| | 13.1. Сигнални апарати за повикување на персоналот во сите соби и бањи, освен во собите од кои е можно по телефон | | x | x | x | x |
| | **14. Сефови за чување скапоцености** | | | | | |
| | 14.1. Сефови или други соодветни можности за депонирање на скапоцености за најмалку (---%) од собите или на рецепција. | | | 30% | 40% | 50% |
| | **15. Паркиралишта или гаражи – само за објекти до кои е можен приод со возила** | | | | | |
| | 15.1. За најмалку (---%) соби, едно возило по соба. | | | 30% | 40% | 50% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **16. Радио и ТВ апарати** | | | | | |
| | 16.1. ТВ апарат и видео во заеднички простории за гости | x | x | | | |
| | 16.2. инсталиран ТВ апарат во сите соби и апартмани | | | x | x | x |
| | **17. Уредување и опремување на собите за гости** | | | | | |
| | 17.1. Минимална површина на собите, не вклучувајќи го прет-просторот, бањата и балконот во $м^2$ [3)] | | | | | |
| | 17.1.1. За еднокреветна соба | 7 $м^2$ | 7 $м^2$ | 9 $м^2$ | 10 $м^2$ | 10 $м^2$ |
| | 17.1.2. За двокреветна соба | 10 $м^2$ | 10 $м^2$ | 12 $м^2$ | 14 $м^2$ | 16 $м^2$ |
| | 17.1.3. За секој дополнителен кревет | +2.5 $м^2$ | +2.5 $м^2$ | +3 $м^2$ | +3,5 $м^2$ | +5 $м^2$ |
| | 17.2. Печатени соопштенија ("Не вознемирувај", "Молам средете ја собата" и друго) | | | x | x | x |
| | 17.3. Детектор за чад | | | | x | x |
| | 17.4. Телефонски именик | | | x | x | x |
| | 17.5. Информации за хотелот – објектот | | | x | x | x |
| | 17.6. Упатство за користење на телефонот (само во собите кои имаат телефон) | | | x | x | x |
| | 17.7. Прибор за пишување | | | x | x | x |
| | 17.8. Прибор за шиење | | | x | x | x |
| | 17.9. Подарок за добредојде | | | | | x |

[3)] Површината на детскиот кревет со димензии 140 x 70 см е вклучена во површината на собата.

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 17.10. Огледало за цело тело | | | x | x | x |
| | **18. Соби за инвалиди (обврска само за новите објекти кои се градат по влегувањето во сила на овој правилник)** | | | | | |
| | 18.1. Објектите со капацитет од 50 соби, треба да имаат најмалку една соба за инвалиди | x | x | x | x | x |
| | 18.2. На секои понатамошни 50 соби, најмалку една соба за инвалиди | x | x | x | x | x |
| | **19. Бањи во состав на собите** | | | | | |
| | 19.1. Процент на соби кои мора да имаат сопствена бања<br><br>- За стари објекти | 40% | 60% | 100%<br><br>90% | 100% | 100% |
| | 19.2. Минимална површина на бањата ( $м^2$ ) | 2,5 | 2,5 | 3 | 3,5 | 4 |
| | 19.3. Туш кабина или лежечка када со постојано проточна топла и студена вода и одвод | x | x | x | x | x |
| | 19.4. Лежечка када со постојано проточна топла и студена вода | | | | | 30% |
| | **20. Услужен простор на катовите** | | | | | |
| | 20.1. Услужен простор на секој кат, опремен со интерфон, мијалник за садови и орманчиња за оставање на средства за чистење | | | | x | x |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **УСЛУГИ** | | | | | |
| | **1. Рецепција – прием и испраќање на гости** | | | | | |
| | 1.1. Во текот на 24 часа службата на рецепција и информации работи (--) часа. | 16 | 16 | 18 | 24 | 24 |
| | 1.5. Персоналот треба да разбира и да зборува странски јазици. | | | 1 | 2 | 2 |
| | **2. Пренесување на багажот на гостите** | | | | | |
| | 2.1. Го врши персоналот на хотелот во текот на 24 часа | 12 | 12 | 16 | 18 | 24 |
| | **3. Услуги на појадок** | | | | | |
| | 3.1. Послужување на појадокот во просторот за послужување | x | x | x | x | x |
| | 3.2. Послужување на појадокот во собите | | | | x | x |
| | Содржина на појадокот: | | | | | |
| | 3.2.1. Континентален појадок. | x | x | x | x | x |
| | 3.2.2. Проширен асортиман (овошен сок, млечни производи, избор на топли и студени јадења од месни производи, јајца, свежо овошје, компоти, можност за диетален појадок, избор на други јадења). | | | x | x | x |
| | 3.3. Време на служење на појадокот. | 2 h | 2 h | 3 h | 4 h | 4 h |
| | **4. Послужување на главни оброци (ручек, вечера), на други јадења, пијалаци и напивки во просториите за послужување** | | | | x | x |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 4.1. Видливо истакнато соопштение за времето на послужување | x | x | x | x | x |
| | 4.2. Послужувањето со соодветен стручен персонал во текот на 16 часа од 24 часа, време на послужување најмалку три часа за секој оброк. | | | | x | x |
| | **5. Послужување на пијалаци и напивки во собите**[6)] | | | | | |
| | 5.1. Собите да се опремени со мини-бар | | | 30% | 80% | 100% |
| | 5.2. Обезбедено послужување од страна на персоналот | | | | 14 часа | Нон-стоп |
| | **6. Служење на храна во собите** | | | | | |
| | 6.1. Послужување во соба со мени или ценовник во секоја соба. | | | | 16 h | 24 h |
| | **7. Изглед на персоналот** | | | | | |
| | 7.1. Задолжителна работна облека за одделни сектори на работење. | | x | x | x | x |
| | 7.2. Различна, соодветна дизајнирана работна облека за одделни сектори на работење | | | | x | x |
| | 7.3. Беџ со името на лицето кое комуницира со гостите | | | x | x | x |
| | **8. Знаење на странски јазици** | | | | | |
| | 8.1. Раководителот (директор, сопственик, управител) на објектот: | | | | | |
| | 8.1.1. Странски јазици | | | 1 | 2 | 2 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 8.2. Персонал кој комуницира со гостите | | | | | |
| | 8.2.1. Странски јазици | | | 1 | 2 | 2 |
| | **9. Менување на постелнина и крпи во собите и бањите** | | | | | |
| | 9.1. Замена на постелнината и крпите при секоја смена на гостите, но најмалку еднаш неделно | x | x | | | |
| | 9.2. Замена на постелнината и крпите два пати неделно за истиот гостин и при секоја смена на гостите. | | | x | | |
| | 9.3 Замена на постелнината три пати неделно за истиот гостин и при секоја смена на гостите. Крпите треба да се менуваат секој ден. | | | | x | |
| | 9.4. Постелнината и крпите треба да се менуваат секој ден. | | | | | x |
| | **10. Чистење и средување на собите** | | | | | |
| | 10.1. Еднаш дневно | x | x | x | x | |
| | 10.2. Еднаш дневно со попладневно поправање | | | | | x |
| | **11. Перење и пеглање на облеката на гостите** | | | | | |
| | 11.1. Перење и пеглање на обле--ката на гостите | | | x | x | x |
| | **12. Чистење на чевли** | | | | | |
| | 12.1. Апарат за чистење чевли на располагање на гостите | | x | x | x | x |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12.2. Чевлите ги чисти персоналот на хотелот | | | | | x |
| | **13. Располагање или продажба на печат** | | | | | |
| | 13.1. Располагање или продажба на дневен и периодичен домашен печат. | | | x | | |
| | 13.2. Располагање или продажба на дневен и периодичен домашен и странски печат. | | | | x | x |
| | **14. Уредувањето и опремувањето** | | | | | |
| | 14.1. Уредувањето и опремата на објектот треба да бидат соодветни на категоријата барана од страна на апликантот.<br>ДА: X<br>НЕ: (...) | | | | | |

# ПРИЛОГ II

**Категоризација на туристички апартмани и туристички резиденции**

| Ред. бр. | Назив | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 Туристички резиденции |
|---|---|---|---|---|---|---|
| I. | **УРЕДУВАЊЕ И ОПРЕМА** | | | | | |
| | **1. Влезови** | | | | | |
| | 1.1. Приод за возила и пешаци | x | x | x | x | x |
| | 1.2. Главен влез за гости – за блокови и целини | x | x | x | x | x |
| | 1.3. Посебен влез за персоналот и стока – за блокови и целини | | | | x | x |
| | 1.4. Уредени интерни комуникации за возила (во целините во кои внатре е можно движење на возила) и за пешаци. Горната површина покриена со асфалт или бетон, комуникациите за возила со доволен простор за разминување | | | x | x | x |
| | 1.5. Ориентационен и ноќе осветлен план со нацртано комуникациско разместување на апартманите покрај влезот – обврска за блокови и целини | x | x | x | x | x |
| | 1.6. Погодности за инвалиди, вклучувајќи и количка[1)] (обврска само за новите објекти со капацитет од 100 и повеќе апартмани) – за блокови и целини | x | x | x | x | x |

[1)] Во заедничките простории и санитарните простори постојат посебни помагала како што се: рампи, автоматски врати, држалки, електропрекинувачи на пониска височина

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2. Приемен хол со рецепција, портирница и информации, се однесува само за блокови и целини** | | | | | |
| | 2.1. Најмалку | Простор од 9 $м^2$ + 0,5 $м^2$ за апартмани, за повеќе од 20 апартмани | Простор од 9 $м^2$ + 0,5 $м^2$ за апартмани, за повеќе од 20 апартмани | Простор од 15 $м^2$ + 0,5 $м^2$ за апартмани, за повеќе од 20 апартмани | Простор од 30 $м^2$ + 0,6 $м^2$ за апартмани, за повеќе од 20 апартмани | Простор од 30 $м^2$ + 0,6 $м^2$ за апартмани, за повеќе од 20 апартмани |
| | 2.2. Столови или фотелја за седење со масички со можност за разместување (за групи гости или индивидуални гости) | | | x | x | x |
| | 2.3. Можност за привремено оставање на багажот на гостите. | | | x | x | x |
| | 2.4. Ѕвонче за повикување | x | x | x | x | x |
| | 2.5. Бар | | | x | x | x |
| | 2.6. Пулт за носачот на багаж | | | | x | x |
| | 2.7. Примање на кредитни картички од најмалку две водечки фирми. | | | x | x | x |
| | **3. Лифтови – доволен број на лифтови – во објекти со повеќе од 40 соби, најмалку 2 лифта – само за блокови и целини** | | | | | |
| | 3.1. Во објекти со 4 нивоа (3 ката и повеќе) | | x | | | |
| | 3.2. Во објекти со 3 нивоа (2 ката и повеќе) | | | x | | |
| | 3.3. Во објекти со 2 нивоа (еден кат и повеќе) | | | | x | x |
| | **4. Скали и ходници** | | | | | |
| | 4.1. Скалите и ходници со најмала широчина | 1,10 м | 1,20 м | 1,30 м | 1,40 м | 1,50 м |
| | 4.2. Комуникациски знаци | x | x | x | x | x |
| | **5. Заеднички санитарии – во однос на капацитетот на објектот изразени со бројот на конзумни места** | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **6. Греење** | | | | | |
| | 6.1. Централно или подно греење на сите простории до температуре од најмалку 19 °C. | x | x | x | | |
| | 6.2. Централно или подно греење на сите простории до температуре од најмалку 21 °C, со можност за регулирање на температурата во секоја соба. | | | | x | x |
| | **7. Ладење** | | | | | |
| | 7.1. Во заедничките простории и во 40% од собите. | | | x | | |
| | 7.2. Во заедничките простории и во сите соби | | | | x | x |
| | **8. Електрично осветление на заедничките простории - само за блокови и целини** | | | | | |
| | 8.1. Скали, ходници и приручни магацини најмалку 5 W/м$^2$ | x | x | x | x | x |
| | 8.2. Заеднички простории (простории за послужување, салони, сали и др.), најмалку 10 W/м$^2$. | x | x | x | x | x |
| | **9. Телефонски стандард – само за блокови и целини** | | | | | |
| | 9.1. Инсталиран телефон во затворена или звучно изолирана кабина во заедничка просторија, постојано на располагање на гостите. | x | x | x | x | x |
| | 9.2. Најмалку еден инсталиран телефон во секој блок | | x | | | |
| | 9.3. Инсталиран телефон во најмалку 75% од апартманите | | | x | | |
| | 9.4. Инсталиран телефон во сите апартмани | | | | x | x |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **10. Апарати за далечинско комуницирање и фотокопирање – се однесува само за блокови и целини** | | | | | |
| | 10.1. Факс на располагање | | | x | x | x |
| | 10.2. Можност за фотокопирање | | | | x | x |
| | 10.3. Интернет приклучок на располагање: | | | | | |
| | - во сите заеднички простории | | | x | | |
| | - во сите апартмани | | | | x | x |
| | **11. Сигнални апарати за повикување на персоналот – само за блокови и целини** | | | | | |
| | 11.1. Сигнален апарат во сите апартмани од кои не е можно повикување по телефон | x | x | x | x | x |
| | **12. Паркиралишта или гаражи[2)] – не се однесува на објекти до кои не е можен пристап со возила** | | | | | |
| | 12.1. За најмалку (--%) од апартманите, едно возило по апартман | 20% | 20% | 40% | 75% | 100% |
| | **13. Сефови за чување на скапоцености – само за блокови и целини** | | | | | |
| | 13.1. Сефови или соодветни можности за депонирање на скапоцености на располагање на гостите | | | | x | x |
| | **14. Радио и ТВ апарати** | | | | | |
| | 14.1. Инсталирано радио и ТВ апарат во заедничките простории за гости | x | x | | | |
| | 14.2. Постојано инсталиран ТВ апарат во сите апартмани | | | x | x | x |

[2)] Во блоковите и целините уредено централно паркиралиште, или паркиралишта внатре во целината, односно покрај сместувачката единица

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **15. Содржина на апартманите** | | | | | |
| | 15.1. Заеднички простор за дневен престој и простор за послужување, посебен кујнски простор, одделни спални соби, бања со ВЦ, во апартмани со повеќе од 4 кревети посебно ВЦ со мијалник. | x | x | x | x | x |
| | **16. Соби за инвалиди – обврска само за новите објекти во блокови и целини** | | | | | |
| | 16.1. Објекти со капацитет од 100 апартмани, најмалку еден апартман | x | x | x | x | x |
| | 16.2. На секои понатамошни 100 апартмани, најмалку еден апартман | x | x | x | x | x |
| | **17. Минимални површини во м$^2$ без претпростор, бањи, лоѓии и балкони**[3)] | | | | | |
| | 17.1. Дневен престој со трпезарија-м$^2$ | 9 | 10 | 12 | 15 | 20 |
| | 17.2. Еднокреветна соба -м$^2$ | 7 | 7 | 9 | 10 | 10 |
| | 17.3. Двокреветна соба-м$^2$ | 10 | 10 | 12 | 14 | 16 |
| | 17.4. За дополнителен кревет -м$^2$ | 3 | 3 | 3,5 | 4,5 | 5 |
| | **18. Уредување и опремување на апартманите** | | | | | |
| | 18.1. Заеднички содржини | | | | | |
| | 18.1.1 Маса за јадење и по еден стол по кревет во сместувачката единица | x | x | x | x | x |
| | 18.1.2. Чаршаф за маса и прекривка, платнени салвети за секое лице | x | x | x | x | x |
| | 18.1.3. Сад за отпадоци со доволна големина за еднодневна потреба. | x | x | x | x | x |
| | 18.1.4. Детектор за чад во заедничките простории и блоковите | | | x | x | x |

3) Површината на детскиот кревет со димензии 140 x 70 см е вклучена во површината на собата.

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 18..1.5. Упатство за користење на телефонот (само во апартмани кои имаат телефон | | | x | x | x |
| | 18.1.6. Информации за објектот – само за блокови и целини | | | x | x | x |
| | 18.1.7. Прибор за шиење | | | | x | x |
| | 18.1.8. Прибор за пишување | | | x | x | x |
| | 18.1.9. Пегла и даска за пеглање | x | x | x | x | x |
| | 18.1.10. Столче за бебе (на барање на гостите) | | | x | x | x |
| | 18.1.11. Машина за перење на алишта (не е задолжителна доколку постои сервис за перење на алишта) | | | | x | x |
| | 18.2. Кујна – кујнски простор | | | | | |
| | 18.2.1. Мијалник со славина за студена и топла вода | x | x | x | x | x |
| | 18.2.2. Доколку има помалку од 6 лица во апартманот:<br>а) грејно тело со најмалку две грејни плочи или пламеници и обезбедена енергија за готвење<br>б) грејно тело со најмалку четири грејни плочи и обезбедена енергија за готвење | x | x | x | x | x |
| | 18.2.3. Орманче за posatки и прибор за јадење | x | x | x | x | x |
| | 18.2.4. Садови за приготвување и конзумирање храна и пијалаци, доволни спрема бројот на лицата кои можат да се сместат во апартманот (најмалку три | x | x | x | x | x |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | чинии – мали чинии, плитки и длабоки, две чаши, гарнитура, прибор за јадење - лажица, вилушка, нож и мала лажица – за секое лице) | | | | | |
| | 18.2.5. Прибор (ножеви и друго) за приготвување храна | x | x | x | x | x |
| | 18.2.6. Постојано доволен број чисти кујнски крпи | x | x | x | x | x |
| | 18.2.7. Сунѓер за миење садови | x | x | x | x | x |
| | 18.2.8. Рерна или скара | x | x | x | x | x |
| | 18.2.9. Микробранова печка | | | | x | x |
| | 18.2.10. Фрижидер | x | x | x | x | x |
| | 18.2.11. Кујнски аспиратор над шпоретот | x | x | x | x | x |
| | 18.2.12. Машина за миење на садови | | | | x | x |
| | 18.2.13. Кујнски апарати (миксер, кафе-мат, исл...) | | | x | x | x |
| | 18.2.14. Соодветен прибор за чистење на апартманот | x | x | x | x | |
| | 18.2.15. Услуга за чистење на апартманот по барање на гостите | | | x | x | |
| | 18.2.16. Послужување во собата | | | | | x |
| | 18.3. Соби – спални соби | x | x | x | x | x |
| | 18.3.1. Детски кревет да може да се стави на барање на гостинот | | | x | x | x |
| | 18.4. Бањи | | | | | |
| | 18.4.1. Минимална површина на бањата во $м^2$ | 2,5 | 2,5 | 3 | 4 | 4,5 |
| | 18.4.2. Туш кабина или када со постојано на располагање топла и студена вода и одвод | x | x | x | x | x |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 18.4.3. Лежечка када со постојано на располагање топла и студена вода | | | | | 30% |
| | **19. Трговија, снабдување со прехранбени продукти и други потреби – обврска само за блокови и целини** | | | | | |
| | 19.1. Внатре во објектот (блок или целина) да има продавница за продажба на прехранбени продукти (леб, млеко и млечни производи, месо и месни производи), пијалаци (вино, пиво, жестоки пијалаци, минерална вода, сокови, безалкохолни пијалаци и др.), како и дневни потреби (весници, поштенски марки и разгледници, средства за перење, чистење и лична хигиена, средства за заштита од сонце, тутунски преработки, карти, водичи и друго), ако на оддалеченост од 500 од објектот нема објекти кои ги нудат овие услуги | x | x | | | |
| | 19.2. Внатре во објектот (блок или целина) да има продавница за продажба на прехранбени продукти (леб, млеко и млечни производи, месо и месни производи), пијалаци (вино, пиво, жестоки пијалаци, минерална вода, сокови, безалкохолни пијалаци и др.), како и дневни потреби (весници, поштенски марки и разгледници, средства за перење, чистење и лична хигиена, средства за заштита од сонце, тутунски преработки, карти, водичи и друго). | | | x | x | x |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **УСЛУГИ** | | | | | |
| | **1. Рецепција – прием и испраќање на гостите** | | | | | |
| | 1.1. Во текот на 24 часа службата на рецепција и информации работи најмалку (--) часа. | 16 | 16 | 18 | 24 | 24 |
| | 1.2. Персоналот треба да зборува и разбира (-) странски јазици | | | 1 | 2 | 2 |
| | **2. Пренесување на багажот на гостите – само за блокови и целини** | | | | | x |
| | **3. Доколку се нудат услуги на појадок и служење на храна и пијалоци мора да се пружаат во согласност со одредбите од Прилог I (Категоризација на хотели)** | x | x | x | x | x |
| | **4. Знаење на странски јазици** | | | | | |
| | 4.1.Раководителот (директор, управник, работоводител, сопственик,) на објектот | | | 1 | 2 | 2 |
| | 4.2. Персоналот кој комуницира со гостите | | | 1 | 2 | 2 |
| | **5. Изглед на персоналот** | | | | | |
| | 5.1. Задолжителна работна облека за одделни сектори на работење. | | x | x | x | x |
| | 5.2. Различна соодветно дизајнирана работна облека за одделни сектори на работење | | | | x | x |
| | 5.3. Беџ со името на лицето кое комуницира со гостите | | | x | x | x |
| | **6. Менување на крпи и постелнина во собите и бањите** | | | | | |
| | 6.1. Менување на постелнина (чаршафи и навлаки за перници) и крпи при секоја смена на гостите и најмалку еднаш неделно | x | x | | | |
| | 6.2. Менување на постелнина (чаршафи и навлаки за перници) и крпи два пати неделно за истиот гостин и по секоја промена на гостите | | | x | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 6.3. Менување на постелнина (чаршафи и навлаки за перници) три пати неделно за истиот гостин и по секоја промена на гостите. Крпите треба да се менуваат секој ден | | | | x | x |
| | **7. Менување на чаршафи за маса и салфети** | | | | | |
| | 7.1. Во апартманите | | | | | |
| | 7.1.1. Постојано менување на нечистите чаршафи и салвети со чисти | x | x | x | | |
| | 7.1.2. Чаршафот, прекривката и платнената салвета секој ден | | | | x | x |
| | **8. Чистење и суредување на просториите** | | | | | |
| | 8.1. После секоја смена на гостите | x | x | x | x | x |
| | 8.2. Еднаш неделно | | | x | x | x |
| | **9. Перење и пеглање на алиштата на гостите – само за блокови и целини** | | | | | |
| | 9.1. Перење и пеглање на алишта на гостите | | | x | x | x |
| | **10. Чистење на чевли – само за блокови и целини** | | | | | |
| | 10.1. Апарат за чистење на располагање на гостите | | x | x | x | x |
| | **11. Објекти за спорт и рекреација (тениски игралишта, базен, џакузи, фитнесс центар, исл.....)** | | | | | x |
| | **12. Квалитет на уредувањето и опремата** | | | | | |
| | 12.1. Уредувањето и опремата на објектот треба да биде соодветно на бараната категорија<br><br>ДА: x<br><br>НЕ: x | | | | | |

# ПРИЛОГ III

## Категоризација на кампови ( ОД 1* - 4* )

| Ред. бр. | Назив | 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|---|---|
| I. | **УРЕДУВАЊЕ И ОПРЕМА** | | | | |
| | **1. Приод и сообраќајна поврзаност** | | | | |
| | 1.1. Патна поврзаност со регионални и магистрални сообраќајници | x | x | x | x |
| | 1.2. Нормален приод за возила и пешаци, така изведен како би се избегнале сообраќајни несреќи при влегувањето и излегувањето на возилата | x | x | x | x |
| | 1.3. Камповите со капацитет за повеќе од 300 гости мора да имаат уреден простор за чекање, со нето површина од најмалку 200 $m^2$ | x | x | x | x |
| | **2. Влез во кампот, прием и заминување на гостите** | | | | |
| | 2.1. Кампот може да има само еден (главен) влез | x | x | x | x |
| | 2.2. На влезот во кампот мора да има рампа, која се дига и спушта | x | x | x | x |
| | 2.3. На влезот во кампот мора видливо да биде истакнат називот и категоријата на кампот. Натписот мора да биде добро видлив, премачкан со светликав материјал или ноќе да биде осветлен. | x | x | x | x |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2.4. Влезот во кампот ноќе мора да биде осветлен. | **x** | **x** | **x** | **x** |
| | 2.5. Кампoвите со капацитет за повеќе од 300 гости, на влезот мора да имаат доволно голем, уочлив, прегледен и ноќе осветлен ориентационен план со нацртани комуникации (за возила и пешаци), разместеност и ознака на објектите, како и со броеви означени камп единици. | x | x | x | x |
| | 2.5.1. Осветлен ориентационен план на кампот со обележени слободни места. | | | | x |
| | 2.6. Во непосредна близина на влезот кампот мора да има: | | | | |
| | 2.6.1. Просторија за прием и заминување на гостите | x | x | | |
| | 2.6.2. Рецепција со простор за чекање, опрема со гарнитура за седење (масичка со две полуфотељи или фотељи), пепелник, корпа за отпадоци. | | | x | x |
| | 2.6.3. Служба за информации. | | | x | x |
| | 2.6.4. Поштенско сандаче за писма и разгледници | x | x | x | x |
| | 2.6.5. Инсталиран телефон во затворена или звучно изолирана кабина | | x | x | x |
| | **3. Терен, уреденост на просторот во кампот** | | | | |
| | 3.1. Теренот за кампирање да биде што е можно порамен, долните слоеви да овозможуваат брзо истекување на водата после дожд. | x | x | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 3.2. Хоризонталните површини покриени со трева, долните слоеви да овозможуваат брзо истекување на водата после дожд. | | | x | x |
| | 3.3. Природна или вештачка ограда околу целиот камп, која ќе спречува неконтролирано влегување во кампот. | x | x | x | x |
| | 3.4. Кампот да биде природно добро озеленет со високи дрвја или хортикултурно добро уреден, кои ќе даваат пријатна ладовина и амбиент. | | | x | x |
| | 3.5. Интерни комуникации кои овозможуваат пристап на возила и пешаци до просторот за кампирање и до камп-единиците | x | x | x | x |
| | 3.6. Еднонасочни улици за возила внатре во кампот, со најмала широчина од 2,5 м со доволен простор за разминување на возилата | x | x | x | x |
| | 3.7. Горниот слој на улиците за возила да биде така изведен да спречува создавање прашина и кали да овозможува чистење. | x | x | | |
| | 3.8. Горниот слој на улиците за возила да асфалтиран. | | | x | x |
| | **4. Простор за кампирање** | | | | |
| | 4.1. Во кампот се издава простор за кампирање или камп единица, кој служи за поставување на опремата за кампирање (шатор, камп-приколка, маса, столови, лежалки и др.), како и за сместување на возилото, ако не е обезбедено посебно паркиралиште. | x | x | x | x |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 4.2. Подготвен и уреден простор за кампирање, исчистен од камења, корења и друг материјал, кој пречи за негово нормално користење. | x | x | x | x |
| | 4.3. Минималната површина на просторот за кампирање по еден гостин (кампер) да изнесува: | 15 $м^2$ | 17 $м^2$ | 20 $м^2$ | 25 $м^2$ |
| | 4.4. Минималната површина на камп единицата да изнесува: | 60 $м^2$ | 80 $м^2$ | 100 $м^2$ | 130 $м^2$ |
| | 4.5. Секоја камп единица да е обележена и означена со број кој одговара на бројот на ориентациониот план. | x | x | x | x |
| | 4.6. Сите камп единици да бидат заградени со зеленило. | | | | x |
| | 4.7. Процентот на просторот за кампирање, односно камп единиците, кои треба да имаат можност за приклучување на електрична енергија, да изнесува: | | 20% | 50% | 80% |
| | **5. Снабдување со вода** | | | x | x |
| | 5.1. Приклучок на јавен водовод или на друг начин постојано обезбедена доволна количина на хигиенски исправна вода за пиење, перење и одржување на хигиената. | x | x | x | x |
| | 5.2. Минималната количина на вода по еден гостин (кампер):(литри на ден) | 100 л/ден | 100 л/ден | 120 л/ден | 150 л/ден |
| | 5.3. По една славина на секои 25 гости рамномерно распоредени по целиот камп | | | | x |
| | 5.4. Беспрекорен проток на вода на сите изливни места. | x | x | x | x |
| | **6. Хигиена – ред и чистота** | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 6.1. Беспрекорно отстранување на фекалните материи и отпадните води. | x | x | x | x |
| | 6.2. Собирање и одвод на течните отпадни материи преку затворен канал до уредите за собирање и конечно испуштање во теренот или природните текови. | x | x | x | x |
| | 6.3. Испуштањето на отпадните води да биде така уредено да се исклучи можноста од механичко или бактериолошко загадување. | x | x | x | x |
| | 6.4. Садови или уреди за празнење на хемиските ВЦ-иња. | x | x | x | x |
| | 6.4.1. Еден на (број) приколки | 100 | 100 | 50 | 50 |
| | 6.5. Садови за отпадоци со капак, доволно цврсти, рационално распоредени и дискретно поставени во кампот, со најмала зафатнина од 4 $дм^3$ дневно по гостин. | x | x | x | x |
| | **7. Заштита во кампот** | | | | |
| | 7.1. Постојано да има на располагање средства за давање прва помош (завои, лекови и друго). | x | x | x | x |
| | 7.2. Кампoвите покрај водени површини треба да имаат уреди и опрема за спасување и видливо истакнати упатства за давање помош на давеници. | x | x | x | x |
| | 7.3. Доволен број апарати за гаснење пожар, со упатство за употреба на најмалку два јазика, рационално распоредени во кампот, поставени на лесно видливи и достапни места. | x | x | x | x |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **8. Снабдување со електрична енергија** | | | | |
| | 8.1. Кампот мора да биде приклучен на јавна електрична мрежа или на друг начин (сопствен агрегат и друго) да се обезбеди доволна количина електрична енергија за нормално функционирање на инсталациите и апаратите во кампот. | x | x | x | x |
| | 8.2. Сите простории во цврстите објекти, кои гостите заеднички ги користат (влез, рецепција, санитарни јазли и друго) мора да имаат електрично осветление. | x | x | x | x |
| | 8.3. Ниско поставени ориентациони светилки на сите главни сообраќајници за возила и патеките кои санитарните јазли во кампот. | x | x | x | x |
| | 8.4. Санитарните јазли ноќе да бидат осветлени. | x | x | x | x |
| | **9. Санитарии**[1)] | | | | |
| | 9.1. Мијалници | x | x | x | x |
| | 9.1.1. По еден мијалник на секои (број) гости од ист пол. | 20 | 20 | 20 | 10 |
| | 9.1.2. Огледало покрај мијалникот, полица за тоалетен прибор и четка за чистење | | x | x | x |
| | 9.1.3. Славина со топла и студена вода | | | x | x |
| | 9.1.4. Оддалеченоста на просторот за кампирање, односно камп единицата, од мијалникот може да изнесува најмногу (--) метри. | | | 200 m | 200 m |

[1)] Не се однесува на гостите кои користат цврсти објекти во кампот, а кои имаат сопствени санитарии.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 9.1.5. Растојанието помеѓу мијалниците да изнесува најмалку 90 см, мијалниците да бидат одделени со прегради, подот и ѕидовите до височина 1,6 м да бидат обложени со рамни плочи или друг материјал кој лесно се чисти.<br>- мијалниците да бидат одделени со преграда. | | | x | x |
| | 9.1.6. Најмалку еден шуко приклучок за електрични апарати покрај мијалникот, со спиака за напонот на струјата, на секои: | | 50 гости | 40 гости | 30 гости |
| | 9.1.7. Растојанието меѓу приклучоците да изнесува најмалку: | | 75 см | 75 см | 75 см |
| | 9.2. Тушеви | | | | |
| | 9.2.1. Најмалку една затворена туш кабина на секои: | 50 гости | 50 гости | 40 гости | 30 гости |
| | 9.2.2. Постојано на располагање студена вода | x | x | x | x |
| | 9.2.3. Туш кабините да имаат топла вода најмалку | | | 50% | 100% |
| | 9.2.4. Одделни туш кабини за мажи и за жени | x | x | x | x |
| | 9.2.5. Подот и ѕидовите до височина од (–) м да се обложени со плочки<br>- подот и ѕидовите да се погодни за одржување | x | x | 1,6 m | 1,8 m |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 9.2.6. Вратата од туш кабината да се заклучува или да има резе од внатрешната страна | | | x | x |
| | - вратата од туш кабината да се затвора илои завеса од непровирен материјал | x | x | | |
| | 9.2.7. Претпростор или посебна кабина за пресоблекување пред туш кабината, опремен со клупа за седење, огледало, полица за оставање и закачалка (за облека и крпи). | | | x | x |
| | 9.3. ВЦ-иња | | | | |
| | | | | | |
| | 9.3.1. Просториите и просторите во кои се сместени ВЦ-ињата да се доволно пространи со можност за ефикасно природно проветрување во затворени или покриени објекти, ноќе да бидат осветлени. Подовите и ѕидовите да се обележени со плочки или друг материјал кој лесно се чисти. | x | x | x | x |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 9.3.2. Одделни ВЦ-иња за мажи и за жени | x | x | x | x |
| | 9.3.3. Едно ВЦ за мажи на секои (–) гости | 30 | 30 | 30 | 20 |
| | 9.3.4. Едно ВЦ за жени на секои (–) гости | 20 | 20 | 20 | 15 |
| | 9.3.5. Најмногу 25% од ВЦ-ињата за мажи може да се заменат со двоен број на писоари | x | x | x | x |
| | 9.3.6. Писоарите сместени во ист простор со ВЦ-ињата за мажи или во одвоен простор заштитени од погледи од надвор | x | x | x | x |
| | 9.3.7. Сите ВЦ-иња да имаат вода за промивање | x | x | x | x |
| | 9.3.8. Задолжително школка за ВЦ (т.н. англиско ВЦ) со штица за седење која лесно се чисти | | | | x |
| | 9.3.8. Вратата на кабината од ВЦ-то да може да се заклучува од внатрешната страна. | x | x | x | x |
| | 9.4. Мијалници за нозе | | | | |
| | 9.4.1. Корито за миење нозе со топла и студена вода во затворен или покриен простор, најмалку по едно во секоја група на кабини за туширање. | | | x | x |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | - славина со студена вода за миење нозе поставена на височина најмалку 50см од подот - најмалку една | x | x | | |
| | **10. Услуги на храна и пијалаци** | | | | |
| | 10.1. Во кампови со капацитет за повеќе од 150 гости да е обезбедено давање услуги на храна и пијалаци, ако на оддалеченост најмногу до 500 метри од кампот нема угостителски објект во кој се даваат тие услуги. | x | x | x | x |
| | 10.2. Објектите во кои се даваат услуги на храна и пијалаци, мора да ги исполнуваат условите пропишани за тој вид и категорија на објектот. | x | x | x | x |
| | **11. Трговија, снабдување со прехранбени продукти и други потреби** | | | | |
| | 11.1. Во кампот да има продавници за продажба на прехранбени продукти (леб, млеко и млечни производи, месо и месни производи и друго), пијалаци (пиво, вино, минерална вода и др.), дневни потреби (весници, поштенски марки и разгледници, автокарти и водичи, тутунски производи, средства за лична хигиена, перење и чистење, средства за заштита од сонце и др.). | | | | x |
| | 11.2. Обезбедено снабдување (можност за купување) на прехрамбени продукти и дневни потреби во кампот или неговата непосредна близина (во пречник до најмногу 500 м) | | x | x | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **12. Простор за приготвување и конзумирање на храна** | | | | |
| | 12.1. Уреден и опремен покриен простор за приготвување и конзумирање на храна | | x | x | x |
| | 12.2. Уредено место[2)] (грил, скара, огниште и слично) за приготвување на храна. | x | x | x | x |
| | 12.3. Едно електрично или плинско решо со постојано обезбедена енергија за готвење за секои (--) гости | | 100 | 75 | 75 |
| | 12.4. Кујнски маси со рамна површина од материјал кој не рѓосува и со меѓусебно одвоени прегради. | | | | x |
| | 12.5. Можност за полнење на плински шишиња. | | | | x |
| | 12.6. Сад за отпадоци | | x | x | x |
| | **13. Апарати за ладење – фрижидери касети** | | | | |
| | 13.1. Фрижидери со прегради или комори за ладење, во кои гостите со надоместок можат да чуваат прехранбени продукти и пијалаци, со најмала зафатнина од 15 дм³ на 100 гости | x | x | x | x |
| | **14. Услови за гостите** | | | | |
| | 14.1. Перење и пеглање на долна облека и алишта | | x | x | x |
| | 14.1.1. Покриен простор за перење алишта | | x | x | x |
| | 14.1.2. Корито за перење алишта со материјал кој не рѓосува со | | | | x |

[2)] Места на кои се пали оган мора да бидат така уредени како би се избегнала опасност од пожар.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | топла и студена вода, покрај коритото да има маса.<br>- корито за перење алишта со топла и студена вода најмалку едно на 50 гости.<br>- Едно корито за перење алишта на 100 гости | | x | x | |
| | 14.1.3. Маси за пеглање и пегли на располагање на гостите | | | x | x |
| | 14.2. Миење на посатки | | | | |
| | 14.2.1. Садови за миење на посатки со топла и студена вода, еден на секои:<br>- садови за миење на посатки еден на секои (--) гости | | x | 50 гости | 25 гости |
| | 14.3. Миење на автомобили | | | | h |
| | 14.3.1. Бетониран простор[3)] за миење на автомобили со протечна вода, славина со приклучно црево со должина од најмалку 8 м и канал за одвод на водата | | | x | x |

[3)] Димензиите на просторот треба да изнесуваат најмалку 4 x 6 м.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 14.4. Детска градинка со организирано чување на деца, обезбедена можност за загревање | | | | x |
| | **УСЛУГИ** | | | | |
| | **1. Чуварска служба, прием и испраќање на гостите, менувачница и услуги со телефон** | | | | |
| | 1.1. Обезбедена постојана контрола на влегување на влезот во кампот | x | x | x | x |
| | 1.2. Обезбедена ноќна и дневна чуварска служба во кампот | x | x | x | x |
| | 1.3. Рецепција – прием и испраќање на гостите, службата за информации, прием и доставување на пошта работи 24 часа дневно | 12/24 | 12/24 | 16/24 | 24 |
| | 1.5. Услуги со телефон можни (--) часа во текот на 24 часа видливо истакнато соопштение за работното време. | | 12 | 16 | 24 |
| | 1.6. Интернет приклучок на располагање во рецепцијата или во другите заеднички просторија | | | | x |
| | **2. Простори за кампирање** | | | | |
| | 2.1. Чистење и уредување на просторот за кампирање и камп единиците после секоја смена на гостите. | x | x | x | x |
| | 2.2. Редовно чистење и примерно одржување на просторот за паркирање и комуникациите во кампот | x | x | x | x |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2.3. Редовно празнење или замена на садовите за отпадоци, најмалку еднаш дневно | x | x | x | x |
| | 2.4. Редовно собирање и изнесување на отпадоците и другиот смет, на за тоа определено место надвор од кампот | x | x | x | X |
| | **3. Заштита на гостите во кампот** | | | | |
| | 3.1. Постојан надзор и брзо известување на надлежните органи за појава на заразни болести во кампот. | x | x | x | x |
| II. | 3.2. Медицинска сестра на служба во кампот во текот на 16 часа од 24 часа, обезбедено доаѓање на лекар во определено време, соопштение за времето на ординирање. | | | | x |
| | - Најмалку едно лице кое работи во кампот да биде оспособено за давање на прва помош, да има медицинска сестра на служба во текот на 10 часа од 24 часа и соопштение за работното време. | | | x | |
| | - Најмалку едно лице кое работи во кампот да биде оспособено за давање на прва помош, во камповите со капацитет за повеќе од 150 гости | | x | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **4. Одржување на инсталациите и апаратите** | | | | |
| | 4.1. Обезбедено одржување на инсталациите и апаратите во кампот за нивно нормално функционирање | x | x | x | x |
| | 4.2. Најмалку едно лице стручно да биде оспособено за користење на електричните инсталации и изведување на приклучоци за струја и контрола на тие приклучоци. | | | x | x |
| | **5. Одржување на санитарните простори и апарати** | | | | |
| | 5.1. Редовно чистење и дезинфенцика на санитарните простори и апарати. | x | x | x | x |
| | 5.2. Најмалку едно лице да биде постојано задолжено за санитарните простории. | x | x | x | x |
| | **6. Знаење на странски јазици и изглед на персоналот** | x | x | x | x |
| | 6.1. Раководителот на кампот добро да знае странски јазик, а персоналот кој работи на прием и испраќање на гостите со добро знаење на два странски јазици, а персоналот кој работи во менувачница дв странски јазика. | | | Еден странски језик | Два странски јазици |
| | 6.2. Персоналот кој работи во кампот, освен раководителот (директорот) на кампот, за време додека е на работа да биде облечен во работна облека (работна униформа) | | | x | x |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **7. Услуги во трговија** | | | | |
| | 7.1. Продавниците во кампот работат (--) часа од 24 часа, видливо истакнато соопштение за ра ботното време. Персоналот да знае два странски јазика. | | 12/24 | 12/24 | 16/24 |
| | **8. Услови за гостите и анимирање и забава** | | | | x |
| | **9. Можност за чување на скапоцености на гостите во рамките на рецепцијата** | | | | x |
| | | | | | |

## ПРИЛОГ IV

**Категоризација на куќи, станови за одмор и соби за издавање - стандард и комфорт**

| Ред. бр. | Назив | 1 (Стандард) | 2 (Комфорт) |
|---|---|---|---|
| 1. | **УРЕДУВАЊЕ И ОПРЕМА** | | |
| | **1. Приод и влезови** | | |
| | 1.1. Приод за пешаци | x | x |
| | 1.2. Приод за возила, освен каде нема можност за приод на возила | x | x |
| | 1.3. Посебен влез во куќа, стан или соба<br><br>- Влез во куќа, стан или соба | x | <br><br>x |
| | **3. Греење – не се однесува на простории кои се користат само во летната сезона** | | |
| | 3.1.Обезбедено греење на сите простории до температура на воздухот во нив од 20 $C^0$. | 19 $C^0$ | 20 $C^0$ |
| | **4. Електрично осветление** | | |
| | 4.1. Скалите и ходниците 5 W/$м^2$ | x | x |
| | 4.2. Просториите за дневен престој најмалку 10 W/$м^2$ | x | x |
| | 4.3. Светлосна ламба покрај секој кревет со јачина на светлината од најмалку 7,5 W/$м^2$ | x | x |
| | 4.4. Осветление на санитарните простории со најмалку 10 W/$м^2$ | x | x |
| | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **5. Телефон** | | |
| | 5.1. За собите за издавање: | | |
| | 5.1.1. Можност за користење на телефон во иста куќа, односно стан | x | |
| | 5.1.2. Можност за користење на телефон во гостинската соба | | x |
| | 5.2. За станови и куќи | x | x |
| | **6. Паркиралишта и гаражи – не се однесува на објекти до кои не е можен пристап со возила** | | |
| | 6.1. Паркиралиште покрај куќа или стан, или во непосредна близина за едно возило по куќа, стан или оба кои се издаваат | | x |
| | **7. Радио и ТВ - апарати** | | |
| | 7.1. Инсталиран радио и ТВ апарат во куќа, стан или соба кои се издаваат | | x |
| | **8. Намена на просториите** | | |
| | 8.1. Соби за издавање. | | |
| | 8.1.1. Спална соба со посебна бања со ВЦ во рамките на собата | | x |
| | 8.2. Куќи и станови за одмор | x | x |
| | 8.2.1. Влезен хол | | x |
| | 8.2.2. - заеднички простор за дневен престој, простор за послужување и кујнски дел, посебен спален дел (една или повеќе простории), посебна бања со ВЦ | x | |
| | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - Заеднички дневен престој и простор за послужување, посебен кујнски простор, посебни спални соби и бања со ВЦ. Во куќите и становите за одмор со повеќе од 4 кревети, за гостите да има посебно ВЦ со претпростор и мијалник. | | x |
| | **9. Минимални површини на просториите во $м^2$** | | |
| | 9.1. Спални соби | | |
| | 9.1.1. Еднокреветна соба | 6 | 7 |
| | 9.1.2. Двокреветна соба | 9 | 10 |
| | 9.2. Бања со ВЦ | 2,5 | 3 |
| | 9.3. Претпростор со мијалник | 1 | 1 |
| | 9.4. Влезен хол | 1,2 | 1,3 |
| | 9.5. Дневен престој со простор за послужување и кујнски простор | 9 | 11 |
| | **11. Опремување на просториите** | | |
| | **11.1. Спални соби - во согласност со Правилникот за минимум технички услови за обавување на угостителска дејност** | x | x |
| | **11.2. Кујна - доколку има - во согласност со Правилникот за минимум технички услови за обавување на угостителска дејност** | x | x |
| | 11.2.1. Фрижидер со капацитет соодветен на бројот на кревети | x | x |
| | 11.2.2. Шпорет или скара | x | x |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 11.2.3. Кујнски апарати | | x |
| | 11.2.4. Машина за перење на алиште | | x |
| II. | **УСЛУГИ** | | |
| | **1. Чистење и сuредување на просториите** | | |
| | 1.1. После секоја смена на гостите | x | x |
| | 1.2. Еднаш неделно<br><br>- два пати неделно, | x | <br><br>x |
| | **2. Менување на постелнината и крпите во собите и бањите** | | |
| | 2.1. Замена на постелнината (чаршафи и навлаки) и крпи после секоја смена на гостите | x | x |
| | 2.2. Постелнината два пати неделно, а крпите секој ден<br><br>- постелнината еднаш, а крпите три пати неделно<br><br>- постелнината еднаш, а крпите два пати неделно | <br><br><br><br>x | x<br><br>x |
| | **3. Менување на чаршафи за маса и салвети** | | |
| | 3.1. Постојана замена на нечистите со чисти чаршафи и салвети | x | x |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - чаршавот еднаш неделно, прекривката и платнените салвети три пати неделно или квалитетни салвети од хартија | x | |
| | - чаршавот два пати неделно, а прекривката и платнените салвети секој ден или квалитетни салвети од хартија | | x |
| | **5. Послужување на појадок – само во случај кога овие услуги се даваат** | | |
| | 5.1. Проширен асортиман на појадок (овошен сок, млечни производи, избор на топли и студени јадење од месо, јајца, свежо овошје, компот, можност за диетален појадок). Време на послужување 2 часа | | x |
| | 5.2. Континентален појадок – тост, повеќе видови на пецива, цереалии, напивка (чај, кафе, какао, млеко) во неограничени количини. Време на послужување 2 часа | x | |
| | **6. Послужување на главни оброци (ручек, вечера) – само за објекти во кои се служат главни јадења. Во согласност со Категоризацијата на ресторанните означени со:** | | |
| | - две ѕвезди | x | |
| | - три ѕвезди | | x |
| | **7. Пеглање и перење на алиштата на гостите** | | x |
| | **8. Квалитет на уредувањето и опремувањето** | | |
| | 8.1. Уредувањето и опремувањето треба да биде: | Добро | Одлично |

## ПРИЛОГ V

### Категоризација на ресторани означени со четири ѕвездички

| Ред. бр. | Назив | 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **УРЕДУВАЊЕ И ОПРЕМА** | | | | |
| | **1. Приод и влез** | | | | |
| | 1.1. Нормален приод за пешаци, а каде што има можност и за возила | x | x | x | x |
| | Приод за возила | | x | x | x |
| | 1.2.<br>а.) Горниот слој на приодот за возила да биде заштитри од кали прашина<br>б.) Горниот слој на приодот за возила да биде асфалтиран или бетониран | x | x | x | x |
| | 1.3. Влез во објектот за гости и за персоналот. | Главен влез | Главен влез | Посебен влез | Посебен влез |
| | **2. Лифтови, доволен број на лифтови** | | | | |
| | 2.1. Лифтови или соодветна опрема (ескалатори) за гости, доколку угостителскиот објект е сместен на втор кат или на повисоките катови во зградата. | | | x | x |
| | **3. Греење – не се однесува на објекти кои се користат само во летната сезона** | | | | |
| | 3.1. Затоплување на просториите за гости, до температура до: | 19 | 19 | 20 | 22 |
| | **4. Ладење или регулирање на воздухот (Ер-кондишн)** | | | x | x |
| | **5. Електрично осветление** | | | | |
| | 5.1. Влезот на објектот моќе да биде осветлен, во времето кога објектот работи | x | x | x | x |
| | 5.2. Влезот, гардеробата и другиот помошен простор, со јачина на светлината од најмалку 5 $W/м^2$ | x | x | x | x |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 5.3. Просториите за послужување (простор за послужување, салони, сали) и санитарните простори од најмалку 10 W/$м^2$ . | x | x | x | x |
| | **6. Простори и простории за послужување на гостите** | | | | |
| | 6.1. Квалитетот на декорирањето си опремувањето на објекотот (однадвор и однатре) во согласност со бараната категорија. | x | x | x | x |
| | 6.2. Масите треба да бидат покриени со: | | | | |
| | а.) чаршаф | x | x | | |
| | б.) чаршаф и прекривка | | | x | x |
| | 6.3. Треба да има најмалку: | | | | |
| | а.) хартиена салфета за секој гостин | x | x | | |
| | б.) платнена салфета за секој гостин | | | x | x |
| | 6.4. | | | | |
| | а.) Столовите треба да бидат удобни за седење | x | x | | |
| | б.) Столовите треба да бидат удобни за седење и соодветно дизајнирани во сообразност со ентериерот на локалот | | | x | x |
| | 6.5. Садови за послужување, прибор за јадење, чаши | Стандарден квалитет | Стандарден квалитет | Висок квалитет | Врвен квалитет |
| | 6.6. Уреден и опремен келнерски офис | | | | x |
| | 6.7. Точилница со соодветна површина во согласност со Правилникот за минимум технички услови за обавување на угостителска дејност. | x | x | x | x |
| | **УСЛУГИ** | | | | |
| | **1. Работно време и послужување на јадења и пијалоци** | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1.1. Видливо истакнато соопштение за работното време на објектот | x | x | x | x |
| | 1.2. Послужување на јадења и пијалоци во време на главните оброци (ручек и вечера), време на послужување од најалку: | 1,5 часа за секој оброк | 1,5 часа за секој оброк | 2 часа за секој оброк | 3 часа за секој оброк |
| | 1.3. Послужување со соодветен стручен персонал | x | x | x | x |
| | 1.4. Персоналот добро да го познава составот на јадењата и ги знае пијалоците, со способност за објаснување и препорака на гостите | | | | x |
| | 1.5. Послужување на топли јадења на затоплени чинии | | | x | x |
| | 1.6. Послужување на пијалоци во соодветно дизајнирани чаши за одделни видови пијалоци | | | x | x |
| | **2. Листи на јадења – понуда на јадења**[1] | | | | |
| | 2.1. Број на листи на јадења (мени)<br><br>Број на јадења А ла Карт | 1<br><br>5 | 1<br><br>7 | 2<br><br>10 | 2<br><br>15 |
| | 2.2. Менито мора да содржи најмалку 3 вида на јадења | x | x | x | x |
| | 2.3. Мени на куќата | | | x | x |
| | 2.4. Понуда на национални или регионални специјалитети. | | | x | x |
| | **3. Вински карти – понуда на вина и други пијалоци** | | | | |
| | 3.1. Број на различен вид на вина, пива, минерална вода во Винската карта или листата на пијалоци | 5 вида на вино, пиво, минерална вода и безалкохолни пијалоци | 10 видови вино, пиво, минрална вода и безалкохолни пијалоци<br><br>5 од вината да бидат од врвен квалитет | 10 вида на вина од врвен квалитет, пиво, минерална вода и безалкохолни пијалоци | 20 вида на вина од врвен квалитет, од кои најмалку 10 треба да бидат меѓународно признати вина + пиво, минерална вода и безалкохолни пијалоци |

[1] Специјализираните ресторани (национални, рибји, ловечки и др.) нудат асортиман на јадења по сопствен избор.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **4. Знаење на странски јазици** | | | | |
| | 4.1. Број на главни старнски јазици што треба да ги знае раководителот<br>4.2. Број на главни старнски јазици што треба да ги знае услужниот персонал кој комуницира со гостите | 0<br>0 | 1<br>1 | 1<br>1 | 2<br>2 |
| | **5. Менување на чаршафи за маси, прекривки и салвети** | | | | |
| | 5.1. Постојано менување на нечистите со чисти чаршафи, прекривки и салвети. | x | x | x | x |
| | **6. Квалитет на уредувањето и опремата** | | | | |
| | 6.1. Уредувањето и опремата на објектот треба да биде соодветно за бараната категорија.<br><br>ДА: X<br>НЕ: (...) | | | | |

# ПРИЛОГ VI

## Изглед и големина на плочката со називот и категоријата на објектот

Плочкта е во форма на правоаголник со димензии 40 x 30 см, со темносина подлога и рамка со бела боја.

Ѕвездичките и буквите се напишани со бела боја.

Во горниот дел на плочката се наоѓаат петтокраки ѕвездички, чиј број ја означува категоријата на угостителскиот објект. Под ѕвездичките, во средишниот и долниот дел на плочката е напишан називот на објектот на македонски јазик со кирилско писмо и на англиски јазик. На плочките се пишува називот на видот на угостителскиот објект: хотел, пансион, мотел, туристички апартман, туристичка резиденција, ресторан, камп, куќа, стан и соби за издавање. Помеѓу натписот на македонски и англиски јазик за угостителските објекти хотел, пансион, мотел, туристички апартман и туристичка резиденција е нацртан графичкиот симбол на овие угостителски објекти со бела боја со симбол на темносина боја во внатрешниот дел што го означува видот на објектот, а за угостителските објекти – ресторан, камп куќа, стан и соби за издавање графичкиот симбол е нацртан со бела боја.

За другите угостителски објекти за послужување со храна и пијалоци и другите угостителски објекти за послужување со пијалоци под ѕвездичките е нацртан само графичкиот симбол за соодветниот вид угостителски објект со бела боја.

Формата и димензиите на плочката, формата и димензиите на ѕвездичките, буквите и димензиите на графичкиот симбол се утврдени на образецот број 1.

Изгледот на графичките симболи за одделните видови угостителски објекти и нивните називи на македонски и англиски јазик се прикажани на образецот број 2.

Обрасците број 2 и 1 се составен дел на прилогот VI од овој Правилник.

# ОБРАЗЕЦ БР. 1

**цртеж**




**А Б В Г Д Ѓ Е Ж З Ѕ И Ј К Л Љ М**

**Н Њ Е О П Р С Т Ќ У Ф Х Ц Ч Џ Ш**

**A B C D E F G H I J K L M**

**N O P Q R S T U V W X Y Z**

# ОБРАЗЕЦ БР. 2

| | | |
|---|---|---|
| ХОТЕЛ |  | HOTEL |
| ПАНСИОН |  | BOARDING HOUSE |
| МОТЕЛ |  | MOTEL |
| ТУРИСТИЧКИ АПАРТМАН |  | APARTMENT |
| ТУРИСТИЧЛКА РЕЗИДЕНЦИЈА |  | RESIDENCE |
| РЕСТОРАН |  | RESTAURANT |

| | | |
|---|---|---|
| КАМП |  | CAMPING SITE |
| КУЌА, СТАН И СОБИ ЗА ИЗДАВАЊЕ |  | PRIVATE HOUSE, PRIVATE APARTMENT, PRIVATE ROOMS (ROOMS TO RENT) |
| ДРУГИ УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ ЗА ПОСЛУЖУВАЊЕ СО ХРАНА И ПИЈАЛОЦИ |  | |
| ДРУГИ УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ ЗА ПОСЛУЖУВАЊЕ СО ПИЈАЛОЦИ |  | |

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

**217.**

Врз основа на член 15 и член 17 став 1 од Законот за ветеринарното здравство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 28/98), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува

## Н А Р Е Д Б А
## ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ ОД ЗАРАЗНИ И ПАРАЗИТСКИ БОЛЕСТИ И РОКОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАРЕДЕНИТЕ МЕРКИ ВО 2006 ГОДИНА

Член 1

Согласно одредбите на оваа наредба во 2006 година ќе се организираат и спроведуваат следните мерки за здравствена заштита на животните од заразни и паразитски болести заради откривање, спречување, лекување и искоренување на заразните и паразитските болести кај животните:

**1. Заразни болести кај свињите**

**- Класична чума кај свињите**

Превентивната вакцинација против Класичната чума кај свињите, задолжително ќе се врши на целата територија на Република Македонија.

Вакцинацијата на свињите ќе се врши во текот на целата година со атенуирана вакцина, според упатството на производителот на вакцината. Возрасните грла ќе се вакцинираат еднократно. Младите прасиња ќе се вакцинираат двократно, и тоа првата вакцинација на старост од околу 45 дена, додека ревакцинацијата ќе биде 2 месеци подоцна.

Во прометот може да се пуштаат само имуни свињи, односно свињи кои се вакцинирани најмалку седум дена пред пуштањето во промет.

Доколку не постои доказ дека свињите се вакцинирани, задолжително ќе се изврши вакцинација.

За свињите кои заболеле од Класична чума на свињите, а не биле вакцинирани нема да биде исплатен надомест на штетата.

Успехот на вакцинацијата ќе се провери со серолошко испитување кое е составен дел од вакцинацијата. Проверка на имунитетот на свињите ќе се изврши согласно упатството дадено во Прилог 1 кој е составен дел на оваа наредба.

Трошоците за вакцинацијата против Класичната чума кај свињите ќе бидат на терет на Програмата за користење средства за здравствена заштита на животните во висина од 50%, согласно членот 82 од Законот за ветеринарното здравство (Службен весник на Република Македонија бр. 28/98). Трошоците за утврдување на имунитетот на свињите се составен дел од вакциналната кампања и се на терет на ветеринарните друштва кои го вршеле вакцинирањето.

**- Туберкулоза**

Во сите одгледувалишта со повеќе од 20 расплодни грла, ќе се изврши задолжителна симултана туберкулинизација со бовин и авијарен туберкулин кај расплодните грла, најдоцна до 31 мај 2006 година.

Доколку се констатира Туберкулозата на линијата на колењето во кланицата, ветеринарниот инспектор од кланицата ќе го информира ветеринарниот инспектор од епизоотиолошкото подрачје од каде потекнува туберкулозната свиња, кој ќе превземе мерки предвидени со закон-туберкулинизација на свињите и говедата во дворот од каде што потекнува туберкулозната заклана свиња.

Туберкулинизацијата на свињите е на терет на Програмата за користење на средствата за здравствена заштита на животните во 2006 година во висина од 50%.

**2. Заразни и паразитски болести кај кучињата**

**- Беснило**

Во 2006 година, кучињата постари од 4 месеци мора да бидат вакцинирани против Беснило на целата територија на Република Македонија во периодот од 15 јануари до 30 април 2006 година.

Кучињата кои во текот на годината ќе достигнат старост од 4 месеци и кучињата кои се купени (без доказ дека се вакцинирани) во рок од 14 дена мора да се вакцинираат.

Врз кучињата кои не се вакцинирани ќе се применат одредбите од Законот за ветеринарното здравство.

Трошоците за вакцинацијата против беснилото се на терет на сопствениците на кучињата.

**3. Заразни болести кај живината**

Заради соодветен увид во епизоотиолошката состојба со болестите кај живината во Република Македонија, во 2006 година ќе се изврши евиденција на сите фарми со организирано живинарско производство со над 350 единки. Евиденцијата на фармите ќе ја врши државниот ветеринарен инспектор со пополнување на формуларот даден во Прилог 2 кој е составен дел на оваа наредба.

**- Њукастелска болест**

Живината која се држи екстензивно ќе се вакцинира против Њукастелската болест два пати годишно со жива атенуирана вакцина приготвена од сојот Ла Сота. Првата вакцинација ќе се изврши на пролет, додека втората вакцинација ќе се изврши на есен. Кај новоизведената живина вакцинацијата може да се изврши и помеѓу наведените периоди. Ветеринарните друштва го поднесуваат планот за вакцинација до надлежниот државен ветеринарен инспектор на одобрување.

Успехот на вакцинацијата ќе се провери со серолошко испитување кое е составен дел од вакцинацијата. Проверка на имунитетот на вакцинираната живина ќе се изврши согласно упатството дадено во Прилог 3 кој е составен дел на оваа наредба.

Трошоците за вакцинацијата на живината држана екстензивно (под 350 единки) во целост се на терет на Програмата за користење на средствата за здравствена заштита на животните во 2006 година. Трошоците за утврдување на имунитетот на живината се составен дел од вакциналната кампања и се на терет на ветеринарните друштва кои го вршеле вакцинирањето.

**- Салмонелоза кај живината**

Конзумните јајца и јајцата за расплод може да бидат ставени во промет односно инкубирани само доколку потекнуваат од јата кои се слободни од салмонелоза, односно доколку имаат потврда за здравствената состојба издадена врз основа на лабораторискиот наод од овластената лабораторија.

Земањето мостри за дијагностичко испитување ќе се врши согласно упатството дадено во Прилог 4 кој е составен дел на оваа наредба.

Вадењето крв и лабораториските претраги во целост се на терет на Програмата за користење на средствата за здравствена заштита на животните во 2006 година.

**- Класична чума кај живината (Авијарна Инфлуенца кај живината)**

Во текот на 2006 година ќе се изврши дијагностичко испитување на присуство на Авијарната инфлуенца кај живината. Дијагностичкото испитување ќе се врши согласно упатството дадено во Прилог 5 кој е составен дел на оваа наредба.

Земањето примероци и лабораториските претраги во целост се на терет на Програмата за користење на средствата за здравствена заштита на животните во 2006 година.

**4. Заразни болести кај копитарите**

**- Инфективна анемија кај копитарите**

Серолошко испитување на крвта на копитарите ќе биде извршено:

- еднаш годишно, најкасно до 31 септември, во сите ергели, спортски друштва и други одгледувалишта со 5 или повеќе копитари;
- при воведувањето на нови грла во одгледувалиштата наведени во алинеја 1, став 1 од оваа точка;
- кај пастувите пред припустот;
- кај кобилите пред припуштањето;
- кај сите копитари кои се носат на изложби и спортски натпревари;
- при ставањето во промет.

Лабораторискиот наод за копитарите за Инфективната анемија кај копитарите во случаите од алинеите 2, 3, 4, 5 и 6 од оваа точка не смее да биде постаро од 30 дена.

Трошоците за дијагностичкото испитување на инфективната анемија кај коњите ќе биде на терет на сопствениците на животните.

**- Антракс**

Во сите дистрикти на Антраксот превентивна вакцинација на коњите против Антраксот ќе се изврши најдоцна до 30 април, согласно упатството на производителот на вакцината.

Како дистрикт на Антраксот се подразбира подрачјето во кое во последните 20 години е востановен Антракс.

Коњите е дозволено да се напасуваат во заразените подрачја само доколку се вакцинирани и доколку од вакцинацијата прошло најмалку 2 недели.

Ново внесените животни, животните кои во пропишаниот рок од став 1 на оваа точка не ги исполнуваат условите за вакцинација, како и подмладокот што ќе се принови подоцна, дополнително ќе се вакцинираат кога ќе ги исполнат условите пропишани од производителот на вакцината.

Трошоците за вакцинацијата против Антраксот во целост се на терет на Програмата за користење на средствата за здравствена заштита на животните во 2006 година.

**5. Заразни и паразитски болести кај пчелите**

**- Американска чума на пчелиното легло**

За сузбивање и искоренување на американската чума на пчелното легло во 2006 година, задолжително ќе се изврши преглед на сите пчелни друштва на територијата на Република Македонија.

Од позитивните и сомнителните пчелни друштва на американската чума по пчелно легло, ќе се зема материјал и испраќа на лабораториско испитување. Прегледите со посебно внимание ќе се вршат во случаи на продажба на нуклеуси, пакетни роеви и матици кои се субвенционираат.

Прегледот на пчелните друштва ќе се изврши од 15 септември до 31 октомври 2006 година, а на нуклеусите, пакетните роеви од 1 април до 31 мај пред продажбата на истите.

Трошоците за испраќање на лабораториско испитување и лабораториското испитување се на терет на Програмата за користење на средствата за здравствена заштита на животните во 2006 година.

**- Ноземоза**
Сопствениците на пчелни заедници се должни во текот на јануари и февруари 2006 година да достават на лабораториско испитување примероци од зимските губитоци. Примероците за лабораториско испитување треба да се доставaт преку ветеринарните друштва задолжени за епизоотиолошката единица.

**- Варооза**
Сопствениците на пчелни заедници се должни во текот на јануари и февруари 2006 година да достават на лабораториско испитување примероци за дијагностичко испитување на Варооза, и по потреба да спроведат лекување на пчелните заедници. Примероците за лабораториско испитување треба да се доставaт преку ветеринарните друштва задолжени за епизоотиолошката единица.

**- Болести на пчелните матици**
Производството на пчелни матици за продажба е дозволено само од пчеларниците кои се под постојана ветеринарна контрола. Примероците за лабораториско испитување треба да се доставaт преку ветеринарните друштва задолжени за епизоотиолошката единица.

Прегледот на пчелните друштва и лабораториското испитување на мострите ќе бидат на терет на сопственикот.

### 6. Заразни болести кај рибите

Заради соодветен увид во епизоотиолошката состојба со болестите кај рибите во Република Македонија, во 2006 година ќе се изврши евиденција на сите рибници од стопански карактер со годишно производство над 1 тон што ја врши државниот ветеринарен инспектор со пополнување на формуларот даден во Прилог 6 кој е составен дел на оваа наредба.

Во текот на 2006 година на дијагностичко испитување ќе подлежат рибите од вештачките рибници и вештачките езера.

Во одгледувалиштата за пастрмки најмалку 2 пати годишно ќе се земе материјал за дијагностичко испитување на Вирусна хеморагична септикемија кај пастрмките. Мострите за лабораториско испитување ќе се земаат, во рана пролет и во касна есен. Во рибниците за производство на пастрмки ќе се изврши: во периодот март-април, вирусолошко испитување на подмладокот а во декември, испитување на матичното јато (пастрмски матици) на присуство на Вирусна хеморагична септикемија кај пастрмките (ВХС).

Заради докажување на Заразната некроза на панкреасот кај пастрмките ќе се изврши лабараториско (вирусолошко испитување) на подмладокот во јуни, а на матичното јато во декември.

Задолжително контролно испитување на Бактериски нефритис кај пастрмките ќе се изврши во пролет и на есен.

Заради контрола, сузбивање и искоренување на Пролетната виремија на крапот, задолжително ке се врши дијагностичко испитување. Редовно испитување еднаш годишно во рана пролет, ке се врши во рибниците кои произведуваат конзумна риба, рибен подмладок како и кај одгледувачите на крап во кафезните фарми. Материјалот потребен за порибување на отворените води, реките и акумулациите, мора претходно да биде прегледан и да потекнува од фарми кои се слободни од оваа болест.

Лабораториското испитување на Заразна хематопоетска некроза кај пастрмките ќе се врши за матичното јато во декември, а на подмладокот во јуни.

Трошоците за дијагностичките испитувања во целост се на терет на сопствениците.

### 7. Болести кај дивечот

Ловечките друштва, концесионерите на ловиштата и Националните паркови ќе ги испратат мршите од угинатиот дивеч во Факултетот за ветеринарна медицина на утврдување на причините за угинување.

**- Класична чума кај дивите свињи**
Сите застрелани свињи, задолжително ќе се испитаат на присуство на антитела на Класичната чума кај свињите. Испитувањето ќе се врши согласно упатството дадено во Прилог 7 кој е составен дел на оваа наредба.

**- Беснило**
Сите угинати животни како и животните сомнителни на Беснило задолжително ќе се доставaт на лабораториско испитување заради докажување или отфрлање на сомнежот.

Главата од сите одстрелани лисици и волци, запакувана согласно Практикумот за земање и испраќање примероци за лабораториско испитување ќе се испрати на лабораториско испитување на Факултетот за ветеринарна медицина.

**- Трихинелоза**
Ловечките друштва, концесионерите на ловиштата и Националните паркови ќе испратат материјал за испитување (мускулен дел од дијафрагмата, дел од масетерот и/или меѓуребрена мускулатура) на присуство на Трихинелоза на Факултетот за ветеринарна медицина од сите отстрелани диви свињи.

**- Туларемија, Хеморагична болест кај зајците и Миксоматоза**
Ловечките друштва, концесионерите на ловиштата и Националните паркови ќе ги испратат зајците угинати во ловиштето на лабораториско испитување на Туларемија, Хеморагична болест кај зајците и Миксоматоза.

Трошоците за сите испитувања во целост се на терет на сопствениците односно ловечките друштва, концесионерите на ловиштата и Националните паркови.

### 8. Заразни болести кај расплодните животни

**- Генитална кампилобактериоза**
Брис или испирок од препуциумот на биковите кои се користат за природен припуст или производство на семе за вештачко осеменување ќе се претражува на Кампилобактериоза два пати годишно.

Првото испитување ќе се изврши пред користењето за природен припуст односно земањето семе за вештачко осеменување.

Кај секоја неправилност во половиот циклус, абортус кај говеда, овци и кози, на лабораториско испитување ќе се достави вагинална слуз а по можност и абортираниот фетус.

**- Лептоспироза**
Крв од биковите, овците, јарците, нерастите и пастувите кои служат за производство на семе за вештачко осеменување или природен припуст, мора два пати годишно серолошки да се испитаат на Лептоспироза.

При секое пометнување кај кравите, јуниците, овците, козите, свињите, назимките и кобилите треба да се достави крв за лабораториска претрага на Лептоспироза.

**- Паратуберкулоза**
Крв и фецес од биковите, овните и јарците кои служат за производство на семе за вештачко осеменување или природен припуст мора два пати годишно да се испитаат на Паратуберкулоза.

На Паратуберкулоза мора да се испита и крв од сите молзни крави пред формирањето на ново стадо како и крв од новонабавените јуници пред воведувањето во стадото.

**- Кју треска**
При секое пометнување, кравите, јуниците, овците и козите мора лабораториски да се испитаат на Кју треска.

**- Салмонелоза кај коњите, овците и козите**
При секое пометнување кај кобилите, овците и козите, мора да се достави на лабораториско испитување крв, а по можност и пометнатиот фетус на Салмонелоза.

**- Трихомонијаза**
Биковите кои служат за производство на семе за вештачко осеменување или за природен припуст, мора да бидат испитани на Трихомонијаза два пати годишно, при што првото испитување треба да биде пред земањето на семето за вештачко осеменување или припустот.

**- Инфективен ринотрахеитис и заразен пустуловагинитис (ИБР/ИПВ)**
Биковите кои служат за производство на семе за вештачко осеменување или за природен припуст, мора да бидат два пати годишно клинички и лабораториски испитани на Инфоктивен ринотрахеитис и заразен пустуловагинитис.

Кравите и јуниците кои покажуваат клинички знаци на Заразен пустуловагинитис не смеат вештачки да се осеменат ниту природно да се припуштат.

**- Листериоза**
Биковите кои служат за производство на семе за вештачко осеменување или за природен припуст, мора да бидат испитани на Листериоза два пати годишно, при што првото испитување треба да биде пред земањето на семето за вештачко осеменување или припустот.

**- Туберкулоза**
Биковите кои служат за производство на семе за вештачко осеменување или за природен припуст, мора да бидат испитани на Туберкулоза со симултана туберкулинизација еднаш годишно.

**- Ензоотска леукоза кај говедата**
Биковите кои служат за производство на семе за вештачко осеменување или за природен припуст, мора да бидат испитани на Ензоотска леукоза кај говедата два пати годишно, при што првото испитување треба да биде пред земањето на семето за вештачко осеменување или припустот.

**- Бруцелоза**
Биковите, овновите, јарците и нерастите кои служат за производство на семе за вештачко осеменување или за природен припуст, мора да бидат испитани на Бруцелоза два пати годишно, при што првото испитување треба да биде пред земањето на семето за вештачко осеменување или припустот.

**- Син јазик**
Биковите, овновите и јарците кои служат за производство на семе за вештачко осеменување или за природен припуст, мора да бидат испитани на Син јазик два пати годишно, при што првото испитување треба да биде пред земањето на семето за вештачко осеменување или припустот.

**- Бовина вирусна дијареа**
Биковите кои служат за производство на семе за вештачко осеменување или за природен припуст, мора да бидат испитани на Бовина вирусна дијареа два пати годишно, при што првото испитување треба да биде пред земањето на семето за вештачко осеменување или припустот.

Земањето примероци и лабораториските претраги се на терет на производителот на семе за вештачко осеменување односно на сопствениците на животните за природен припуст.

**9. Заразни болести кај овците и козите**

**- Бруцелоза кај овците и козите**
Заради сузбивање и искоренување на Бруцелозата кај овците и козите ќе се вади крв за серолошки испитувања на сите овци и кози постари од 6 месеци.

Сите овци и кози кои одат од зимско на летно напасување и обратно, од едно во друго епизоотиолошко подрачје, пред селењето ќе бидат испитани на Бруцелоза. Селењето на овците е условено со негативниот резултат, што се докажува со уверението за здравствената состојба на животните.

Докторите по ветеринарна медицина се должни при секој абортус да достават крв за лабораториско испитување.

Животните кои во текот на годината не го напуштаат епизоотиолошкото подрачје ќе бидат еднократно испитани на Бруцелоза.

Во случај на продавање или било кој друг начин на отуѓување на животните, мора претходно да бидат испитани со негативен резултат на Бруцелоза.

Позитивните овци и кози на Бруцелоза по добивањето на резултатот, ќе бидат заклани од нужда или еутаназирани и нештетно одстранети. На сопственикот на животните, согласно членот 78 од Законот за ветеринарното здравство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 28/98), му се обезбедува надоместок на штетата.

На местото на колење/еутаназија на заболените животни ќе се изврши повторна идентификација на животните и ќе се земат примероци за лабораториско испитување.

Факултетот за ветеринарна медицина согласно член 86 точка 2 и член 96 од Законот за ветеринарното здравство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 28/98) ќе ги достави резултатите од дијагностичките испитувања до Управата за ветеринарство, ветеринарниот инспектор и ветеринарното друштво најдоцна за 72 часа од доставувањето на материјалите.

Крвните проби кои се негодни за дијагностичко испитување нема да бидат признаени за исплата.

За обновување на матичното стадо можат да се користат само овци и кози кои претходно биле тестирани со негативен резултат.

Вадењето на крв од овци и кози ќе се врши од 1 февруари до 30 јуни.

Вадењето на крв и лабораториските претраги во целост се на терет на Програмата за користење на средствата за здравствена заштита на животните во 2006 година.

**- Антракс**
Во сите дистрикти на Антраксот превентивна вакцинација на овците и козите против Антраксот ќе се изврши најдоцна до 30 април, согласно упатството на производителот на вакцината.

Како дистрикт на Антраксот се подразбира подрачјето во кое во последните 20 години е востановен Антракс.

Овците и козите е дозволено да се напасуваат во заразените подрачја само доколку се вакцинирани и доколку од вакцинацијата прошло најмалку 2 недели.

Ново внесените животни, животните кои во пропишаниот рок од став 1 на оваа точка не ги исполнуваат условите за вакцинација, како и подмладокот што ќе се принови подоцна, дополнително ќе се вакцинираат кога ќе ги исполнат условите пропишани од производителот на вакцината.

Трошоците за вакцинацијата против Антраксот во целост се на терет на Програмата за користење на средствата за здравствена заштита на животните во 2006 година.

**- Скрепи**

Заради утврдување на присуството на причинителот на Скрепи, ќе се испитаат овците:

а) Постари од 12 месеци:

- кои покажуваат клинички знаци на пореметување на централниот нервен систем и промени во однесувањето кои траат најмалку 15 денови и кои со лекување не можат да се отстранат;

- Покажуваат знаци на малаксаност без знаци на заразни и трауматски болести; и

- Покажуваат други болни прогресивни промени.

б) Постари од 18 месеци :

- 10% од овците пратени на редовно колење.

Примероците за дијагностичко испитување од животните од оваа точка од Наредбата ги зема, пакува и испраќа до Факултетот за ветеринарна медицина државниот ветеринарен инспектор.

Трошоците за дијагностичко испитување на Скрепи во целост се на терет на Програмата за користење на средствата за здравствена заштита на животните за 2006 година.

**10. Заразни болести кај говедата**

**- Бруцелоза кај говедата**

Кај држателите каде во 2005 година имало појава на Бруцелоза кај говедата, овците или козите, како и кај држателите каде во 2006 година била дијагностицирана бруцелозата кај овците или козите, во 2006 година ќе се вади крв од сите говеда постари од 6 месеци.

Докторите по ветеринарна медицина се должни при секој абортус на крави и јуници да достават крв за лабораториско испитување.

Крвта од говеда ќе се вади согласно планот на ветеринарниот инспектор од 1 февруари до 30 јуни 2006 година.

Позитивните грла на Бруцелоза по добивањето на резултатот ќе бидат заклани од нужда. На сопственикот на животните, согласно членот 78 од Законот за ветеринарното здравство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 28/98), му се обезбедува надоместок на штетата.

Факултетот за ветеринарна медицина согласно член 86 точка 2 и член 96 од Законот за ветеринарното здравство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 28/98) ќе ги достави резултатите од дијагностичките испитувања до Управата за ветеринарство, ветеринарниот инспектор и ветеринарното друштво најдоцна за 72 часа од доставувањето на материјалите.

Во случај на продавање или било кој друг начин на отуѓување на животните, мора претходно да бидат испитани со негативен резултат на Бруцелоза.

За обновување на матичното стадо можат да се користат само говеда кои претходно биле тестирани на Бруцелоза и дале негативен резултат.

Крвните проби кои се негодни за дијагностичко испитување нема да бидат признаени за исплата.

Вадењето на крв и лабораториските претраги во целост се на терет на Програмата за користење на средствата за здравствена заштита на животните во 2006 година.

**- Антракс**

Во сите дистрикти на Антраксот превентивна вакцинација на говедата, против Антраксот ќе се изврши најдоцна до 30 април, согласно упатството на производителот на вакцината.

Како дистрикт на Антраксот се подразбира подрачјето во кое во последните 20 години е востановен Антракс.

Говедата е дозволено да се напасуваат во заразените подрачја само доколку се вакцинирани и доколку од вакцинацијата прошло најмалку 2 недели.

Ново внесените животни, животните кои во пропишаниот рок од став 1 на оваа точка не ги исполнуваат условите за вакцинација, како и подмладокот што ќе се принови подоцна, дополнително ќе се вакцинираат кога ќе ги исполнат условите пропишани од производителот на вакцината.

Трошоците за вакцинацијата против Антраксот во целост се на терет на Програмата за користење на средствата за здравствена заштита на животните во 2006 година.

**- Трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии**

Заради утврдување на присуството на причинителот на Спонгиоформната енцефалопатија кај говедата, ќе се испитаат:

а) Говедата без оглед на староста, кои:

- Покажуваат знаци на пореметување на централниот нервен систем со што не може да се отклони сомнежот на присуство на Спонгиоформната енцефалопатија кај говедата;

- Потекнуваат од иста одгледувачка група во која е утврдено постоењето на Спонгиоформната енцефалопатија кај говедата; и

- Сите говеда кои потекнуваат од животни кај кои е утврдена Спонгиоформната енцефалопатија кај говедата, родени во периодот од две години пред и после појавата на првите клинички знаци на болеста кај заболената мајка.

б) Говедата постари од 30 месеци после:

- Угинување од било која причина;

- Сите говеда пратени на редовно колење.

Дијагностичко лабораториските испитувања на Трансмисивните спонгиоформни енцефалопатии ќе се извршуваат во Факултетот за ветеринарна медицина со една од пропишаните методи на брзи тестови:

- western-bloting методата

- ELISA тестот

Кај животните кај кои е поставен основан сомнеж на присуство на трансмисивните спонгиоформни енцефалопатии, лабораториските испитувања ќе се вршат и имунохистохемиски.

Кога резултатот од лабораториското испитување со пропишаните методи на брзи тестови е нејасен или позитивен, ткивото понатаму ќе подлежи на патохистолошко испитување на базата на мозокот, освен кога се работи за автолизиран материјал или материјал кој поради други причини не е подобен за хистопатолошко испитување.

Кога резултатите од хистопатолошко испитување се нејасни или негативни или кога се работи за автолизиран материјал, ткивата ќе подлежат на еден од пропишаните дијагностички методи на брзи тестови, при што одбраната метода на брзи тестови не смее да биде иста со онаа која е првобитно употребена.

Примероците за дијагностичко испитување од животните од оваа точка од Наредбата ги зема, пакува и испраќа до Факултетот за ветеринарна медицина државниот ветеринарен инспектор.

Трошоците за дијагностичко испитување на трансмисивните спонгоформни енцефалопатии во целост се на терет на Програмата за користење на средствата за здравствена заштита на животните за 2006 година.

**- Туберкулоза**

Во стадата во кои во 2005 година била дијагностицирана Туберкулозата, како и кај сите држатели кои го ставаат млекото во промет, ќе се изврши интракутана туберкулинизација со бовин туберкулин на сите приплодни говеда постари од 3 месеци.

Ако при примената на интракутана туберкулинизација со бовин туберкулин се утврди позитивна или сомнителна реакција, по истекот на рокот од најмалку шест недели, ќе се изврши симултана туберкулинизација со примена на бовин и авијарен туберкулин.

Симултаната туберкулинизација ќе ја изврши Комисија од доктори по ветеринарна медицина назначена со Решение од Директорот на Управата за ветеринарство. Читањето на резултатите од симултаната туберкулинизација ќе го врши истата Комисија.

Во останатиот дел од епизоотиолошките единици, согласно планот на ветеринарниот инспектор во 1/3 од населените места ќе се изврши туберкулинизација врз сите говеда постари од 6 недели.

Позитивните грла на Туберкулоза по комисиската проценка ќе бидат заклани од нужда. На сопственикот на животните, согласно членот 78 од Законот за ветеринарното здравство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 28/98), му се обезбедува надоместок на штетата.

Доколку се констатира Туберкулозата на линијата на колењето во кланицата, ветеринарниот инспектор од кланицата ќе го информира ветеринарниот инспектор од епизоотиолошкото подрачје од каде потекнува туберкулозното говедо, да превземе мерки предвидени со закон-туберкулинизација на говедата во дворот од каде што потекнува туберкулозното заклано говедо.

Во одгледувалиштата во кои е констатирана Туберкулозата ќе се врши симултана туберкулинизација на преостанатите грла 3 месеци по одстранувањето на туберкулозните грла. После добивањето на негативен резултат кај сите присутни говеда, ќе се изврши симултана туберкулинизација после 6 месеци.

За обновување на матичното стадо можат да се користат само говеда кои претходно биле туберкулинизирани и дале негативен резултат на Туберкулоза.

Во случај на продавање или било кој друг начин на отуѓување на животните, мора претходно да бидат испитани и да се со негативен резултат на Туберкулоза.

Дијагностичкото испитување на Туберкулоза кај говедата ќе се врши согласно планот на ветеринарниот инспектор во периодот од 15 февруари до 31 октомври 2006 година.

Трошоците за дијагностичкото испитување се на терет на Програмата за здравствена заштита на животните во висина од 50%.

Член 2

**Дезинфекција, дезинсекција и дератизација**

Заради сузбивање и искоренување на заразните болести кај животните, ветеринарното друштво ќе врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација во објектите и дворовите за одгледување на животни каде се појавила болест, согласно Решение од државниот ветеринарен инспектор.

Член 3

**Идентификација и регистрација на преживарите**

Заради контрола на движењето и здравствената состојба на преживарите во 2006 година ќе се изврши попис на одгледувалиштата на малите преживари и идентификација и регистрација на говедата. Со пописот ќе бидат опфатени сите одгледувалишта на кој се држат мали преживари (овци и кози). Идентификацијата и регистрацијата на говедата ќе започне во јануари 2006 година и ќе се врши во текот на целата година. Со идентификацијата и регистрацијата ќе бидат опфатени сите категории на говеда, како и регистрација на нови одгледувалишта на говеда.

Член 4

**Институција која ќе го врши лабораториското испитување**

Лабораториските испитувања предвидени со оваа наредба, согласно член 96 од Законот за ветеринарното здравство ќе ги извршува Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје, кој за оваа активност има склучено Договор со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Управа за ветеринарство за спроведување на лабораториското испитување. Дијагностичките тестови со кои ќе се дијагностицира болеста ќе бидат тестовите пропишани со најновото издание на Прирачникот на ОИЕ, освен ако не е одредено на друг начин.

Член 5

**Ветеринарни друштва кои ќе ги спроведуваат мерките согласно оваа наредба**

Мерките предвидени со оваа наредба ги извршуваат ветеринарните друштва кои согласно член 90 од Законот за ветеринарното здравство ("Сл. весник на РМ" бр. 28/98) и член 21 од Законот за идентификација и регистрација на животните ("Службен весник на Република Македонија" бр. 69/04) имаат склучено Договор со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Управа за ветеринарство за спроведување на превентивните активности. За извршување на мерките, се плаќа надоместок определен со Договорот.

Превентивните активности утврдени со оваа наредба ќе се извршуваат согласно планот на ветеринарното друштво, кое претходно треба да биде доставено и одобрено од надлежниот државен ветеринарен инспектор.

Член 6

**Вакцини, лекови и помошни лековити средства**

Вакцините, лековите и помошните лековити средства кои се користат за спроведување на мерките од оваа наредба треба да бидат регистрирани во Република Македонија.

Член 7

**Водење евиденција и известување за спроведените активности**

Крвта и другиот материјал кој ветеринарното друштво ги испраќа на лабораториско испитување мора да биде пропратено со Формуларот за лабораториско испитување, даден во Прилог 8 кој е составен дел од оваа наредба. Факултетот за ветеринарна медицина, ги прима примероците за лабораториско испитување, само доколку истите се пропратени со Формуларот за лабораториско испитување.

Факултетот за ветеринарна медицина води компјутерска евиденција за извршените лабораториски анализи согласно методологијата на "Лабораторискиот Информативен Систем". Факултетот за ветеринарна медицина резултатите од извршените лабораториски анализи ги доставува до Управата за ветеринарство, надлежните ветеринарни инспектори и ветеринарните друштва кои ги доставиле примероците најдоцна за 72 часа од нивното примање.

Ветеринарните друштва, кои ги извршуваат активностите утврдени со оваа наредба, ги пријавуваат до надлежниот ветеринарен инспектор на месечно ниво, најдоцна до 5-ти наредниот месец. Формуларите за пријава на извршените активности согласно оваа наредба се дадени во Прилог 9 кој е составен дел на оваа наредба. Во случај на појава на заразни болести, пријавувањето мора да се изврши веднаш.

Животните кои се заклани заради сузбивање на заразни болести согласно оваа наредба ќе бидат евидентирани од државниот ветеринарен инспектор со Формуларот за пријава на бројот на заклани животни во кланиците заради сузбивање на заразни болести даден во Прилог 10 кој е оставен дел на оваа наредба.

За сите активности кои се извршени согласно оваа наредба, ветеринарното друштво ќе пополни "Потврда за извршените активности" во три примероци од кои по една за сопственикот на животните, надлежниот ветеринарен инспектор и ветеринарното друштво. Обликот на Потврдата за извршените активности е даден во Прилог 11 кој е составен дел на оваа наредба.

За секоја извршена активност поврзана со системот за идентификација и регистрација на животните, ветеринарното друштво е должно податоците да ги внесе во компјутерската база на податоци. За секоја задолжена ушна маркица ветеринарното друштво е должно да води евиденција. За секоја аплицирана ушна маркица,

ветеринарното друштво ќе пополни “Потврда за обележување” потпишана од одгледувачот и од лицето кое ја аплицирало маркицата. Потврдата за обележување е даден во Прилог 12 кој е составен дел на оваа наредба. Секоја промена на податоците за одгледувалиштата на говеда (нови или веќе регистрирани) ќе се евидентираат во Прашалник за попис на одгледувалишта на говеда, даден во Прилог 13.

За активностите поврзани со пописот на одгледувалиштата на мали преживари, ветеринарното друштво ќе пополни пописен прашалник за секој одгледувач и истиот ќе го достави во Управата за ветеринарство. Прашалникот за попис на одгледувалишта на овци и кози е даден во Прилог 14.

Говедата кои подлежат на дијагностичко испитување мора да бидат трајно обележани и регистрирани според Законот за идентификација и регистрација на животните (“Службен весник на Република Македонија” бр. 69/04).

При издавање на Уверение за здравствена состојба на говедата, ветеринарното друштво е должно да го внесе и бројот на ушната маркица.

Говедата, овците и козите кои подлежат на дијагностичко испитување треба да бидат обележани со ушни маркици.

Член 8

**Завршни одредби**

Оваа наредба влегува во сила од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11-847/1
3 февруари 2006 година
Скопје

Министер,
**Садула Дураку,** с.р.

**Прилог 1**

**Упатство за проверка на имунитетот на свињите вакцинирани против Класична чума кај свињите**

**Домашни свињи држани екстензивно**

**Цел**

Проверката на имунитетот на свињите се врши заради утврдување на успешноста на вакциналната кампања против Класичната чума кај свињите.

**Карактеристики на испитувањето**

Дизајнот на серолошкиот мониторинг треба да ги има следниве карактеристики:

1. Серолошкото испитување ќе биде еднослојно и репрезентативно за целата земја;
2. Дијагностичкото испитување ќе се врши еднаш во годината во периодот мај-јуни.
3. Вадењето крв ќе го врши ветеринарното друштво по налог и во координација со Управата за ветеринарство и ветеринарниот инспектор. Лабораториското испитување ќе го врши Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје.
4. Бројот на свињи кои ќе бидат испитани на територија на секое ветеринарното друштво ќе обезбеди проценка на степенот на имуноста во интервал од ±10% со 95% сигурност, доколку претпоставиме дека 80% од свињите се вакцинирани и створиле имуност на болеста. Во апсолутни бројки, на територијата на секое ветеринарно друштво ќе се испитаат по најмалку 61 свиња.
5. Сопствениците на свињите од кои ќе се земаат примероците за лабораториско испитување ќе се одредат по случаен избор непосредно пред земањето крв за лабораториско испитување.
6. Доколку се смета за потребно, може да се земат поголем број примероци за лабораториско испитување од претходно наведениот.
7. Примероците за лабораториско испитување ќе бидат испраќани со Формуларот за лабораториско испитување.
8. Лабораториското испитување ќе се врши со дијагностичкиот тест индиректна ЕЛИСА.

**Прилог 2**

ФОРМУЛАР ЗА ЕВИДЕНЦИЈА НА ФАРМА ЗА ЧУВАЊЕ НА ЖИВИНА (над 350 единки)

| | |
|---|---|
| Назив на фирмата или име и презиме на сопственикот на фармата | |
| Адреса | |
| телефон/факс | |
| даночен број или ЕМБГ | |
| Карактеристики на објектот | |
| Населено место | |
| Епизоотиолошка Единица | |
| Капацитет | |
| Колку објекти од ваков тип има на таа локација | |
| Начин на чување (поден, кафезен) | |
| Намена на објектот (за бројлери, несилки, родителски парови) | |

**Прилог 3**

Упатство за проверка на имунитетот на живината вакцинирана против Њукастелската болест

**Домашна живина држана екстензивно**

**Цел**

Проверката на имунитетот на живината се врши заради утврдување на успешноста на вакциналната кампања против Њукастелската болест.

**Карактеристики на испитувањето**

Дизајнот на серолошкиот мониторинг треба да ги има следниве карактеристики:

1. Серолошкото испитување ќе биде репрезентативно за целата земја;
2. Серолошкото испитување ќе биде двослојно, првиот слој ќе опфати избор на сопственици каде ќе се врши земање мостри за дијагностичко испитување, додека вториот слој ќе биде избор на поединечни кокошки.
3. Дијагностичкото испитување ќе се врши два пати во годината, прв пат во периодот мај-јуни и втор пат во периодот октомври-ноември.
4. Вадењето крв ќе го врши ветеринарното друштво по налог и во координација со Управата за ветеринарство и ветеринарниот инспектор. Лабораториското испитување ќе го врши Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје.
5. Бројот на сопственици (фарми) кои ќе бидат вклучени во мониторингот ќе биде доволен да обезбеди проценка на степенот на заштитеност на поединечни јата во интервал од ±5% со 95% сигурност, доколку претпоставиме дека 50% од сопствениците (фармите) на кокошки се вакцинирани и створиле имуност на болеста. Во апсолутни бројки, на територијата на државата ќе се испитаат кокошки кај најмалку 384 сопственика (фарми).
6. Сопствениците ќе се избираат по случаен избор непосредно пред започнување со серолошкото испитување.
7. Бројот на кокошки кои ќе се испитаат по поединечно јато ќе биде доволен да обезбеди проценка на заштитеност на јатото во интервал од ±10% ѕо 95% сигурност доколку претпоставиме дека кокошките се вакцинирани и најголемиот дел од нив створиле имуност. Ζа да се овозможи оваква проценка на степенот на заштитеност од секое избрано јато ќе се земаат примероци според следнава шема:

| Број на кокошки во јатото | Број на кокошки да се испитаат |
|---|---|
| до 10 | 7 |
| од 10-20 | 11 |
| од 20-30 | 13 |
| од 30-50 | 16 |
| од 50-100 | 19 |
| од 100-350 | 23 |

8. За да се овозможи рамномерна дистрибуција на сопствениците (фармите) на кокошки од кои ќе се земаат примероци за лабораториско испитување низ целата држава, распоредот на фармите ќе се врши според следнава шема:

| Епизоотиолошко подрачје | Вкупен број на населени места (НМ) | Проценет број на сопственици на живина | Пропорција во вкупниот број на сопственици во мониторингот | Учество на сопственици во мониторингот | Број на сопственици вклучени во мониторингот |
|---|---|---|---|---|---|
| Берово | 16 | 480 | 0,01 | 0,01 | 4 |
| Битола | 111 | 3330 | 0,08 | 0,08 | 29 |
| Македонски Брод | 44 | 1320 | 0,03 | 0,03 | 12 |
| Виница | 17 | 510 | 0,01 | 0,01 | 4 |
| Гевгелија | 31 | 930 | 0,02 | 0,02 | 8 |
| Гостивар | 88 | 2640 | 0,06 | 0,06 | 23 |
| Дебар | 32 | 960 | 0,02 | 0,02 | 8 |
| Делчево | 33 | 990 | 0,02 | 0,02 | 9 |
| Демир Хисар | 36 | 1080 | 0,02 | 0,02 | 9 |
| Кавадарци | 42 | 1260 | 0,03 | 0,03 | 11 |
| Кичево | 40 | 1200 | 0,03 | 0,03 | 10 |
| Кочани | 32 | 960 | 0,02 | 0,02 | 8 |
| Кратово | 31 | 930 | 0,02 | 0,02 | 8 |
| Крива Паланка | 50 | 1500 | 0,03 | 0,03 | 13 |
| Куманово | 77 | 2310 | 0,05 | 0,05 | 20 |
| Крушево | 20 | 600 | 0,01 | 0,01 | 5 |
| Неготино | 29 | 870 | 0,02 | 0,02 | 8 |
| Охрид | 51 | 1530 | 0,03 | 0,03 | 13 |
| Прилеп | 101 | 3030 | 0,07 | 0,07 | 26 |
| Пробиштип | 35 | 1050 | 0,02 | 0,02 | 9 |
| Радовиш | 35 | 1050 | 0,02 | 0,02 | 9 |
| Ресен | 40 | 1200 | 0,03 | 0,03 | 10 |
| Свети Николе | 37 | 1110 | 0,03 | 0,03 | 10 |
| Струмица | 69 | 2070 | 0,05 | 0,05 | 18 |
| Струга | 42 | 1260 | 0,03 | 0,03 | 11 |
| Тетово | 92 | 2760 | 0,06 | 0,06 | 24 |
| Велес | 50 | 1500 | 0,03 | 0,03 | 13 |
| Штип | 46 | 1380 | 0,03 | 0,03 | 12 |
| Скопје | 139 | 4170 | 0,09 | 0,09 | 36 |
| вкупно | 1466 | 43980 | 1,00 | 1,00 | 384 |

Вкупен број на населени места кои треба да се испитуваат
384

9. Доколку се смета за потребно, може да се земат поголем број примероци за лабораториско испитување од претходно наведениот.

10. Примероците за лабораториско испитување ќе бидат испраќани со Формуларот за лабораториско испитување.

11. Лабораториското испитување ќе се врши со дијагностичкиот тест Инхибиција на хемаглутинација.

**Прилог 4**

**Упатство за вршење дијагностичко испитување на присуство на Салмонела кај живината**

Заради докажување на инфекција со салмонела кај домашната живина, од фармите со над 350 единки, за бактериолошко и серолошко испитување ќе се земаат крв, брисеви од клоаката и лешеви (од несилки и еднодневни пилиња).

Земањето мостри и серолошкото испитување ќе се врши според следната шема:

- Кај родителски фарми и фарми за конзумни несилки:

| Капацитет на фарма | Број на мостри да се испитаат |
|---|---|
| 350 - 5.000 | 60 проби крв |
| 5.001 - 10.000 | 90 проби крв |
| над 10.000 | 120 проби крв |

Мострите крв прв пат ќе се земат во периодот од 8-та до 12-та недела од одгледувањето, а втор пат во периодот од 22-та до 28-та недела од производството.

Еднаш годишно ќе се земат 20 клоакални брисеви од секое јато.

Доколку со серолошките испитување се докаже присуство на антитела против салмонела, од тие јата ќе се земат збирни мостри фецес и 20 клоакални брисеви.

- Бројлерски фарми:

Од еднодневните бројлерски пилиња ќе се донесе транспортниот морталитет и морталитетот од првите два дена како и мостри од транспортните подолошки за бактериолошка анализа.

Серолошки ќе се испитаат по 20 проби крв од секое јато.

Земањето на мострите и нивниот транспорт до лабораторијата ќе го врши ветеринарното друштво се врши според Упатството за земање мостри.

**Прилог 5**

**План за серолошко испитување за детекција на антигенот H5 или H7 на Авијарната Инфлуенца кај домашната живина и дивите птици**

**Цел**

Целта на ова испитување е да се детектира присуството на вирусот на Авијарната Инфлуенца тип А, односно антигените подтипови на вирусот H5 и H7, кај домашната живина и дивите птици во Република Македонија.

**Карактеристики на испитувањето**

Дизајнот на серолошкиот мониторинг треба да ги има следниве карактеристики:

1. Лабораториското испитување ќе се врши на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје.

2. Во случај на позитивен резултат, ќе се земат примероци од сите единки од каде што потекнува позитивниот резултат. Сите позитивни резултати ќе се пратат во Референтна лабораторија на ОИЕ.

3. Траспортот на примероците до лабораторијата треба да се изврши веднаш со депонирање на примероците на 4$^{0}$С.

4. Примероците за лабораториско испитување ќе бидат испраќани со Формуларот за лабораториско испитување.

5. Живината ќе биде поделена на три одделни групи-стратуми (диви птици, домашна живина држана екстензивно и домашна живина држана интензивно) во однос на ризикот за инфицирање со вирусот на Авијарна Инфлуенца. За секоја група ќе се организира поединечна шема за испитување.

6. По приоритети, а во однос на ризикот за инфицирање со вирусот на Авијарна Инфлуенца, главен приоритет во дијагностичкото испитување ќе имаат птиците преселници, потоа домашната живина држана екстензивно а дури потоа домашната живина во интензивното производство;

7. Дијагностичкото испитување ќе биде репрезентативно за целата земја;

8. Домашната живина ќе се испитува со дијагностички тест кој има групен антиген на Авијарната Инфлуенца тип А. Доколку овој тест покаже позитивен резултат, потребно е испитување со тест кој го докажува антигенот H5 или H7.

9. Птиците преселници ќе се испитуваат со дијагностички тест кој го докажува подтипот H5 или H7.

**За домашна живина држана екстензивно освен гуски и патки**

Карактеристики на мониторингот

1. Бидејќи е тешко да се обезбеди список на сите држатели на живина, и поради начинот на екстензивно држење на живината во населените места каде живината од повеќе куќи е во постојан меѓусебен контакт, со што се овозможува лесно ширење на вирусот на Авијарна Инфлуенца, населеното место ќе се смета за една фарма.

2. Серолошкото испитување ќе се врши во два слоја. Првиот слој ќе опфати фарми, односно во случај на Македонија населени места.

3. Бројот на населени места кој ќе биде опфатен мора да обезбеди идентификација на барем едно инфицирано населено место со 95% сигурност доколку болеста е присутна во 5% од населените места.

4. Бројот на живина кој ќе се испита по населено место мора да обезбеди со сигурност од 95% идентификација на барем една заболена единка доколку болеста е присутна во 30% од популацијата на населеното место. Во секој случај, бројот на испитани единки не смее да биде помал од 10 по населено место.

5. Населените места кои ќе бидат вклучени во серолошкото испитување ќе бидат избирани по случаен избор.

6. Во дополнение на бројот на населени места вклучени во серолошкото испитување, ќе бидат вклучени и населени места за кои постои поголем ризик од појавата на болеста имајќи предвид близината на места на собирање на дивата живина, итн;

Спроведување на мониторингот

Избор на населени места

Со обзир на горе наведените карактеристики, во мониторингот треба да се испитаат најмалку 62 населени места. За да се обезбеди рамномерна застапеност на населените места низ територијата на целата држава, изборот на населени места ќе се изврши во зависност од пропорционална застапеност во однос на вкупниот број на населени места.

Пропорцијата на избор на населени места по епизоотиолошки подрачја, избраните населени места и мапа се согласно следната шема:

| Епизоотиолошко подрачје | Вкупен број на населени места (НМ) | Пропорција во вкупниот број на НМ | % на учество на НМ во мониторингот | Број на НМ во мониторингот |
|---|---|---|---|---|
| Берово | 16 | 0,01 | 0,01 | 1 |
| Битола | 111 | 0,08 | 0,08 | 5 |
| Македонски Брод | 44 | 0,03 | 0,03 | 2 |
| Виница | 17 | 0,01 | 0,01 | 1 |
| Гевгелија | 31 | 0,02 | 0,02 | 1 |
| Гостивар | 88 | 0,06 | 0,06 | 4 |
| Дебар | 32 | 0,02 | 0,02 | 1 |
| Делчево | 33 | 0,02 | 0,02 | 1 |
| Демир Хисар | 36 | 0,02 | 0,02 | 2 |
| Кавадарци | 42 | 0,03 | 0,03 | 2 |
| Кичево | 40 | 0,03 | 0,03 | 2 |
| Кочани | 32 | 0,02 | 0,02 | 1 |
| Кратово | 31 | 0,02 | 0,02 | 1 |
| Крива Паланка | 50 | 0,03 | 0,03 | 2 |
| Куманово | 77 | 0,05 | 0,05 | 3 |
| Крушево | 20 | 0,01 | 0,01 | 1 |
| Неготино | 29 | 0,02 | 0,02 | 1 |
| Охрид | 51 | 0,03 | 0,03 | 2 |
| Прилеп | 101 | 0,07 | 0,07 | 4 |
| Пробиштип | 35 | 0,02 | 0,02 | 1 |
| Радовиш | 35 | 0,02 | 0,02 | 1 |
| Ресен | 40 | 0,03 | 0,03 | 2 |
| Свети Николе | 37 | 0,03 | 0,03 | 2 |
| Струмица | 69 | 0,05 | 0,05 | 3 |
| Струга | 42 | 0,03 | 0,03 | 2 |
| Тетово | 92 | 0,06 | 0,06 | 4 |
| Велес | 50 | 0,03 | 0,03 | 2 |
| Штип | 46 | 0,03 | 0,03 | 2 |
| Скопје | 139 | 0,09 | 0,09 | 6 |
| вкупно | 1466 | 1,00 | 1,00 | 62 |

Вкупен број на населени места кои треба да се испитуваат
62

Бројот на населените места кои се во близина на локалитетите каде се собираат миграторните птици е 53.

Вкупниот број на населени места кои ќе бидат вклучени во надзорот е 115.

Избор на индивидуални животни

Бројот на кокошки кои ќе бидат тестирани по населено место не треба да биде помал од 14. Примероците за лабораториско испитување ќе бидат земени од 4 двора кои се наоѓаат во различни краеви од населеното место. Од секој двор ќе се земат 3-4 примероци.

Ќе се земаат крвни проби и клоакални брисеви од избраните кокошки. Брисевите ќе се земаат со стерилни стапчиња. По земањето брис, стапчињата се ставаат во претходно припремените епруветки со пуфери. Транспортот на епруветките со клоакалните брисеви ќе се врши на +4°C. Обележувањето на епруветките со крвта и епруветките со пуферите мора да обезбеди идентификација на сопственикот од каде потекнува кокошката.

Бројот на домашни кокошки држани екстензивно кои ќе се испитаат во првиот круг нема да биде помал од 1610.

За фарми на мисирки

Бројот на фарми со мисирки кој треба да се испита треба да обезбеди идентификација на макер една фарма со заболени единки и тоа со 99% сигурност доколку болеста е присутна во 5% од фармите. Оние фарми кои ги држат мисирките на отворено е препоречливо да се вклучат во серолошкото испитување.

Заради практичност во изведувањето на мониторингот, од истите населени места кои се одбрани за испитување на кокошки ќе се земат по 14 клоакални брисеви од мисирки. За да се обезбеди потребната статистичка прецизност, бројот на населени места од кој ќе се земат примероци од мисирки не треба да биде помал од 90.

Вкупниот број на мисирки од кои ќе се земат примероци за лабораториско испитување нема да биде помал од 1260.

За фарми со патки и гуски

Заради практичност во изведувањето на мониторингот, од истите населени места кои се одбрани за испитување на кокошки ќе се земат по 11 клоакални брисеви од патки и гуски.

Вкупниот број на патки и гуски од кои ќе се земат примероци за лабораториско испитување нема да биде помал од 1260.

Фарми за дивеч

Фармите за дивеч ќе бидат вклучени во серолошкото испитување. Од секоја фарма ќе се земат по најмалку 14 клоакални брисеви од водени птици.

Вкупниот број на тестирана живина во првиот круг не треба да биде помал од 4.130 птици.

| Вид птици | Број на населени места | Број на птици | Вкупно |
|---|---|---|---|
| кокошки | 115 | 11 | 1610 |
| мисирки | 90 | 11 | 1260 |
| патки и гуски | 90 | 11 | 1260 |
| | | Вкупно | 4130 |

**Мониторинг на домашна живина држана интензивно**

Истите карактеристики наведени за мониторингот на домашната живина држана екстензивно важат и за живината држана интензивно.

Примероци ќе се земаат од еден објект во фармата. Од објектот ќе се земат по најмалку 14 клоакални брисеви од случајно избрани кокошки од различни делови од објектот (по една кокошка од еден кафез).

Вкупниот број на фарми вклучени во мониторингот е 45.

Вкупниот број на кокошки од кои ќе се земат примероци за лабораториско испитување нема да биде помал од 630.

**Мониторинг на дивите птици и птиците преселници**

Потребна е соработка со институциите кои се бават со надгледување и проучување на птиците преселници и дивите птици. Соработка треба да се оствари и со ловечките друштва и концесионери.

Мониторингот на овие птици ќе се одвива со клинички мониторинг и серолошки мониторинг.

Клиничкиот мониторинг во соработка со горенаведените институции и ловечките друштва треба да се насочи кон надгледување на евентуална зголемена смртност меѓу птиците и присуство на клинички знаци на болеста. Притоа ќе се собираат примероци за лабораториско испитување. Примероците за дијагностичко испитување ќе се земаат од свежо угинати примероци, заловени и застрелани птици.

Диструбуцијата на примероци по видови птици треба да биде:

- 70% од водените птици ( гуски и патки);
- 20% други водени птици (мочварки);
- 10 % други диви птици.

Локалитетите кои се избрани да учествуваат во мониторингот се следните:

| Реден број | Назив на локалитетот |
|---|---|
| 1 | Катланово-Петровец |
| 2 | Преспанско Езеро |
| 3 | Охридско Езеро |
| 4 | Дојранско Езеро |
| 5 | Моноспитовско Блато |
| 6 | Бел Камен рибник |
| 7 | Букри рибник |
| 8 | Велешко Езеро |
| 9 | Мавровско Езеро |
| 10 | Сини Вирови |

Изборот на локалитетите може да се менува во согласност со присутноста и бројот на птиците преселници.

**Прилог 6**

ФОРМУЛАР ЗА ЕВИДЕНЦИЈА НА РИБНИЦИ (производство над 1 тон)

| | |
|---|---|
| Назив на фирмата или име и презиме на сопственикот на рибникот | |
| Адреса | |
| телефон/факс | |
| даночен број или ЕМБГ | |

| Податоци за рибникот | |
|---|---|
| Населено место | |
| Епизоотиолошка Единица | |
| Капацитет | |
| Тип на рибник (топловоден или ладноводен) | |
| Колкава водена површина | |
| Начин на чување (слободни,кафезен) | |
| Намена на објектот (за тов, репродукција) | |
| Вид на риби | |
| Во кои водотеци се испушта водата од рибникот | |

**Прилог 7**

**План за дијагностичко испитување на дивите свињи на присуство на Класичната чума кај свињите**

Со испитувањето ќе бидат опфатени сите отстрелани диви свињи како и пронајдените мрши од диви свињи.

Лабораториското испитување ќе се врши на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје.

**Материјал за дијагностика**

Од живи - цела крв или серум (детекција на антитела), а од мртви детекција на вирусот или антиген во примероци од органи (тонзили, слезена, бубрег, лимфни јазли или дистални делови од илеумот). Од мрши зафатени со автолиза се зема цела цевчеста коска или градната коска.

**Дијагностички постапки**

За детекција на антигенот се користи директен тест на флуоресцентни антитела (ФАТ).

За изолација на вирусот се користи клеточна култура од свински бубрег (ПК-15). Културите се прегледуваат на раст на вирусот со имунофлуоресценција. Може да се користи и ПЦР.

ЕЛИСА - сендвич со двојни антитела. Се користат моноклонални или поликлонални антитела против вирусот во серум или антикоагулирана цела крв. Прочистен тквивен хомогенат може да се користи за ЕЛИСА.

Вирус неутрализационен тест (ВН) на инкубирани серуми со референтен вирус.

**Прилог 8**

## ФОРМУЛАР
## ЗА ЛАБОРАТОРИСКО ИСПИТУВАЊЕ

Број: Од пропратно писмо:

**НАПОМЕНА**: Сите барани информации во фромуларот мора да се впишат, во спротивно мострата и формуларот нема да бидат примени од лабораторијата. Да се употреби посебен формулар за секој сопственик поодделно.

### 1. ПОДАТОЦИ ЗА СОПСТВЕНИКОТ НА ЖИВОТНИТЕ

| ЗА ПРАВНО ЛИЦЕ | ЗА ФИЗИЧКО ЛИЦЕ |
|---|---|
| НАЗИВ | ИМЕ |
| | ТАТКОВО ИМЕ |
| ЛИЦЕ ЗА КОНТАКТ | ПРЕЗИМЕ |
| ЕДБ | ЕМБГ |

| ТЕЛЕФОН | АДРЕСА | НАСЕЛЕНО МЕСТО |
|---|---|---|
| | | |

### 2. ПОДАТОЦИ ЗА ЖИВОТНИТЕ

**2.1 Датум на земањето на мострите**..........

**2.2 Локација на животните**

НАСЕЛЕНО МЕСТО

..........

ЕПИЗООТИОЛОШКА ЕДИНИЦА

..........

**2.3 Начин на одгледување**

☐ Екстензивен

☐ Интензивен

*/означи еден/*

**2.4 Ново внесени животни во стадото/дворот**

☐ Не

☐ Да /месец/ /година/

*/означи еден/*

### 3. ПРИЧИНА ЗА ЛАБОРАТОРИСКОТО ИСПИТУВАЊЕ

☐ **ГОДИШНА НАРЕДБА** или ☐ **ДРУГО**__________

☐ Прво тестирање

☐ Ретестирање

*/означи еден/*

**ЗБИРНИ ПОДАТОЦИ ЗА ЖИВОТНИТЕ**
**(во стадото, објектот, дворот)**

| Вид | Опфатени | Вкупно |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |

☐ **ПОТВРДА НА БОЛЕСТ** или ☐ **ДРУГО**__________

Датум на прв случај

Дали животните биле вакцинирани? ☐ Не ☐ Да

*/означи еден/* /месец/ /година/

**ПРИСУТНИ ЖИВОТНИ**
**(во стадото, објектот, дворот)**

| Вид | Во ризик | Заболени | Пцовисани |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |

### 4. АНАМНЕСТИЧКИ ПОДАТОЦИ, КЛИНИЧКИ ЗНАЦИ и ОБДУКЦИСКИ НАОД

..........

..........

..........

..........

..........

..........

* Дали е животното третирано со ☐ антибиотици, одн. ☐ антихелминтици. Доколку е, кога последен пат?...........
* Доколку мострата потекнува од пцовисано животно, внесете го датумот на пцовисување......................... /ден и месец/......

### 5. КОМЕНТАР

..........

..........

..........

..........

..........

**Прилог 8**

**ДЕТАЛНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ЖИВОТНИТЕ Бр. __________,**
**ОД ФОРМУЛАР ЗА Лаб.Испит. Бр. _________,**
**ПРОПРАТНО ПИСМО Бр. __________ .**

**НАПОМЕНА:** Да се употреби посебен лист за секој вид на животно и вид на мостра поделно.

**6. ВИД НА ЖИВОТНО ОД КОЈ ПОТЕКНУВА МАТЕРИЈАЛОТ** */означи еден/*

- ☐ Овца
- ☐ Коза
- ☐ Говедо
- ☐ Свиња
- ☐ Коњ
- ☐ Куче
- ☐ Мачка
- ☐ Пчели
- ☐ Живина ______________
- ☐ Дивеч ______________
- ☐ Риби ______________
- ☐ *Друго* ______________

**7. ВИД НА МОСТРА:** */одбери и по потреба дополни/*

- ☐ Крв / Серум
- ☐ Млеко
- ☐ Цела мрша
- ☐ Измет
- ☐ Струготини од кожа
- ☐ Цевчеста коска
- ☐ Абортиран плод
- ☐ Брис од__________
- ☐ Органи *(наведи ги)*__________________
- ☐ *Друго* __________________

**8. МОСТРАТА Е:**

- ☐ Во свежа состојба
- ☐ Разладена на +4°C
- ☐ Смрзната

*/означи едно/*

**9. ВКУПЕН БРОЈ НА ДОНЕСЕНИ МОСТРИ:** .................................................................................................... ☐☐☐☐

**10. НА КОЈА БОЛЕСТ ДА СЕ ИСПИТААТ МОСТРИТЕ:**

- ➢ ..............................................
- ➢ ..............................................
- ➢ ..............................................
- ➢ ..............................................
- ➢ ..............................................
- ➢ ..............................................

**11. ЖИВОТНИ ОД КОИ СЕ ЗЕМЕНИ ИСПРАТЕНИТЕ МОСТРИ:**

ОЗНАКИ ЗА ПОЛ: **М**-машки, **Ж**-женски
ОЗНАКИ ЗА СТАРОСТ: **Г**-години, **М**-месеци, **Д**-денови

| Број на животно /хала, категорија/ | Пол | Ста-рост | Број на мостри за збирни проби | Број на животно /хала, категорија/ | Пол | Ста-рост | Број на мостри за збирни проби | Број на животно /хала, категорија/ | Пол | Ста-рост | Број на мостри за збирни проби |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |

М.П.

**12. ИСПРАЌАЧ:** ______________________________

**Прилог 9**

**До:**
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**
**Управа за ветеринарство**
**Ветеринарна инспекција**
**Подрачна единица на МЗШВ**
______________________________

Ветеринарно друштво

______________________________
(назив на Ветеринарното друштво)
______________________________
(адреса)
______________________________

## ФОРМУЛАР ЗА ПРИЈАВА НА ВАКЦИНИРАНИ/ТРЕТИРАНИ ЖИВОТНИ ПРЕКУ ГОДИШНАТА НАРЕДБА

Јас, долу потпишаниот ______________________________ Директор на Ветеринарното друштво ______________________________ потврдувам дека податоците кои се прикажани во формуларот одговараат на вистинската состојба.

Епизоотиолошко подрачје ______________________________
Епизоотиолошка единица ______________________________
Населено место ______________________________

**Болест:** [ ]

**Месец за кој се пријавуваат податоците:** [ ]

**Број на животни:**
**вакцинирани** ☐
**третирани** ☐
(штиклирајте го соодветниот термин)

| Вид животно | Број на вакцинирани / третирани |
|---|---|
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |

Во ________________

Дата ____________________ година

Место за печат на Ветеринарното друштво

Директор на ветеринарното друштво

______________________________
(име и презиме)

______________________________
(своерачен потпис)

**Прилог 9**

**До:**
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**
**Управа за ветеринарство**
**Ветеринарна инспекција**
**Подрачна единица на МЗШВ**

______________________________

Ветеринарно друштво

______________________________
(назив на Ветеринарното друштво)

______________________________
(адреса)

______________________________

## ФОРМУЛАР ЗА ПРИЈАВА НА ТЕСТИРАНИТЕ ЖИВОТНИ ПРЕКУ ГОДИШНАТА НАРЕДБА

Јас, долу потпишаниот ____________________________ Директор на Ветеринарното друштво ____________________________ потврдувам дека податоците кои се прикажани во формуларот одговараат на вистинската состојба.

Епизоотиолошко подрачје ____________________________
Епизоотиолошка единица ____________________________
Населено место ____________________________

**Болест:** ☐

**Месец:** ☐

**Број на животни:**
**тестирани** ☐
**ретестирани** ☐
(штиклирајте го соодветниот термин)

| Вид на животно | го пополнува ветеринарното друштво | | го пополнува ветеринарниот инспектор | |
|---|---|---|---|---|
| | Број на тестирани животни | Број на позитивни животни | Број на животни пратени на колење | Број на нештетно отсранети животни |
| | | | | |
| | | | | |

Во ________________

Дата ____________________ година

Директор на ветеринарното друштво

Место за печат на Ветеринарното друштво

____________________________
(име и презиме)

____________________________
(своерачен потпис)

**Прилог 9**

**До:**
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**
**Управа за ветеринарство**
**Ветеринарна инспекција**
**Подрачна единица на МЗШВ**

______________________________

Ветеринарно друштво

______________________________
(назив на Ветеринарното друштво)

______________________________
(адреса)

______________________________

## ФОРМУЛАР ЗА ПРИЈАВА НА БРОЈ НА ЖИВОТНИ

Јас, долу потпишаниот ______________________________ Директор на Ветеринарното друштво ______________________________ потврдувам дека бројот на животните кои се прикажани во овој формулар по мое знаење одговара на вистинската состојба.

Епизоотиолошко подрачје ______________________________

Епизоотиолошка единица ______________________________

Населено место ______________________________

**Број на животни**

| чапункари | | | | Копитари | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| говеда | | биволи | | Коњи | | магариња | |
| овци | | кози | | Мазги | | мулиња | |
| свињи | | | | | | | |
| перната живина | | | | други видови животни | | | |
| кокошки | | мисирки | | кучиња | | мачки | |
| гуски | | шатки | | Зајаци | | куникули | |
| | | | | кошници пчели | | риби во рибници | |
| | | | | | | | |

**Забелешка: Задолжително е пријавувањето на бројот на говедата, овците, козите, свињите, коњите, кучињата и кокошките. Бројот на другите видови животни треба да се пријави доколку за тоа има податоци.**

Во ________________

Дата ____________________ година

Директор на Ветеринарно друштво

Место за печат на Ветеринарното друштво

______________________________
(име и презиме)

______________________________
(своерачен потпис)

**Прилог 10**

**Министерство за земјоделство,**
**шумарство и водостопанство**
**Управа за ветеринарство**
**Ветеринарна инспекција**
**Подрачна единица на МЗШВ**

______________________________

## Формулар за пријава на бројот на заклани животни во кланиците заради сузбивање на заразни болести

Кланица ______________________________

Епизоотиолошка единица ______________________________

**Болест**:

**Месец за кој се пријавува болеста:**

**Податоци за животното:**

Вид на животно: ______________________________

Населено место од каде потекнува: ______________________________

Епизоотиолошка единица: ______________________________

**Основа за решение:**

1) годишна наредба
2) жариште
3) ензоотска болест
4) друго

(заокружете ја соодветната основа за решение за колењето)

**Број на заклани животни**:

Во ______________________

Дата: ________________ година

Ветеринарен инспектор

______________________________
(име и презиме)

______________________________
(своерачен потпис)

**Прилог 11**

________________________________ Бр. __________

(*назив на Ветеринарното друштво*)

________________________________

(*адреса* )

☎:____________

**ПОТВРДА бр:___**

*(за извршени услуги)*

| Вид на услуга | Болест | Вид на животни | Вкупен број на животни |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

**На сопственикот** ____________________ ____________________, **од населеното место**

(*име и презиме*)

________________________________________, **епизоотиолошка единица** ______________________

**Извршена на на ден** _________________ **2005 година**

________________________________

*(потпис на сопственикот)* ***Извршил***: __________________________

*(потпис )*

**МИНИСТЕР,**

**Садула Дураку,** с.р.

## Прилог 12


Потврда за обележување

Број на ушната маркица на говедото

РБО

Датум на обележувањето

Потпис на одгледувачот

ИД број и потпис на обележувачот

**Прилог 13**

Република Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Управа за ветеринарство

100000

## Прашалник за попис на одгледувалишта за говеда

Организација: Код
Попишувач: (Број од идентификациска картичка)
Датум на попишувањето: Ден Месец Година

**1. Одгледувач** ☐ Г-дин ☐ Г-ѓа ☐ Организација

Име:
Татково име:
Презиме:
Улица и број:
Населено место:
Поштенски број: Тел. бр.
Единствен матичен/даночен број:
Број на одгледувачот од Пилот проект:

**2. Податоци за одгледувачот**

Префериран јазик на издадените документи
☐ Македонски
☐ Двојазични (Македонски&Албански)

Тип
☐ Одгледувач
☐ Трговец

Адресата на одгледувачот е различна од адресата на одгледувалиштето
☐ Не ☐ Да
Ако Да: Пополни дел 3 од дополнителен прашалник

Број на говеда

Членство во здружение на одгледувачи ☐ Не ☐ Да Код на здружението

Користење на компјутер ☐ Не ☐ Да

**3. Други одгледувалишта на одгледувачот** ☐ Не ☐ Да

Адреса:
Населено место:
Поштенски број:

**4. Употреба на селски пасишта** ☐ Не ☐ Да

Име на пасиштето:
Сезона на напасување од: Ден Месец Ден Месец
Поштенски број:
Населено место:

**5. Употреба на планински/летни пасишта** ☐ Не ☐ Да

Име на пасиштето:
Сезона на напасување од: Ден Месец Ден Месец
Поштенски број:
Име на локацијата:

**6. Потврда на дадените податоци**

Потпис на попишаниот
Потпис на попишувачот
Код
Забелешки

**Прилог 14**

Република Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Управа за ветеринарство

100000

## Прашалник за попис на одгледувалишта на овци и кози

Организација — Код
Попишувач — (Број од идентификациска картичка)
Датум на попишувањето — Ден, Месец, Година

### 1. Одгледувач

☐ Г-дин ☐ Г-ѓа ☐ Организација

Име:
Татково име:
Презиме:
Улица и број:
Населено место:
Поштенски број: Тел. бр.
Единствен матичен/даночен број:

### 2. Податоци за одгледувачот

Преферирал јазик на издадените документи
☐ Македонски
☐ Двојазични (Македонски/Албански)

Тип
☐ Одгледувач
☐ Трговец

Тип на производство
☐ Млеко
☐ Месо
☐ Волна

Број на овци
Број на кози

Други видови ☐ Говеда ☐ Свињи

### 3. Податоци за одгледувалиште 1

Адреса:
Населено место:
Поштенски број: РБО (ако има):

### 4. Податоци за одгледувалиште 2 ☐ Не ☐ Да

Адреса:
Населено место:
Поштенски број: РБО (ако има):

### 5. Употреба на планински/летни пасишта ☐ Не ☐ Да

Име на пасиштето:
Сезона на напасување од: Ден Месец — Ден Месец
Поштенски број:
Име на локацијата:

### 6. Потврда на дадените податоци

Потпис на попишаниот — Потпис на попишувачот — Код — Забелешки

## УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**218.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и членовите 27 и 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 1 февруари 2006 година, донесе

### ОДЛУКА

1. Се укинуваат член 17-а, член 14 став 1 точка 3 во делот "и налози за блокада на средства", член 2 алинеја 11 и член 16 во делот "и налозите за блокада на средствата" од Законот за платниот промет ("Службен весник на Република Македонија" бр.32/2001, 50/2001, 52/2001-исправка, 103/2001, 37/2002, 41/2002-исправка, 61/2002 и 42/2003).

2. Се става надвор од сила Решението за запирање на извршувањето на поединечните акти или дејствија што се донесени, односно преземени врз основа на членовите од Законот означени во точката 1 од оваа одлука.

3. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

4. Уставниот суд на Република Македонија по иницијатива од Панче Нефтенов од Скопје и по сопствена иницијатива со Решение У.бр.204/2005 од 30 ноември 2005 година поведе постапка за оценување на уставноста на одредбите од Законот означени во точката 1 од оваа одлука и го запре извршувањето на поединечните акти или дејствија што се донесени, односно преземени врз основа на тие одредби од Законот.

5. Судот на седницата утврди дека според оспорениот член 17-а од Законот, Министерството за финансии и Агенцијата за управување со средства, за пристигнатите, а неплатени побарувања кои на Агенцијата за управување со средства и на Министерството за финансии им се пренесени со закон даваат налог за блокада на средства до носителот на платниот промет каде што учесникот во платниот промет има сметка.

Во случај на недостиг на средства за потполно извршување на налогот за блокада на средства од ставот 1 на овој член, носителот на платниот промет постапува согласно со одредбите од членот 17 на овој закон.

Во членот 14 од Законот се утврдени субјектите кои што може да издаваат платен инструмент на товар на сметката на учесникот во платниот промет. Според ставот 1 точка 3 од овој член, платен инструмент може да издаде носителот на платен промет меѓу другото врз основа и на налози за блокада на средства, во кој дел се оспорува оваа точка на членот 14 од Законот.

6. Согласно член 8 став 1 алинеите 3 и 4 од Уставот, владеењето на правото и поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска се едни од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија.

Според член 51 од Уставот, во Република Македонија законите мора да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.

Како една од основите на економските односи во Република Македонија, Уставот во членот 55 став 1 ја гарантира слободата на пазарот и претприемништвото, а во ставот 2 на истиот член, меѓу другото, е утврдено дека Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот.

Во Амандманот XXV на Уставот е утврдено дека судската власт ја вршат судовите, кои се самостојни и независни и судат врз основа на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот. Според овој амандман на Уставот, исто така, видовите, надлежноста, основањето, укинувањето, организацијата и составот на судовите, како и постапката пред нив, се уредуваат со закон, што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Платниот промет во земјата е уреден со Законот за платниот промет, чии одредби се оспоруваат со оваа иницијатива во однос на напред означените одредби од Уставот.

Поимот "платен промет" употребен во Законот за платниот промет, според членот 2 на овој закон означува плаќања во денари што ги вршат учесниците во платниот промет преку носителите на платниот промет.

Според членот 3 од Законот, носители на платниот промет се Народната банка на Република Македонија и банките кои добиле дозвола за вршење на платен промет согласно со закон.

Во членот 8 од Законот е утврдено дека за вршење на платниот промет се користат платни инструменти, чиј вид, форма и содржина ги пропишува министерот за финансии.

Учесникот во платниот промет (а тоа е секое домашно или странско правно и физичко лице кое врши регистрирана дејност или друго физичко лице, кое врши плаќање во денари преку носителите на платниот промет) согласно член 9 од Законот може да има повеќе сметки кај еден носител на платниот промет, како и да има сметки кај повеќе носители на платниот промет.

Според членот 16 од Законот, носителот на платниот промет е должен да ги извршува решенијата за присилна наплата и налозите за блокада на средствата во согласност со закон. Во случај да има повеќе решенија за присилна наплата и налози за блокада на средствата, истите се заведуваат во евиденции според датумот и времето на нивното пристигнување и по истиот редослед се извршуваат.

Инаку, поимот "Решение за присилна наплата" употребен во Законот за платниот промет, според членот 2 алинеја 9 на овој закон го има значењето на правосилна судска одлука за дозвола за извршување, извршно решение за казна за прекршок, извршно решение за јавни давачки или решение на други органи овластени со закон. Согласно алинејата 11 на истиот член од Законот "Налог за блокада на средства" е налог во писмена форма со кој се врши блокада на средства од сметката на учесникот - должник, согласно со закон.

Конечно, во членот 17 од Законот е утврден начинот на извршување на решението за присилна наплата од страна на носителот на платниот промет на кој му е доставено. Според ставот 2 на оспорениот член 17-а, согласно одредбите на член 17 од Законот носителот на платниот промет постапува и во случај на недостиг на средства за потполно извршување на налогот за блокада на средствата издаден од Министерството за финансии и Агенцијата за управување со средства.

Разгледувајќи ги оспорените законски одредби во контекст на наведените и другите одредби од Законот за платниот промет произлегува дека овој закон режимот за присилна наплата на пристигнати, а неплатени побарувања преку носителите на платниот промет го уредил на различен начин зависно од субјектот на побарувањето. Така, во однос на наплатата на побарувањата на Агенцијата за управување со средства и на Министерството за финансии законодавецот ги овластил овие субјекти директно да издаваат налози за блокада на средства до носителот на платниот промет каде што учесникот во платниот промет има сметка. Овие налози носителот на платниот промет е должен да ги извршува.

За разлика од тоа, за присилна наплата на побарувањата на сите учесници во платниот промет, со плаќање од нивните сметки што се водат кај носителите на платниот промет, Законот предвидува постоење на решение за присилна наплата, со значење што овој термин го има во смисла на овој закон, а тоа е, како што веќе е наведено, правосилна судска одлука за дозвола за извршување, извршно решение за казна за прекршок, извршно решение за наплата на јавна давачка или решение на други органи овластени со закон.

Од наведеното произлегува дека Агенцијата за управување со средства и Министерството за финансии, а со тоа и државата, како посебен субјект, со оспорените законски одредби се ставени во привилегирана положба во однос на другите субјекти - учесници во платниот промет, затоа што, според овие одредби и Агенцијата и Министерството без соодветна постапка за докажување на основаноста на своето побарување и без постоење на посебна одлука (решение) од страна на надлежен орган за тоа, само со издавање на налог за блокада на средствата можат да обезбедат наплатување на своето побарување. Тоа не е случај за субјектите кои во смисла на овој закон се сметаат за учесници во платниот промет, па ниту за другите државни органи, кои, исто како и Министерството за финансии во име на Републиката имаат или може да имаат побарувања по разни основи од учесниците во платниот промет. Имено, во сите овие случаи законодавецот индиректно инсистира на потребата од постоење на извршен наслов кој што претходи на решението за присилна наплата во смисла на членот 2 алинеја 9 од Законот.

Освен тоа, според Судот ваквиот двоен режим на уредување на ова прашање ги доведува и самите учесници во платниот промет во меѓусебна нееднаква положба, односно ги третира различно во зависност од субјектите во однос на чие побарување се јавуваат како должници.

Оттука, Судот утврди дека со оспорените законски одредби не само што генерално се повредува принципот на владеењето на правото, туку се повредува и уставната определба за еднаквата правна положба на субјектите на пазарот и поради тоа оцени дека членот 17-а и член 14 став 1 точка 3 во делот "и налози за блокада на средства" од Законот за платниот промет не се во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 и член 55 став 2 од Уставот. Од истите причини Судот по сопствена иницијатива оцени дека со наведените уставни одредби не е во согласност ниту член 2 алинеја 11, ни член 16 од Законот во деловите "и налозите за блокада на средствата".

7. Во врска со наводите во иницијативата дека оспорените законски одредби биле неприменливи и нејасни бидејќи Агенцијата за управување со средства на која се упатува во оспорениот член 17-а од Законот не постоела во правниот поредок, Судот утврди дека согласно член 4 од Законот за Агенцијата на Република Македонија за управување со средства ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/2001), оваа агенција престанува со работа на 31 март 2004 година. Поради тоа, овој факт, исто така, е една од причините поради кои Судот оцени дека членот 17-а од Законот не е во согласност со Уставот и одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

8. Со оглед на тоа што оваа одлука е конечна и извршна Судот одлучи како во точката 2 од оваа одлука.

9. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумоски, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов.

У.бр.204/2005 | Претседател
1 февруари 2006 година | на Уставниот суд на Република
Скопје | Македонија,
**Лилјана Ингилизова-Ристова,** с.р.

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**219.**

Врз основа на член 64 став 1 точка 22 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04 и 61/05), Советот на Народна банка на Република Македонија донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КАМАТНИТЕ СТАПКИ НА НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Во Одлуката за каматните стапки на Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 117/05), во точка 4, став 2 процентот "13,00" се заменува со процентот "11,00".

2. Оваа одлука влегува во сила во рок од осум дена од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

О. бр. 02-15/I-1/2006 | Претседател
2 февруари 2006 година | на Советот на Народна банка
Скопје | на Република Македонија
Гувернер,
м-р **Петар Гошев,** с.р.

---

**220.**

Врз основа на член 64 став 1 точка 14 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04 и 61/05), Советот на Народна банка на Република Македонија донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЕДИНСТВЕНАТА ТАРИФА НА НАДОМЕСТОЦИ ЗА УСЛУГИ ШТО ГИ ВРШИ НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Во Одлуката за единствена тарифа за надоместоци на услуги што ги врши Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 2/05 и 22/05) во глава IV "Работи на платен промет во земјата" во точка 14 "Единици за пресметка" став 7 зборовите: "трипати поголем од" се заменуваат со зборовите: "еднаков на".

2. Оваа одлука влегува во сила во рок од осум дена од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01.03.2006 година.

О. бр. 02-15/I-2/2006 | Претседател
2 февруари 2006 година | на Советот на Народна банка
Скопје | на Република Македонија
Гувернер,
м-р **Петар Гошев,** с.р.

---

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**221.**

Врз основа на член 11-е, став 1, алинеја 4 од Законот за енергетика (Службен весник на РМ бр. 47/97, 40/99, 98/00, 94/02, 38/03 и 40/05), Регулаторната Комисија за енергетика на Република Македонија на седницата одржана на 6 февруари 2006 година, донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА НАЧИН И УСЛОВИ ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЦЕНИ ЗА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ЗА ГРЕЕЊЕ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се уредува начинот на формирање, одобрување и контрола на цените (во понатамошниот текст: регулирање на цените) за производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија за греење (во понатамошниот текст: топлинска енергија).

Одредбите на овој правилник се однесуваат на претпријатијата кои вршат дејности од јавен интрес од областа на топлинската енергија (во понатамошниот текст: регулирани дејности ).

Регулираните дејности од областа на топлинската енергија се енергетските дејности од јавен интрес:

- дистрибуција на топлинска енергија,
- производство на топлинска енергија за тарифни потрошувачи, и
- снабдување со топлинска енергија на тарифни потрошувачи.

Претпријатието кое врши регулирана дејност (во понатамошниот текст: претпријатие) е должно да ги формира цените согласно методологијата утврдена со овој правилник.

Член 2

Производител на топлинска енергија (во понатамошниот текст: производител), во смисла на овој правилник е претпријатие кое врши регулирана дејност производство на топлинска енергија за тарифни потрошувачи и истата ја предава во дистрибутивната мрежа.

Дистрибутер на топлинска енергија (во понатамошниот текст: дистрибутер), во смисла на овој правилник е претпријатие кое врши регулирана дејност дистрибуција на топлинска енергија.

Снабдувач со топлинска енергија (во понатамошниот текст: снабдувач), во смисла на овој правилник е претпријатие кое врши регулирана дејност снабдување на топлинска енергија за тарифни потрошувачи, односно врши набавка, мерење, отчитување, фактурирање и наплата за потрошената топлинска енергија и се грижи за исправноста на мерните уреди.

Тарифен потрошувач на топлинска енергија е правно или физичко лице кое за сопствени потреби купува топлинска енергија по пропишан тарифен систем за што склучува договор со снабдувачот на топлинска енергија. (во понатамошниот текст: тарифен потрошувач).

Член 3

Снабдувањето со топлинска енергија на тарифните потрошувачи по правило се врши во периодот од 15 октомври во тековната, до 15 април во наредната календарска година.

По исклучок од став 1 на овој член, снабдувањето со топлинска енергија на тарифните потрошувачи може да почне и пред 15 октомври, но не и пред 1 октомври, доколку во три последователни денови во периодот од 1 до 15 октомври, надворешната температура во 21:00 часот е 12 $^{0}$C или пониска, според податоците од Управата за Хидрометеоролошки работи на Република Македонија.

По исклучок од став 1 на овој член, снабдувањето со топлинска енергија на тарифните потрошувачи може да се врши и по 15 април, но не подоцна од 1 мај, доколку во три последователни денови во периодот од 15 април до 1 мај, надворешната температура во 21:00 часот е 12 $^{0}$C или пониска, според податоците од Управата за Хидрометеоролошки работи на Република Македонија.

Снабдувачот со топлинска енергија е должен во текот на денот да обезбеди снабдување со топлинска енергија во периодот од 06:00 часот до 21:00 часот.

Снабдувачот со топлинска енергија е должен да обезбеди топлинска енергија во количина која во просториите на потрошувачот обезбедува постојана температура од 20 ± 1 $^{0}$C.

Член 4

Регулирањето на цените на топлинска енергија на начин и постапка утврдени со овој Правилник има цел да обезбеди:

- заштита од злоупотреба на доминантна и монополска положба на претпријатијата;
- заштита на корисниците на топлинска енергија и обезбедување на сигурно и квалитетно снабдување со топлинска енергија;
- услови за трајно и успешно работење на претпријатијата со определување на ниво на регулиран принос на капиталот;
- иден развој на претпријатијата преку регулирање засновано на мотивации за подобрување на продуктивноста и ефикасно работење;
- подобрување на квалитетот на услугите кои ги даваат претпријатијата;
- стабилни и предвидливи односи на пазарот на топлинска енергија, кои обезбедуваат поволни услови за привлекување на инвеститори;
- предуслови за одржлив развој; и
- услови за примена на начелата на објективност, недискриминаторност и транспарентност во вршењето на регулираните дејности.

Член 5

При регулирањето на цената се користи методологија врз основа на поттикнувачка ценовна регулатива со примена на метод на регулиран максимален приход.

Метод на регулиран максимален приход од став 1 од овој член, значи определување на приход кој на претпријатието ќе му биде дозволено да го оствари од вршењето на регулираната дејност на годишно ниво, во регулираниот период определен согласно член 6 од овој правилник.

Член 6

Претпријатието е должно да побара од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија) одобрување на цена на топлинска енергија за регулираниот период.

Под регулиран период се подразбира периодот за кој со примена на методот од член 5 од овој правилник се определува регулираниот максимален приход на претпријатието.

Регулираниот период го утврдува Регулаторната комисија.

Времетраењето на првиот регулиран период е од 01.07.2006 година до 31.12.2008 година.

Базна година за првиот регулиран период е 2005 година.

Член 7

Претпријатието од член 1 од овој правилник го води своето сметководство во согласност со меѓународните сметководствени стандарди.

Претпријатието кое врши две или повеќе регулирани дејности или покрај регулираната дејност врши и друга дејност, која во смисла на овој правилник не се смета за регулирана дејност, должно е во своите интерни пресметки да води одвоена сметководствена евиденција за секоја од дејностите, односно да изготви финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието, во согласност со стандардите со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието, како и консолидиран финансиски извештај.

Член 8

Претпријатието е должно, во согласност со Законот за енергетика и овој правилник, по барање на Регулаторната комисија да доставува податоци и информации потребни за регулирање на цената и да овозможи увид во расположивата инвестиционо - техничка документација за проекти од областа на регулираната дејност.

Претпријатието е должно, најдоцна до 30 јуни во тековната година, до Регулаторната комисија да достави Извештај од ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи од претходната година.

## II. НАЧИН И ПРЕСМЕТКА НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА

### 1. Дистрибуција на топлинска енергија за греење

Член 9

Регулираниот максимален приход на претпријатието кое врши дистрибуција на топлинска енергија преку дистрибутивната мрежа треба да ги покрие трошоците за дистрибуција како и трошоците за управување со дистрибутивната мрежа и да обезбеди ниво на регулиран принос на капиталот, а се определува на начин и постапка утврдена со овој правилник и со примена на методологијата дадена во Прилог 1 кој што е составен дел на овој правилник.

Член 10

Секој потрошувач на топлинска енергија по правило треба да биде снабдуван со топлинска енергија преку мерен уред со кој задолжително се мери количината на испорачаната топлинска енергија.

Во колективните станбени згради каде што не постојат технички можности за вградување на мерен уред кај секој потрошувач поодделно, мерењето на испорачаната топлинска енергија се врши преку заедничкиот мерен уред во топлинската станица.

Техничките загуби во дистрибутивната мрежа се признаваат до 12% од вкупната топлинска енергија испорачана од производителите во дистрибутивната мрежа.

Член 11

Надоместокот на трошоците за приклучување кон дистрибутивната мрежа, вклучувајќи го и мерното место, го плаќаат корисниците (производител и/или потрошувач) кои се приклучуваат кон дистрибутивната мрежа.

Одржувањето и работењето со средствата за приклучување ги врши вршителот на дејноста дистрибуција на топлинска енергија.

### 2. Производство на топлинска енергија

Член 12

Регулираниот максимален приход на претпријатието кое врши дејност производство на топлинска енергија за тарифни потрошувачи треба да ги покрие трошоците за производство на топлинска енергија до местото на предавање на топлинска енергија во дистрибутивната мрежа и да обезбеди ниво на регулиран принос на капиталот, а се определува на начин и постапка утврдена со овој Правилник и со примена на методологијата дадена во Прилог 1, кој што е составен дел на овој правилник.

Член 13

Техничките загуби на енергија при производство на топлинската енергија, во зависност од видот на горивото кое се користи, се признаваат:

- до 5,00 % за природен гас,
- до 9,35 % за мазут (припрема,предгревање и согорување) и
- до 20,00 % за јаглен.

Член 14

Во секоја производна единица на топлинска енергија, односно топлана која предава топлинска енергија на дистрибутивната мрежа за греење на тарифните потрошувачи, мора да биде вграден мерен уред со кој задолжително ќе се мери предадената топлинска енергија во дистрибутивната мрежа во тек на еден календарски месец, врз основа на која ќе се врши наплата на произведената и предадената топлинска енергија.

Мерниот уред од став 1 на овој член мора да ја исполнува пропишаната класа на точност.

Вршителот на дејноста производство на топлинска енергија е должен да ги одржува и да обезбеди периодична верификација на мерните уреди од став 1 на овој член, во согласност со закон.

Член 15

Трошоци кои се признаваат за набавка на гориво се одредуваат врз основа на:

- Количина на потрошено гориво за произведена, односно измерена и предадена топлинска енергија во дистрибутивната мрежа, утврдена врз основа на долната топлинска моќ на употребеното гориво, како и признатите техничките загуби на енергија при производство на топлинска енергија во зависност од видот на горивото, согласно член 13 од овој правилник.
- Приложена документација од производителот на топлинска енергија за извршена набавка на гориво во согласност со Законот за јавни набавки (договор за јавна набавка, фактури, испратници, атест за квалитет со дефинирана долна топлинска моќ).

Набавната цена на горивото искажана во приложените фактури, не може да биде повисока од цената на соодветното гориво, која во време на набавката на горивото била одобрена од страна на Регулаторна комисија.

### 3. Снабдување со топлинска енергија за греење

Член 16

Регулираниот максимален приход на претпријатието кое врши дејност снабдување со топлинска енергија треба да ги покрие трошоците на претпријатието кое врши дејност снабдување со топлинска енергија, односно трошоците за вршење на дејноста снабдување со топлинска енергија и да обезбеди ниво на регулиран принос на капиталот, а се определува на начин и постапка утврдена со овој правилник и со примена на методологијата дадена во Прилог 3, кој што е составен дел на овој правилник.

Вршителот на дејноста снабдување со топлинска енергија е должен да ги одржува и да обезбеди периодична верификација на мерните уреди во согласност со закон.

## III. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ОДОБРУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА ЦЕНА

Член 17

Претпријатието од член 1 од овој правилник поднесува барање до Регулаторната комисија за одобрување на цена на топлинска енергија за регулиран период, определен во согласност со член 6 од овој правилник.

Барањето од став 1 на овој член го доставува управителот или директорот на претпријатието по претходна добиена согласност од органот определен со статутот на претпријатието.

Кон барањето од став 1 на овој член треба да бидат доставени податоци од работењето на претпријатието, а особено:

- решение за упис во трговскиот регистар со сите прилози и статутот на претпријатието во оригинал или фотокопија заверена кај нотар;
- финансиски извештаи со сите прилози утврдени во Меѓународните сметководствени стандарди и извештај од ревизија на финансиските извештаи извршена од страна на овластен ревизор, за претпријатието како правно лице, како и за секоја регулирана дејност поодделно доколку исто правно лице врши повеќе од една регулирана дејност;
- финансиско-сметководствени, техничко-економски и други податоци и информации, преку пополнување на табелите содржани во Прилог 4, кој што е составен дел на овој правилник;

- други податоци кои се релевантни за претпријатието (за технолошкиот циклус и сл.), како дополнување на поднесеното барање доставени по барање на претпријатието или по барање на Регулаторната комисија.

Кон барањето од став 1 на овој член претпријатието е должно да достави изјава за веродостојноста на барањето и податоците дадени во врска со него, потпишана од одговорното лице на претпријатието. Содржината на изјавата е дадена во Прилог 5 кој што е составен дел на овој правилник.

Барањето од став 1 на овој член и податоците од став 3 на овој член се доставуваат во два примероци, од кои барањето и податоците од став 3, алинеа 3 на овој член задолжително се доставуваат и во електронска форма.

Член 18

Постапката од член 17 на овој правилник отпочнува со денот на приемот на барањето во архивата на Регулаторната комисија.

Регулаторната комисија е должна во рок од 10 дена од денот на приемот на барањето, да го разгледа барањето и да донесе заклучок за утврдување на комплетноста на барањето, кој што го доставува до претпријатието. Регулаторната комисија може пред донесување на заклучокот да го повика претпријатието на заеднички состанок за дополнителни информации и појаснувања во врска со поднесеното барање.

Доколку со заклучокот од став 2 на овој член се бара докомплетирање на барањето, претпријатието е должно во рок од шест дена, од денот на приемот на заклучокот во неговата архива, во целост да постапи по заклучокот на Регулаторната комисија.

По приемот на комплетираното барање од став 3 на овој член, Регулаторната комисија во рок од три дена ќе донесе заклучок за комплетноста на барањето и за отпочнување на постапка за јавна расправа по барањето.

Доколку претпријатието не постапи во согласност со став 3 на овој член Регулаторната комисија во рок од три дена ќе донесе решение со кое ќе го одбие барањето како некомплетно.

Член 19

Регулаторната комисија, во рок од пет дена по донесувањето на заклучокот од член 18, став 2 односно став 4, на овој правилник, го утврдува и го објавува текстот на барањето на веб страната на Регулаторната Комисија и на трошок на претпријатието го објавува во најмалку два дневни весници од кои најмалку во еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

Во текстот што се објавува се содржани податоци од барањето и причините поради кои е поднесено барањето, начинот и рокот во кој заинтересираните физички и правни лица можат да достават мислење а кој што не може да биде подолг од 10 дена од денот на објавувањето, како и адресата на која се доставуваат мислењата.

Член 20

Регулаторната Комисија е должна во рок од три дена на барателот да му достави копии од доставените мислења и предлози во врска со објавениот текст на барањето од член 19 на овој правилник.

Регулаторната комисија е должна во рок од пет дена од денот на истекот на рокот од член 19, став 2 на овој правилник, но не подоцна од истекот на педесетиот ден од денот на отпочнување на постапката, да свика подготвителна седница.

За присуство и учество во расправата на подготвителната седница се поканувaат овластени претставници на заинтересираните претпријатија, инстутиции и организации.

Член 21

Регулаторната Комисија е должна најдоцна во рок од десет дена од завршувањето на подготвителната седница да одржи редовна седница на која ќе донесе одлука по барањето за одобрување на цена на топлинска енергија за регулиран период.

Одлуката донесена на седницата од став 1 на овој член, како и одлуките донесени во согласност со член 22 и 23 на овој правилник задолжително се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија".

Член 22

Регулаторната комисија врши редовна контрола на одобрената цена со која се остварува регулираниот максимален приход, преку контрола на остварените трошоци за вршење на регулираната дејност, согласно соодветната Методологија од овој правилник, по истекот на првите шест месеци во календарската година и по истекот на календарската година.

Заради остварувањето на редовната контрола по истекот на првите шест месеци во тековната регулирана година, претпријатието е должно најдоцна до 10 јули од тековната година до Регулаторната комисија да достави финансиско-сметководствени и техничко-економски податоци и информации согласно Прилог 4 на овој правилник, кај кои се идентификувани промените во однос на претходно доставените податоци и информации, податоци и документација за трошоци за гориво согласно член 15 на овој правилник, како и изјава за веродостојноста на доставените податоци и информации, согласно Прилог 5 на овој правилник.

Доколку Регулаторната комисија врз основа на податоците и информациите за остварувањата од став 2 на овој член, како и врз основа на Извештајот од ревизијата на годишната сметка и финансиските извештаи од претходната година, утврди дека постојат разлики помеѓу одобрените и остварените трошоци, ќе изврши корекција на одобрената цена за тековната регулирана година и преостанатиот регулиран период, во согласност со одредбите на овој Правилник.

Заради вршење на годишна контрола на одобрениот максимален приход и цена на топлинската енергија за претходната регулирана година во регулираниот период, претпријатието е должно по истекот на календарската година, а не подоцна од 10 јануари во тековната година, до Регулаторната комисија да достави финансиско-сметководствени и техничко-економски податоци и информации за работењето во претходната регулирана година, преку пополнување на табелите содржани во Прилог 4, кој што е составен дел на овој правилник, податоци и документација за трошоци за гориво согласно член 15 на овој правилник, како и изјава за веродостојноста на доставените податоци и информации, согласно Прилог 5 на овој правилник.

Доколку Регулаторната комисија врз основа на податоците и информациите за остварувањата од став 4 на овој член, утврди дека постојат разлики помеѓу одобрените и остварените трошоци, ќе изврши корекција на одобрената цена за тековната регулирана година и преостанатиот регулиран период, во согласност со одредбите на овој правилник.

По секоја редовна контрола извршена во согласност со овој член, Регулаторната комисија донесува одлука за промена на цената на топлинската енергија, во рок не подолг од 15 работни денови од денот на приемот во архивата на Регулаторната комисија на документацијата комплетирана согласно став 2, односно став 4 на овој член.

Член 23

Во случај на настанување на околности кои не постоеле или не можело да се предвидат во времето на одобрување на цената, но предизвикале зголемување на остварените во однос на одобрените вкупни трошоци за повеќе од 5%, претпријатието може да поднесе барање до Регулаторната комисија за зголемување на цената на топлинската енергија.

Во случај на настанување на околности кои не постоеле или неможело да се предвидат во времето на одобрување на цената, но предизвикале намалување на остварените во однос на одобрените вкупни трошоци за повеќе од 5%, претпријатието е должно да поднесе барање до Регулаторната комисија за намалување на цената на топлинската енергија.

Кон барањата од став 1 и став 2 на овој член, барателот е должен во финансиско-сметководствените и техничко-економските податоци и информации доставени во Прилогот 4 на овој правилник, да ги идентификува податоците и информациите кои што предизвикале потреба од поднесување на барањето, како и други податоци за кои смета дека се релевантни за одобрување на промена на цената.

Во случај кога претпријатието нема да поднесе барање за намалување на цена во согласност со став 2 од овој член, Регулаторната комисија ќе донесе заклучок за отпочнување на постапката за намалување на цената и заклучокот ќе го достави до претпријатието.

Рокот за донесување на одлука по барањето од став 1 и став 2 на овој член, односно по заклучокот од став 4 на овој член, не може да биде подолг од 15 работни денови од денот на приемот на барањето во архивата на Регулаторната комисија, односно приемот на заклучокот во архивата на претпријатието.

Во случаите од став 1, 2 и 4 на овој член, Регулаторната комисија со посебен заклучок ќе ги определи роковите за превземање на одделни дејствија во постапката во рамките на рокот од став 5 на овој член.

Поради вршењето на редовните контроли од член 22 на овој правилник барање од став 1 и став 2 на овој член не може да се поднесе во периодот од 1 декември до 31 јануари и од 1 јуни до 31 јули.

Член 24

Одредбите од Деловникот за работа на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, бр. 01-171/1 од 29.12.2003 година, соодветно се применуваат на организирањето и одржувањето на подготвителната седница и редовната седница на Регулаторната комисија.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 25

Производителите се должни мерните уреди од член 14 на овој правилник да ги вградат заклучно со 30 јуни 2006 година и веднаш да ја известат Регулаторната комисија за нивното пуштање во употреба.

До истекот на рокот од став 1 на овој член, како и во случај на неисправност на мерниот уред кај определена производна единица, количината на потрошеното гориво за определен пресметковен период се определува согласно точка 1.7. од Прилог 2 на овој правилник.

Член 26

Барањето за определување на цената на топлинска енергија за првиот регулиран период определен во член 6 став 2 на овој правилник, претпријатието е должно да го достави најдоцна до 30 јуни 2006 година.

Со денот на отпочнување на примена на овој правилник, одредбите од Методологијата за формирање на цени за одделни видови енергија ("Службен весник на РМ" бр. 43/98 и 8/2000), престануваат да се применуваат при формирањето на цените на топлинска енергија за греење.

Член 27

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 мај 2006 година.

Бр. 01-176/1 — Претседател,
6 февруари 2006 година — **Славе Ивановски,** с.р.
Скопје

**ПРИЛОГ 1.**

## Методологија за пресметка на регулиран максимален приход на претпријатието кое врши дистрибуција на топлинска енергија за греење

### 1. Регулиран максимален приход

Регулираниот максимален приход на претпријатието кое врши дистрибуција на топлинска енергија треба да ги покрие трошоците за дистрибуција на топлинската енергија во дистрибутивна мрежа, трошоците за управување со дистрибутивната мрежа и да обезбеди ниво на регулиран принос на капиталот, а се пресметува по метод на регулиран максимален приход, според следната формула:

$$MAR_t = MAR_{t-1} * (1 + CPI_t) * (1 - X) - K_t - Z_t$$

каде што:

| | | |
|---|---|---|
| $MAR_t$ | - регулиран максимален приход во годината t од регулираниот период; | [денари] |
| $MAR_{t-1}$ | - регулиран максимален приход во претходната година t-1 | [денари] |
| $CPI_t$ | - индекс на цени на мало; | |
| X | - фактор на ефикасност; | [0÷1] |
| $K_t$ | - фактор на корекција; | [денари] |
| $Z_t$ | - вредност на вкупните загуби во дистрибутивната мрежа | [денари] |

### 1.1. Регулиран максимален приход во базната година

Регулираниот максимален приход во базната година се пресметува според следната формула:

$$MAR_0 = O + L + D + T + RA$$

каде што:

| | | |
|---|---|---|
| $MAR_0$ | - регулиран максимален приход во базната година (за првиот регулиран период, базна година е 2005 год.) | [денари] |
| O | - оперативни трошоци во базната година; | [денари] |
| L | - реални технички загуби во базната година; | [денари] |
| D | - амортизација на регулираните средства во базната година; | [денари] |
| T | - даноци, придонеси и други давачки во базната година; | [денари] |
| RA | - принос од регулирани средства во базната година. | [денари] |

#### 1.1.1. Оперативни трошоци (О)

Оперативните трошоци, согласно оваа методологија, се трошоци за работењето и одржувањето на регулираната дејност на претпријатието, во согласност со техничките стандарди кои се применуваат во Република Македонија, а одразуваат нормализирани трошоци за вршење на регулираната дејност.

Нивото на нормализираните трошоци се формира според следните ориентири:

1. трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар, врз основа на нормативите за потрошувачка и просечните цени на пазарот во периодот на набавката;

2. трошоци за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување на средствата, до ниво од 20 % од пресметаната годишна амортизација;

3. трошоци за осигурување на градежни објекти и опрема се признаваат согласно нивото на премиите за осигурување кои препријатието ги платило;

4. бруто плати по работник до ниво на просечна бруто плата по работник остварена во стопанството на Република Македонија во тековната година, зголемена до 30%, како израз на квалификационата структура и сложеноста на регулираната дејност;

5. менаџерските плати и менаџерските награди, во нормализирани износи соодветно на зголемувањето на ефикасноста, а според одлуките на управните органи на претпријатието;

6. други услуги, до нивото од просечното тригодишно учество (%) во однос на трошоците за материјали, енергија, ситен инвентар (од ставката 1);

7. останати и вонредни (екцесни) трошоци, до 10% во однос на трошоците од ставките под 1; 2; 3; 4 и 6.

**1.1.2. Технички загуби (L)**

Се признаваат трошоците за технички загуби при дистрибуција на топлинска енергија што се определуваат согласно член 10 од овој правилник, пресметани по набавна цена на топлинска енергија.

**1.1.3. Амортизација (D)**

Пресметката на амортизацијата на регулираните средства се врши во согласност со пропишаните минимални годишни стапки на амортизација дадени со важечките прописи.

**1.1.4. Даноци, придонеси и други давачки (T)**

Даноците, придонесите и другите давачки се признаваат во согласност со законските прописи.

**1.1.5. Принос од регулирани средства (RA)**

Приносот од регулираните средства се пресметува според формулата:

$$RA = RAB * WACC$$

каде што:

| | | |
|---|---|---|
| RA | - принос од регулираните средства; | [денари] |
| RAB | - просечна вредност на средствата со кои се врши регулираната дејност (регулирани средства); | [денари] |
| WACC | - пондерирана просечна цена на капитал. | |

**1.1.5.1. Просечна вредност на средствата со кои се врши регулираната дејност (регулирани средства – RAB)**

Регулираните средства се само оние средства кои се користат за извршување на регулираната дејност (основни средства и трајни обртни средства).

За определување на просечната вредност на регулираните средства се користи следната формула:

$$\text{RAB} = \frac{RAB_{start} + RAB_{end}}{2}$$

каде што:

| | | |
|---|---|---|
| RAB | - просечна вредност на средствата со кои се врши регулираната дејност (регулирани средства); | [денари] |
| $RAB_{start}$ | - вредност на регулираните средства на почетокот на регулираната година; | [денари] |

Вредноста на регулираните средства на почетокот на регулираната година претставува збир на поединечните книговодствени вредности на регулираните материјални средства и регулираните нематеријални долгорочни средства на првиот ден од регулираната година.

Вредноста на регулираните средства на крајот на регулираната година се пресметува по следната формула:

$$RAB_{end} = RAB_{start} + NI - Grant - D - RAB_{out}$$

каде што:

| | | |
|---|---|---|
| $RAB_{end}$ | - вредност на регулираните средства на крајот на регулираната година; | [денари] |
| $RAB_{start}$ | - вредност на регулираните средства на почетокот на регулираната година; | [денари] |
| NI | - нови инвестиции; | [денари] |
| Grant | - бесплатно добиени средства; | [денари] |
| D | - амортизација на регулираните средства; | [денари] |
| $RAB_{out}$ | - оттуѓени и расходувани средства во регулираната година. | [денари] |

**1.1.5.2. Пондерирана просечна цена на капитал (WACC)**

Пондерираната просечна цена на капиталот се пресметува според следната формула:

$$\text{WACC} = \frac{E * K_e}{E + Debt} + \frac{Debt * K_d * (1 - T_p)}{E + Debt}$$

каде што:

| | | |
|---|---|---|
| WACC | - пондерирана просечна цена на капиталот; | |
| E | - сопствен капитал; | [денари] |
| $K_e$ | - цена на сопствен капитал; | |
| Debt | - долг; | [денари] |
| $K_d$ | - цена на долг; | |
| $T_p$ | - данок на добивка. | |

**1.1.5.2.1. Цена на сопствен капитал ($K_e$)**

Цената на сопствениот капитал се определува со примена на моделот на определување на цените на долгогодишните вложувања (CAPM - Capital Asset Prising Model), и тоа врз основа на приходот на неризични вложувања, просечниот приход на ризични вложувања и систематичните ризици изразени со коефициентот β, според следната формула:

$$K_e = R_f + (R_m - R_f) * \beta$$

каде што:

| | |
|---|---|
| $K_e$ | - цена на сопствен капитал; |
| $R_f$ | - приход на неризичните вложувања (% на очекуван приход на државни обврзници); |
| $R_m$ | - просечен приход на ризични вложувања (% на очекуван приход на пазарниот портфељ); |
| $(R_m - R_f)$ | - премија за пазарен ризик; |
| β | - коефициент на варијабилноста на приносите на акциите на претпријатието во однос на просечниот варијабилитет на приносите од сите акции на пазарот; |
| $(R_m - R_f) * \beta$ | - премија за пазарниот ризик за сопствен капитал. |

Во првиот регулиран период вредноста на коефициентот на варијабилноста на приносите на акциите на претпријатието во однос на просечниот варијабилитет на приносите од сите акции на пазарот $\beta$ е 1.

Доколку Македонска берза го пресметува коефициентот β истиот ќе се применува.

**1.1.5.2.2. Цена на долг ($K_d$)**

Цената на долгот на регулираното претпријатие се пресметува врз основа на просечните каматни стапки на користените инвестициони кредити, а контролата се врши врз основа на условите за кредитирање и каматните стапки, кои банките ги нудат на македонските регулирани претпријатија.

**1.2. Индекс на цени на мало (CPI)**

За определување на индексот на цени на мало CPI во релевантната година се користат официјални податоци објавени од Државниот завод за статистика.

**1.3. Фактор на ефикасност (X)**

Вредноста на факторот на ефикасност X се движи помеѓу 0÷1 и е во функција за:

- подобрување на ефикасноста која произлегува непосредно од постигнатите резултати на ефикасност (задача на споредбена анализа) и бараната брзина за прилагодување на ефикасноста; и
- израмнување на приходите, што се темели на постапка која ќе обезбедува такви идни приходи за обезбедување на очекуваниот приход за секоја година од регулираниот период кои се пропорционални на деловниот ризик.

Факторот на ефикасност X го определува Регулаторната комисија, при што во првата година на регулираниот период вредноста на факторот на ефикасност е еднаква на 0.

**1.4. Фактор на корекција (K)**

Факторот на корекција се пресметува според следната формула:

$$K_t = (R_{t-1} – MAR_{t-1}) * ( 1 + I_t )$$

каде што:

| | | |
|---|---|---|
| $K_t$ | - фактор на корекција; | [денари] |
| $R_{t-1}$ | - приход остварен во годината t-1 од страна на претпријатието; | [денари] |
| $MAR_{t-1}$ | - регулиран максимален приход во годината t-1; | [денари] |
| $I_t$ | - просечна вредност на дневните каматни стапки, во годината t. | |

Факторот на корекција $K_t$ го одобрува Регулаторната комисија, при што во првата година на регулираниот период вредноста на факторот на корекција е еднаква на 0.

**1.5. Вредност на актуелни (вкупни) загуби (Z)**

Вредноста на загубите на топлинска енергија во дистрибутивната мрежа кои се признаваат во регулираниот максимален приход, се пресметува според следната формула:

$$Z_t = (L_{t-1} – L_{ave}) * D_{t-1} * LP_t$$

каде што:

| | | |
|---|---|---|
| $Z_t$ | - вредност на вкупни загуби; | [денари] |
| $L_{t-1}$ | - учество на загубите во вкупно дистрибуираните количини на топлинска енергија во годината t-1, | |
| $L_{ave}$ | - просек на актуелни (вкупни) загуби во дистрибутивната мрежа, во периодот од годината t-2 до годината t-4; | |
| $D_{t-1}$ | - вкупна количина на топлинска енергија на влез во дистрибутивната мрежа во годината t-1; | [kWh] |
| $LP_t$ | - просечна пондерирана набавна цена на топлинска енергија во годината t-1. | [ден/ kWh] |

**ПРИЛОГ 2.**

**Методологија за пресметка на регулиран максимален приход на претпријатието кое врши производство на топлинска енергија за греење на тарифни потрошувачи**

**1. Регулиран максимален приход**

Регулираниот максимален приход на претпријатието кое врши производство на топлинска енергија за тарифни корисници треба да ги покрие трошоците за производство на топлинска енергија на влез во дистрибутивниот систем и да обезбеди ниво на регулиран принос на капиталот, а се пресметува по методот на регулиран максимален приход, според следната формула:

$$MAR_t = FIX_{t-1} * ( 1 + CPI_t) * ( 1 – X) + RA_t + VAR_t + FUEL_t$$

каде што:

| | | |
|---|---|---|
| $MAR_t$ | - регулиран максимален приход во годината t од регулираниот период; | [денари] |
| $FIX_{t-1}$ | - износ за покривање на фиксни трошоци во годината t-1; | [денари] |
| $CPI_t$ | - индекс на цени на мало; | |
| X | - фактор на ефикасност; | [0÷1] |
| $RA_t$ | - принос од регулираните средства во годината t; | [денари] |
| $VAR_t$ | - износ за покривање на варијабилни трошоци во годината t; | [денари] |
| $FUEL_t$ | - износ за покривање на трошоци за енергетско гориво во годината t; | [денари] |

**1.1. FIX**

FIX претставува износ за покривање на фиксни трошоци во годината t-1 во согласност со ориентирите за нормализирани трошоци дадени во точка 1.6 од овој Прилог.

**1.2. Индекс на цени на мало ($CPI_t$)**

За определување на индексот на цени на мало $CPI_t$ во релевантната година се користат официјални податоци објавени од Државниот завод за статистика.

**1.3. Фактор на ефикасност (X)**

Вредноста на факторот на ефикасност X се движи помеѓу 0÷1 и е во функција за:

- подобрување на ефикасноста која произлегува непосредно од постигнатите резултати на ефикасност (задача на споредбена анализа) и бараната брзина за прилагодување на ефикасноста; и
- израмнување на приходите, што се темели на постапка која ќе обезбедува такви идни приходи за обезбедување на очекуваниот приход за секоја година од регулаторниот период кои се пропорционални на деловниот ризик.

Факторот на ефикасност X го определува Регулаторната комисија, при што во првата година на регулираниот период вредноста на факторот на ефикасност е еднаква на 0.

**1.4. Принос од регулирани средства (RA)**

Приносот од регулираните средства се пресметува според формулата:

$$RA = RAB * WACC$$

каде што:

| | | |
|---|---|---|
| RA | - принос од регулираните средства; | [денари] |
| RAB | - просечна вредност на средствата со кои се врши регулираната дејност (регулирани средства); | [денари] |
| WACC | - пондерирана просечна цена на капитал. | |

**1.4.1. Просечна вредност на средствата со кои се врши регулираната дејност (регулирани средства – RAB)**

Регулираните средства се само оние средства кои се користат за извршување на регулираната дејност (основни средства и трајни обртни средства).

За определување на просечната вредност на регулираните средства се користи следната формула:

$$\text{RAB} = \frac{RAB_{start} + RAB_{end}}{2}$$

каде што:

| | | |
|---|---|---|
| RAB | - просечна вредност на средствата со кои се врши регулираната дејност (регулирани средства); | [денари] |
| $RAB_{start}$ | - вредност на регулираните средства на почетокот на регулираната година; | [денари] |

Вредноста на регулираните средства на почетокот на регулираната година претставува збир на поединечните книговодствени вредности на регулираните материјални средства и регулираните нематеријални долгорочни средства на првиот ден од регулираната година.

Вредноста на регулираните средства на крајот на регулираната година се пресметува по следната формула:

$$RAB_{end} = RAB_{start} + NI - Grant - D - RAB_{out}$$

каде што:

| | | |
|---|---|---|
| $RAB_{end}$ | - вредност на регулираните средства на крајот на регулираната година; | [денари] |
| $RAB_{start}$ | - вредност на регулираните средства во почетокот на регулираната година; | [денари] |
| NI | - нови инвестиции; | [денари] |
| Grant | - бесплатно добиени средства; | [денари] |
| D | - амортизација на регулираните средства; | [денари] |
| $RAB_{out}$ | - оттуѓени и расходувани средства во регулираната година. | [денари] |

**1.4.2. Пондерирана просечна цена на капитал (WACC)**

Пондерираната просечна цена на капиталот се пресметува според следната формула:

$$\text{WACC} = \frac{E * K_e}{E + Debt} + \frac{Debt * K_d * (1 - T_p)}{E + Debt}$$

каде што:

| | | |
|---|---|---|
| WACC | пондерирана просечна цена на капиталот; | |
| E | сопствен капитал; | [денари] |
| $K_e$ | - цена на сопствен капитал; | |
| Debt | - долг; | [денари] |
| $K_d$ | - цена на долг; | |
| $T_p$ | - данок на добивка. | |

**1.4.2.1. Цена на сопствен капитал ($K_e$)**

Цената на сопствениот капитал се определува со примена на моделот на определување на цените на долгогодишните вложувања (CAPM - Capital Asset Prising Model), и тоа врз основа на приходот на неризични вложувања, просечниот приход на ризични вложувања и систематичните ризици изразени со коефициентот $\beta$, според следната формула:

$$K_e = R_f + (R_m - R_f) * \beta$$

каде што:

| | |
|---|---|
| $K_e$ | - цена на сопствен капитал; |
| $R_f$ | - приход на неризичните вложувања (% на очекуван приход на државни обврзници); |
| $R_m$ | - просечен приход на ризични вложувања (% на очекуван приход на пазарниот портфељ); |
| $(R_m–R_f)$ | - премија за пазарен ризик; |
| β | - коефициент на варијабилноста на приносите на акциите на претпријатието во однос на просечниот варијабилитет на приносите од сите акции на пазарот; |
| $(R_m–R_f)*β$ | - премија за пазарниот ризик за сопствен капитал. |

Во првиот регулиран период вредноста на коефициентот на варијабилноста на приносите на акциите на претпријатието во однос на просечниот варијабилитет на приносите од сите акции на пазарот $\beta$ е 1.

Доколку македонска берза го пресметува коефициентот β истиот ќе се применува.

**1.4.2.2. Цена на долг ($K_d$)**

Цената на долгот на регулираното претпријатие се пресметува врз основа на просечните каматни стапки на користените инвестициони кредити, а контролата се врши врз основа на условите за кредитирање и каматните стапки, кои банките ги нудат на македонските регулирани претпријатија.

**1.5. Износ за покривање на варијабилни трошоци**

Износот за покривање на варијабилни трошоци се пресметува според следната формула:

$$VAR_t = [\ VO_{t-1} * (1 + CPI_t) * (1 – X)\ ] * Q_t$$

каде што:

| | | |
|---|---|---|
| $VAR_t$ | - приход за покривање на варијабилни трошоци во годината t, во согласност со ориентирите за нормализирани трошоци дадени во точка 1.6 од овој Прилог; | [денари] |
| $VO_{t-1}$ | - просечен варијабилен трошок за работа и одржување на претпријатието, во годината t-1, по единица произведена енергија; | [денари/ Wh] |
| $CPI_t$ | - индекс на цени на мало; | |
| X | - фактор на ефикасност; | [0÷1] |
| $Q_t$ | - планирано производство на топлинска енергија за тарифни потрошувачи во годината t. | [kWh] |

**1.6. Нормализирани трошоци**

Нивото на нормализираните трошоци се формира според следните ориентири:

1. трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар, врз основа на нормативите за потрошувачка и просечните цени на пазарот во периодот на набавката;

2. трошоци за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување на средствата, до ниво од 20 % од пресметаната годишна амортизација;

3. трошоци за осигурување на градежни објекти и опрема се признаваат согласно нивото на премиите за осигурување кои препријатието ги платило

4. бруто плати по работник до ниво на просечна бруто плата по работник остварена во стопанството на Република Македонија во тековната година, зголемена до 30%, како израз на квалификационата структура и сложеноста на регулираната дејност;

5. менаџерските плати и менаџерските награди, во нормализирани износи соодветно на зголемувањето на ефикасноста, а според одлуките на управните органи на претпријатието;

6. други услуги, до нивото од просечното тригодишно учество (%) во однос на трошоците за материјали, енергија, ситен инвентар (од ставката 1);

7. останати и вонредни (екцесни) трошоци, до 10% во однос на трошоците од ставките под 1; 2; 3; 4 и 6;

8. пресметката на амортизацијата на регулираните средства се врши во согласност со пропишаните минимални годишни стапки на амортизација дадени со важечките прописи;

9. даноците, придонесите и другите давачки се признаваат во согласност со законските прописи.

**1.7. Износ за покривање на трошоци за потрошеното гориво**

Износот за покривање на трошоци за потрошеното гориво се пресметува согласно член 15 од овој Правилник и согласно податоците и документите за:

1. Вкупно инсталирана моќност кај потрошувачите, односно пријавена и евидентирана топлинска моќност во поединечните договори склучени помеѓу снабдувачот на топлинска енергија и потрошувачите. Вкупно инсталирана моќност кај потрошувачите по правило не треба да биде поголема од вкупната производна моќност на производните единици кај производителите на топлинска енергија.
2. Квалитетот на горивото се потврдува со сертификат за долна топлинска моќ $H_d$ и хемискиот состав на горивото за мазут, природен гас и јаглен.
3. Количината на гориво во базната година се утврдува согласно член 15 од овој Правилник, односно врз основа на поднесените фактури за извршената набавка на горивото во базната година и оствареното производство на топлинска енергија, при што оствареното производство на топлинска енергија треба да соодветствува на пресметаната топлинска енергија, одредена според ангажирана моќност на потрошувачите, средната температура во грејниот период и бројот на грејни денови во базната година.
4. Средна температура за греен период, вкупен број на грејни денови, означување на точниот датум на почеток и крај на греен период, при што како релевантни податоци за температурите се податоците од Управата за хидрометеоролошки работи на Р.Македонија;
5. Надворешна проектна температура за одреден локалитет се признава и тоа:
   - за Скопје, -15°C
   - за Битола, -18°C
6. Технички загуби во производството на топлинската енергија кои се признаваат согласно член 13 од овој Правилник;
7. Технички загуби на топлинска енергија во дистрибутивната мрежа, кои се признаваат согласно член 10 од овој Правилник;
8. Набавна цена на гориво, согласно член 15 од овој Правилник.

**1.7.1. Пресметка на трошоци за потрошено гориво**

Пресметка на трошоци кои се признаваат за потрошено гориво се определуваат согласно следната формула:

$$FUEL = \Sigma G_{oil}*P_{oil} + \Sigma G_{gas}*P_{gas} + \Sigma G_{coal}*P_{coal} \qquad (1)$$

| 2 | Дел од останатите трошоци кој има фиксен карактер (осигурување, дел од платите и сл.) | | | | |
| 2.1 | вид на трошок | | | | |
| 2.2 ..... | | | | | |
| **Б** | **Варијабилни трошоци** | | | | |
| | ***Да се специфицираат сите трошоци ( за материјали, услуги и сл.) кои се варијабилни*** | | | | |
| | | | | | |
| | **Вкупни трошоци (А+Б)** | | | | |

Напомена: За базната година податоците да се презентираат по месеци

**МП**

**Пополнил________**
**Одобрил________**
**Датум__________**

Табела 21

**ПЛАНИРАН ОБРТЕН КАПИТАЛ ЗА РЕГУЛИРАНАТА ДЕЈНОСТ................................**
**ПРЕТПРИЈАТИЕ: ______________________________**

Во денари

| Р.бр. | ОПИС | Базна година | Регулиран период | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
| | **Тековна Актива (Обртни средства):** | | | | |
| 1 | **Потребна готовина** | | | | |
| | Тековна ликвидност - брз коефициент (обртни средства-залихи)/краткорочни обврски) | | | | |
| | Моментна ликвидност(парични средства и хартии од вредност/краткорочни обврски) | | | | |
| 2 | **Побарувања од купувачи** | | | | |
| | приходи од продажба / просечни побарувања од купувачите | | | | |
| | број на денови на наплата | | | | |
| 3 | **Залихи** | | | | |
| | Трошоци на реализација / залихи | | | | |
| | број на денови на врзување на залихите | | | | |
| 4 | **Останато** | | | | |
| | % од приход | | | | |
| 5 | **Вкупно тековна Актива (обртни средства) Актива** | | | | |
| 6 | **Тековна Пасива (Краткорочни извори на средства - обврски):** | | | | |
| 7 | **Обврски кон добавувачи** | | | | |
| | (обврски кон добавувачите / вкупни средства) | | | | |
| | ( број на денови на наплата) | | | | |
| 8 | **Обврски за плати** | | | | |
| | ( број на денови на исплата) | | | | |
| 9 | **Амортизација** | | | | |
| | ( број на денови на пресметка/износ на год. амортизација) | | | | |
| 10 | **Останато** | | | | |
| | ( % од трошоци ) | | | | |
| 11 | **Вкупна тековна Пасива - извори на краткорочни средства** | | | | |
| | **ОБРТЕН КАПИТАЛ ( 5 - 6 )** | | | | |
| | | | | | |

**МП**

**Пополнил**__________
**Одобрил**__________
**Датум**__________

**Табела 22**

## ПЛАНИРАН БИЛАНС НА УСПЕХ ОД РЕГУЛИРАНА ДЕЈНОСТ............................
## ПРЕТПРИЈАТИЕ: ______________________________

| Р.бр. | ОПИС | Базна година | Регулиран период | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
| А | **Приходи од регулираната дејност:** | | | | |
| | Приходи од регулирана дејност | | | | |
| | Други оперативни приходи кои произлегуваат од регулираната дејност | | | | |
| | **Вкупно планирани приходи (А)** | | | | |
| Б | **Трошоци и Расходи за регулираната дејност ( сите трошоци од табелите):** | | | | |
| 1 | Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | | | | |
| 2 | Трошоци за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување на средствата | | | | |
| 3 | Трошоци за осигурување на градежни објекти и опрема | | | | |
| 4 | Бруто плати на вработени | | | | |
| 5 | Менаџерските плати и менаџерските награди | | | | |
| 6 | Други услуги | | | | |
| 7 | Останати и вонредни (екцесни) трошоци | | | | |
| 8 | Амортизација | | | | |
| 9 | Трошоци за придонеси членарини, преземени обврски и сл. | | | | |
| | **Вкупни трошоци и расходи (Б)** | | | | |
| В (А-Б) | **Добивка од редовното работење од регулираната дејност (добивка пред камати и даноци)** | | | | |
| 10 | Приходи од придружените претпријатија (+) | | | | |
| 11 | Финансиски трошоци (за камати) (-) | | | | |
| Г | **Добивка пред оданочување (В + 10-11)** | | | | |
| 12 | Данок од добивка (-) | | | | |
| Д | **Добивка по оданочување (Г - 12)** | | | | |
| 13 | Малцинско вложување (-) | | | | |
| Ѓ | **Нето добивка (загуба) од редовно работење (Д - 13)** | | | | |
| | | | | | |
| | Вонредни ставки (расходи) (-) | | | | |
| Ж | **Нето добивка (загуба) за пресметковниот период** | | | | |
| | | | | | |
| | Добивка од редовно работење / приход (В/А) (коефициент) | | | | |
| | Добивка пред оданочување / приход (Г/А) (коефициент) | | | | |
| | Нето добивка / приход (Ѓ/А) (коефициент) | | | | |

МП

Пополнил__________
Одобрил___________
Датум_____________

**Табела 23**

**ПЛАНИРАН БИЛАНС НА СОСТОЈБА ЗА РЕГУЛИРАНАТА ДЕЈНОСТ .................**

**ПРЕТПРИЈАТИЕ: ______________________________**

| Р.бр.. | ОПИС | Базна година | Регулиран период | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
| | **АКТИВА (СРЕДСТВА) :** | | | | |
| А | *Тековна средства (Обртни средства)* | | | | |
| | Парични средства и хартии од вредност | | | | |
| | Побарувања | | | | |
| | - Побарувања од купувачите | | | | |
| | - Останати побарувања | | | | |
| | Залихи | | | | |
| | Финансиски вложувања | | | | |
| | Останато (платени трошоци за идни периоди АВР) | | | | |
| | **Вкупно тековни средства** | | | | |
| Б | *Нетековни средства (Нето Основни Средства)* | | | | |
| | Гудвил | | | | |
| | Нематеријални вложувања | | | | |
| | Материјални вложувања (недвижности, постројки и опрема | | | | |
| | Долгорочни финансиски вложувања | | | | |
| | **Вкупно Основни Средства** | | | | |
| | **ВКУПНА АКТИВА ( А +Б )** | | | | |
| | | | | | |
| | **ПАСИВА (КАПИТАЛ И ОБВРСКИ) :** | | | | |
| В | *Капитал и резерви* | | | | |
| | Издаден капитал | | | | |
| | Резерви | | | | |
| | Акумулирана добивка (загуба) | | | | |
| | **Вкупно капитал и резерви ( В )** | | | | |
| | Малцинско учество | | | | |
| | | | | | |
| Г | *Обврски* | | | | |
| | Долгорочни (нетековни) обврски | | | | |
| | - долгорочни заеми | | | | |
| | - други долгорочни обврски | | | | |
| | Краткорочни обврски | | | | |
| | - обврски кон добавувачи | | | | |
| | - краткорочни заеми | | | | |
| | - останати краткорочни обврски | | | | |
| | Одложено плаќање на трошоци (ПВР) | | | | |
| | Долгорочни резервирања за ризици и трошоци | | | | |
| | **Вкупни обврски ( Г )** | | | | |
| | | | | | |
| | **ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ ( В + Г )** | | | | |
| | Актива - Пасива | | | | |

**МП**

**Пополнил_____**
**Одобрил______**
**Датум________**

**Табела 24**

## ПЛАНИРАНА ФИНАНСИСКА СТАПКА НА РЕНТАБИЛНОСТ ОД РЕГУЛИРАНАТА ДЕЈНОСТ..................

**ПРЕТПРИЈАТИЕ:** ____________________________

| Р.бр.. | ОПИС | Базна година | Регулиран период | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
| 1 | Трошоци за регулираната дејност: | | | | |
| 2 | Основни средства | | | | |
| 3 | Обртни средства | | | | |
| 4 | Приход: | | | | |
| | Приходи од регулирана дејност | | | | |
| | Други оперативни приходи кои произлегуваат од регулираната дејност | | | | |
| 5 | Трошоци и Расходи за регулираната дејност (Оперативни Трошоци ) | | | | |
| 6 | Бруто Добивка од Работење | | | | |
| 7 | Нето добивка | | | | |
| | | | | | |
| 8 | ФИНАНСИСКА СТАПКА НА ПОВРАТОК | | | | |
| 9 | НЕТО СЕГАШНА ВРЕДНОСТ | | | | |
| 10 | ( Дисконтна стапка ) | | | | |

МП

Пополнил____________
Одобрил____________
Датум______________

**Табела 25**

## ПЛАНИРАН ГОТОВИНСКИОТ ТЕК ОД РЕГУЛИРАНАТА ДЕЈНОСТ ..................
## ПРЕТПРИЈАТИЕ: ____________________________

| Р.бр.. | ОПИС | Базна година | Регулиран период | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
| | | | | | |
| 1 | Нето добивка пред оданочување усогласена за: | | | | |
| | Амортизација | | | | |
| | Курсни разлики | | | | |
| | Расходи за камата | | | | |
| | Добивка од вложувања | | | | |
| | **Усогласена нето добивка (оперативна добивка)** | | | | |
| 2 | **Нето парични текови од оперативни активности** | | | | |
| 3 | **Нето парични текови од вложувачки активности** | | | | |
| 4 | **Нето парични текови од финансиски активности** | | | | |
| | | | | | |
| 5 | **Нето зголемување(намалување) на паричните средства и еквиваленти на паричните средства** | | | | |
| | | | | | |
| 6 | **Парични средства и еквиваленти на парични средства на почетокот на периодот** | | | | |
| 7 | **Парични средства и еквиваленти на парични средства на крајот на периодот** | | | | |
| | | | | | |
| 8 | **Годишен паричен тек (прилив / одлив)** | | | | |
| 9 | **Кумулативен паричен тек (прилив / одлив)** | | | | |
| | | | | | |

**МП**

**Пополнил**___________
**Одобрил**___________
**Датум**_____________

**Табела 26**

**ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА РЕГУЛИРАНАТА ДЕЈНОСТ ..................., ВО РЕГУЛИРАНИОТ ПЕРИОД**
**ПРЕТПРИЈАТИЕ: ____________________________**

| Р.бр.. | ОПИС | Базна година | Регулиран период | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
| А | **Ликвидност** | | | | |
| 1 | *Коефициент на тековна ликвидност:* | | | | |
| | Обртни средства (Обртен капитал) | | | | |
| | Тековна Пасива (Краткорочни обврски) | | | | |
| | **Обртни средства / Краткорочни обврски** | | | | |
| 2 | *Брз коефициент на ликвидност* | | | | |
| | Обртни средства (Обртен капитал) | | | | |
| | Залихи | | | | |
| | Тековна Пасива (Краткорочни обврски) | | | | |
| | **(Обртни средства-Залихи) / Краткорочни обврски** | | | | |
| 3 | *Обрт на побарувањата* | | | | |
| | **Нето приходи од продажба / просечни побарувања од купувачите** | | | | |
| Б | **Профитабилност** | | | | |
| 1 | *Профитна маржа* | | | | |
| | **Нето добивка / нето приходи од продажба** | | | | |
| 2 | *Обрт на средствата* | | | | |
| | **Нето приходи од продажба / Просечен RAB** | | | | |
| 3 | *Поврат на средствата* | | | | |
| | **(Нето добивка + амортизација) / Просечен RAB** | | | | |
| 4 | *Поврат на главнината ( капиталот)* | | | | |
| | **Нето добивка / Акционерска главнина (капитал и разерви)** | | | | |
| В | **Долгорочна солвентност** | | | | |
| 1 | *Соодноc на долг со главнината* | | | | |
| | **Вкупни обврски / акционерска главнина (капитал и резерви)** | | | | |
| 2 | *Коефициент на покриеност на каматата* | | | | |
| | **(Добивка пред оданочување + Расход за камати) / Расход за камати** | | | | |
| 3 | *Коефициент на покриеност на долгот* | | | | |
| | **(Нето приход+амортиз.+камата) / (ануитет=камата + отплата)** | | | | |
| 4 | *Учество на долговите во Вкупната Актива* | | | | |
| | **Долг / Вкупна Актива** | | | | |
| Г | **Проценка на адекватноста на паричните текови** | | | | |
| 1 | *Принос на паричните текови* | | | | |
| | **Нето парични текови од оперативни активности / Нето добивка** | | | | |
| 2 | *Соодноc на парични текови со приходите од продажба* | | | | |
| | **Нето парични текови од оперативни активности / Нето приходи од продажба** | | | | |
| 3 | *Соодноc на парични текови со средствата* | | | | |
| | **Нето парични текови од оперативни активности / Просечни вкупни средства** | | | | |
| | **Нето парични текови од оперативни активности / Просечни средства RAB** | | | | |
| 4 | *Слободен паричен тек* | | | | |
| | **Нето парични текови од оперативни активности - Дивиденди - Нето капитални издатоци** | | | | |
| Д | **Работење** | | | | |
| 1 | *Обрт на Залихите* | | | | |
| | Трошоци на Продажба | | | | |
| | Залихи | | | | |
| | **Трошоци на продажба / Залихи** | | | | |
| 2 | *Просечно време за наплата* | | | | |
| | Побарувања | | | | |
| | Приход | | | | |
| | **Побарувања / Приход изразен во денови** | | | | |
| 3 | *Обрт на Основните Средства* | | | | |
| | Приход | | | | |
| | Основни Средства | | | | |
| | **Приход / Основни средства** | | | | |
| 4 | *Обрт на Сите Средства* | | | | |
| | Приход | | | | |
| | Вкупно Средства | | | | |
| | **Приход / Вкупни средства** | | | | |

Пополнил__________
Одобрил__________
МП Датум___________

## КОЛЕКТИВНИ ДОГОВОРИ

**36.**

Врз основа на членовите 203 и 210 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05), министерот за внатрешни работи и Македонскиот полициски синдикат, склучуваат

### КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Во Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ број 8/98, 12/00, 2/03 и 3/04), членот 1, се менува и гласи:

„Со овој колективен договор се уредуваат правата и обврските на работниците во Министерството за внатрешни работи и работодавачот, како договорни страни на овој договор, како и се уредува склучувањето, содржината и престанување на работните односи и други прашања од работните односи или во врска со работните односи.“

Член 2

Во членот 2, како и во целиот текст на овој Колективен договор, зборот „Работодавецот“, се заменува со зборот „Работодавачот“. Точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „кое вработува работници врз основа на договор за вработување“.

Член 3

Во членот 3 по зборот „однос“, се додаваат зборовите: „врз основа на случен договор за вработување“.

Член 4

Во членот 4, ставот 1, се менува и гласи:

„Овој колективен договор се применува непосредно и е задолжителен за сите работници кои имаат склучено договори за вработување во Министерството.“

Во ставот 2, зборовите „и Општиот колективен договор за јавните служби, јавните претпријатија, државните органи, органите на локалната самоуправа и други правни лица кои вршат нестопанска дејност-“Службен весник на РМ“ бр.39/94 (во натамошниот текст: Општ колективен договор)“ се бришат.

Член 5

Називот на главата I. „Засновање на работен однос“, се менува и гласи: „Склучување на договор за вработување“.

Во целиот текст на глава I, зборовите: „работен однос“ се заменуваат со зборовите: „ договор за вработување“, а зборовите: „работниот однос“ се заменуваат со зборовите: „договорот за вработување“.

Во целиот текст на глава I, зборот „заснова“, се заменува со зборот „склучува“, зборот „засновање“ се заменува со зборот „склучување“, а зборот „засновал“ се заменува со зборот „склучил“.

Член 6

Членот 5, се менува и гласи:

„Договор за вработување во Министерството може да склучи секое лице-државјанин на Република Македонија, кое покрај општите услови утврдени со закон, актот на работодавачот, односно условите барани од страна на работодавачот, ги исполнуваат и посебните услови утврдени со актите за систематизација на работните места во Министерството и Управата за безбедност и контраразузнавање.“

Член 7

Во членот 8, во ставот 2, во третиот ред, по зборот: „места“, се додава зборовите: „на Министерството и Управата за безбедност и контраразузнавање, “, а зборовите: „Институција за школување на кадри за потребите на Министерството“, се заменуваат со зборовите: „Полициска академија-Скопје“.

Во ставот 5, зборовите: „Републички завод за вработување“, се заменуваат со зборовите: „службата надлежна за посредување при вработување“.

Член 8

Во членот 12 и во целиот текст на Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи, зборовите „договор за работа“, се заменуваат со зборовите: „договор за вработување“.

Член 9

Членот 13, се менува и гласи:

„Министерството е должно да го пријави работникот во задолжителното социјално осигурување во согласност со посебните прописи.“

Член 10

Во членот 16, во ставот 1, зборовите: „планот и“, се бришат.

Во ставот 2, зборот „Планот“ се заменува со зборот „Програмата“.

Ставот 3, се менува и гласи:

„Програмата ја донесува Министерот“.

Член 11

Во членот 18, зборовите: „планот за“, се бришат.

Член 12

Во членот 19, во ставот 1, зборовите: „планот за“, се бришат.

Член 13

Во членот 22, во ставот 3, како и во целиот текст на Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи, зборот „Дирекцијата“ се заменува со зборот „Управата“, а зборовите: „и во управите“, се заменуваат со зборот „Секторите“.

Член 14

Во членот 24, ставот 2, се менува и гласи:

„На приправник кој по истекувањето на приправничкиот стаж не го положил приправничкиот испит или без оправдани причини не се појавил на полагање на испитот, му се откажува договорот за вработување.“

Член 15

Во членот 25, во ставот 3, зборовите: „му престанува работниот однос“, се заменуваат со зборовите: „и по истекувањето на приправничкиот стаж, му се откажува договорот за вработување“.

Ставот 4, се менува и гласи:

„Решение за откажување на договор за вработување во случаите од членовите 24 и 25 на овој договор донесува Министерот или работници овластени од Министерот.“

Член 16

Во членот 35, по ставот 1, се додава нов став 2, што гласи:

„Во организационите единици на Министерството кои работат во смени, за ноќна работна смена се смета и работењето во траење од најмалку осум непрекинати часа меѓу 22, 00 часот и 7,00 часот идниот ден.

Ставот 2, кој станува став 3, се менува и гласи:

„Работното време помеѓу 00 часот и 24 часот во недела, се смета како работа во недела".

Член 17

Во членот 36, во ставот 1, зборот „може", се заменува со зборот „смее".

Во алинеја 2, зборовите „2 години", се заменува со зборовите: „една година".

По алинеја 3, се додава три нови алинеји 4, 5 и 6, кои гласат:

„- на работник повозрасен од 57 години жена и 59 години маж;

- на работник кој има полно работно време пократко од 36 часа неделно и

- на работник кој работи со скратено работно време во согласност со посебни прописи".

Во ставот 2, во алинејата 1, бројот „2", се заменува со бројот „3".

Во алинеја 3, бројот „7", се заменува со бројот „6".

Член 18

Во членот 37, во ставот 1, бројот „45", се заменува со бројот „30".

Член 19

Во членот 40, во ставовите 1 и 2, бројот „18", се заменува со бројот „20'.

Во ставот 1, по зборот „саботите", се додаваат зборовите: „неделите, празниците определени со закон, слободните денови и други случаи на оправдано отсуство од работа".

Член 20

Во членот 43, во алинеја 1, бројот „18", се заменува со бројот „20".

Во алинеја 2, бројот „20", се заменува со бројот „21".

Член 21

Во членот 44, во ставот 1, во алинеја 1, кратеницата „КПДГ", се заменува со зборовите: „гранична контрола".

Алинеја 4 се брише.

Член 22

Во членот 45, по зборот „инвалид", се додава запирка и зборовите: „повозрасен работник, работник со најмалку 60 % телесно оштетување и работник кој негува и чува дете со телесен и душевен недостаток", а бројот „2", се заменува со бројот „3".

Член 23

Во членот 53, во ставот 1, како и во целиот текст на овој Колективен договор, зборовите: „отсуство од работа со надомест на плата", се заменуваат со зборовите: „платен одмор".

Во ставот 2, точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „и по сите основи од ставот 1 на овој член не може да се користи повеќе од седум работни дена."

Член 24

Во членот 59, зборот „придржува", се заменува со зборовите „почитува и спроведува".

Член 25

Во називот на точката 6. „Посебна заштита на жената, младината и инвалидните работници", запирката и зборот „младината", се бришат.

Член 26

Во членот 63, во ставот 1, зборовите:„работничка распоредена", се заменуваат со зборовите: "работник распореден", а зборот „и", се заменува со зборот: „му".

Член 27

Членот 64, се менува и гласи:

„На работникот –инвалид и на работник со преостаната или променета работна способност му се обезбедува друга соодветна работа, односно работа со пократко работно време и надомест на плата во согласност со соодветните прописи."

Член 28

Во членот 65, во ставот 1, зборовите: „Општиот колективен договор и" се бришат.

Член 29

Во членот 66, во ставот 2, точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „во согласност со закон".

Член 30

Во членот 68, во ставот 4, зборовите: „службена тајна", се заменуваат со зборовите: „класифицирана информација со степен строго доверливо."

Член 31

Членот 71 се брише.

Член 32

Во членот 72, во ставот 1, во алинеја 1, по зборот „време", се додаваат зборовите: „(прекувремена работа)".

Во алинеја 2, зборовите: „викенд денови", се заменува со зборовите: „работа во недела".

Во алинеја 3, на крајот на реченицата сврзникот „за" се брише и се додаваат зборовите: „определени со закон".

Член 33

Членот 73, се менува и гласи:

„Делот од платата на работникот за работна успешност може да се утврди во зголемен или намален износ до 15%, сразмерно на квалитетот и обемот на извршените работи на работното место, односно доверените работи и придонесот на работникот во вкупното работење на организационата единица и Министерството во целина."

Член 34

Во членот 74, во ставот 1, зборот „платата", се заменува со зборовите: „делот од платата за работна успешност".

Во ставот 2, по зборот „начин", се додава запирка и зборот „обем".

Член 35

Во членот 75, во ставот 1, зборот „платата",се заменува со зборовите: „делот од платата за работна успешност".

Во ставот 2, зборот „Плата", се заменува со зборовите: „делот од платата за работна успешност". Во алинеја 2, по зборот „квалитет", се додава запирка и зборот „обем".

Член 36

Во членот 76, во ставот 1, зборот „платата",се заменува со зборовите: „делот од платата за работна успешност".

Во ставот 2, зборот „Плата“, се заменува со зборовите: „делот од платата за работна успешност“.

Член 37

Во членот 77, во ставот 1, зборот „плата“,се заменува со зборовите: „делот од платата за работна успешност“.

Член 38

Во членот 82, ставот 1, се менува и гласи:

„Решение за утврдување на плата согласно одредбите на овој договор донесува Министерот или работници овластени од Министерот.“

Член 39

Во членот 84, во ставот 1, бројот „60“, се заменува со бројот „21“.

Член 40

Во членот 86, зборовите: „од претходниот месец“, се заменува со зборовите: „исплатена во претходниот месец пред почетокот на отсуството.“

Член 41

Во членот 87-д, ставот 2, се менува и гласи:

„Доколку на работникот за време на службеното патување во Републикатата му е обезбедено сместување и исхрана, на работникот му припаѓа 20 % од дневницата утврдена со став 1 од овој член, а за акциски ангажмани на припадниците на Единицата за специјални задачи, Специјалната полициска единица за брзо распоредување и Посебната единица на полиција, се врши исплата во висина и на начин утврден во подзаконските акти на единиците.“

Член 42

Во членот 88, во ставот 1, во алинеја 2, зборовите: „елементарни несреќи“, се заменуваат со зборовите: „непогоди, настани и други несреќи согласно Законот за заштита и спасување“.

Член 43

Во членот 96, во ставот 2, бројот „50“, се заменува со бројот „20“.

Член 44

Во членот 114, во ставот 1, зборовите: „по своја вина“, се заменува со зборовите: „намерно или од тешка небрежност“.

Член 45

Во членот 115, во ставот 3, зборовите: „кривично дело со умисла“, се заменуваат со зборовите: „намерно казниво дејствие“.

Член 46

Во членот 118, во ставот 3, зборот „управите“, се заменува со зборот „секторите“.

Член 47

Во членот 120, во ставот 5, бројот „30“, се заменува со бројот „45“.

Член 48

Во членот 124, во првиот редот, по зборот „штета“, запирката се брише и се додаваат зборовите: „или штетата на работникот е предизвикана со кршење на правата од работниот однос“.

Член 49

Во членот 126, во ставот 2, бројот 30, се заменува со бројот „45“.

Член 50

Називот на главата IX, се менува и гласи:

„ IX. Престанување на важноста на договорот за вработување“.

Во целиот текст на главата IX, освен во членот 132 точка 8, зборовите: „работниот однос“, се заменуваат со зборовите: „договор за вработување“.

Називот на точката 1, се менува и гласи:

„Откажување на договорот за вработување со отказ од страна на работодавачот и работникот“.

Член 51

Во членот 130, по зборот „обврски“, се додава зборовите: „како и за можноста од добивање на отказ во случаи на понатамошно кршење на обврските“.

Член 52

Во членот 132, точка 2, зборот „жалба“, се заменува со зборот „тужба“, а зборовите: „закон или друг пропис или заради обраќање на државен орган на власта“, се заменуваат со зборовите: „договорните и други обврски од работниот однос пред арбитражни, судски и управни органи.“

Член 53

Членот 133, се менува и гласи:

„Договорот за вработување престанува со отказен рок од страна на Министерството, поради кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски на работникот и тоа ако:

1. не го почитува работниот ред и дисциплина според правилата пропишани од страна на Министерството;

2. не ги извршува или несовесно и ненавремено ги извршува работните обврски;

3. не се придржува кон прописите кои важат за вршење на работите на работното место;

4. не се придржува на работното време, распоредот и користењето на работното време;

5. не побара отсуство или навремено писмено не го извести Министерот, односно раководителот на организционата единица или друг одговорен работник за отсуството од работа;

6. поради болест или оправдани причини отсуствува од работа, а за тоа во рок од 48 часа, писмено не го извести Министерот, односно раководителот на организционата единица или друг одговорен работник за отсуството од работа;

7. со средствата за работа не постапува совесно или во согласност со техничките упатства за работа;

8. настане штета, грешка во работењето или загуба, а за тоа веднаш не го извести Министерот, односно раководителот на организционата единица или друг одговорен работник;

9. не ги одржува средствата и опремата за заштита при работа согласно прописите за заштита при работа;

10. предизвикува неред и насилнички се однесува за време на работата;

11. незаконски или неовластено ги користи средствата на Министерството;

12. не дава податоци или дава неточни податоци што според прописите им се даваат на овластените органи или граѓани;

13. не укажува правна и друга помош во рамки на своите овластувања на странката во остварување на нејзините законски права и правни интереси и

14. избегнува задолжително стручно оспособување и усовршување.

При откажување на договорот за вработување во случаите од ставот 1 на овој член, отказниот рок е еден месец од денот на врачување на решението за откажување на договорот за вработување.“

Член 54

Членот 134, се менува и гласи:

„Договорот за вработување престанува со отказ од страна на Министерството без отказен рок, поради потешки случаи на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски на работникот и тоа ако:

1. неоправдано изостане од работа три последователни работни дена или пет работни дена во текот на една година;

2. го злоупотреби боледувањето;

3. не се придржува кон прописите за здравствена заштита, заштита при работа, пожар, експлозија, штетно дејствување на отрови и други опасни материи и ги повредува прописите за заштита на животната средина;

4. внесува, употреби или е под дејство на алкохол и наркотични средства;

5. стори кражба или во врска со работата намерно или од крајно невнимание предизвика штета на Министерството;

6. оддаде класифицирана информација;

7. постапува спротивно на правилата и прописите на Министерството;

8. го злоупотреби или пречекори даденото овластување;

9. одбегнува лекарски преглед заради утврдување на работна способност;

10. непристојно се однесува спрема странки;

11. противправно прибавува лична корист во врска со вршењето на работите и задачите;

12. послуга или овозможување на послуга на друго лице со пари или со други работи од вредност кои на работникот му се доверени во вршењето на работите и задачите;

13. вршење на дејности кои се неспоиви со должностите на работникот, а се пропишани со соодветен акт;

14. извршување на дејствие што претставува кривично дело кое согласно Законот за внатрешни работи е пречка за склучување на договор за вработување во Министерството или извршување на дејствие кое претставува потежок прекршок против јавниот ред и мир и

15. раководи, изразува и застапува партиски ставови и убедувања во вршењето на работите и задачите. “

Член 55

Во членот 136, во ставот 1, зборот „правосилно“ се брише, по зборот „работникот“, се додаваат зборовите: „со писмена одлука“, а зборовите: „и во потешки случаи на кршење на работната дисциплина од членот 133 став 2 од овој договор“ се бришат.

Во ставот 2, зборовите: „плата во висина од 80% од износот“, се заменуваат со зборовите: „надоместок во висина“ .

Член 56

Во членот 137, по зборот „рок“, се додаваат зборовите: „и отсуство од работа заради барање на ново вработување“, а зборот „престанок“, се заменува со зборот „откажување“.

Член 57

Во членот 138, зборовите: „отказот на работникот да го замени со“, се заменуваат со зборовите: „да изрече“.

Член 58

Во членот 139, во ставовите 1, 2 и 3, зборот „престанок“, се заменува со зборот „откажување“.

Во ставот 1, по зборот „Министерот“, се додаваат зборовите: „или работници овластени од Министерот“.

Во ставот 2, пред зборот „причините“, се додаваат зборовите: “основот и“.

Член 59

Во членот 140, во ставовите 1 и 2, зборот „престанок“, се заменува со зборот „откажување“.

Член 60

Називот на точката 2 „Постапка за престанок на работниот однос со отказ“, се менува и гласи: „Постапка за откажување на договор за вработување со отказ“.

Член 61

Во членот 141, во ставот 2, точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „и укажување за можноста од добивање на отказ, ако не го подобри работењето.“

Член 62

Во називот на потточката 2.2. „Постапка за утврдување при кршење на работната дисциплина (член 129 на овој договор), зборот „работната“, се заменува со зборовите: „работниот ред и“.

Член 63

Во членот 142, во алинеји 1 и 2, зборот „работната“, се заменува со зборовите: „работниот ред и“, а зборовите: „членот 133“, се заменува со зборовите: „членовите 133 и 134“.

Член 64

Во членот 143, во ставот 1, зборот „престанок“, се заменува со зборот „откажување“, а зборовите: „негова замена со“, се заменуваат со зборовите: „изрекување на“.

Во ставот 5, зборот: „потсекретарот“, се заменува со зборовите: „директорот на Бирото за јавна безбедност“.

Во ставот 7, броевите: „3, 18, 19 и 20“, се заменуваат со зборовите: „4, 5 и 6 и членот 134 точка 1“, а зборовите: „како и во случај кога“, се заменуваат со зборот „и“.

Член 65

Во членот 144, во ставот 1, зборот „престанок“, се заменува со зборот „откажување“.

Член 66

Во членот 148, во ставот 2, зборот „престанок“, се заменува со зборот „откажување“.

Член 67

Називот на точката 3. „Престанок на работниот однос со отказ поради економски, технолошки, структурални или слични промени“, се менува и гласи: „Откажување на договор за вработување од деловни причини (економски, технолошки, структурални или слични промени)“.

Член 68

Членот 151, се менува и гласи:

„Министерството е должно да го извести Синдикатот за намерата за донесување на одлука за откажување на договорот за вработување поради деловни причини на поголем број на работници, причините за престанување на потребите од работата на работниците, за предвидениот број и категоријата на вишокот на работници и за предвидениот рок во кој ќе престане потребата од работа на работниците.

Покрај известувањето од ставот 1 на овој член, Министерството треба со Синдикатот да ги разгледа можните начини за спречување и ограничување на бројот на откажување на договорите за вработување и мерките што ќе се превземат за спречување и ублажување на штетните последици од откажувањето.

Известувањето од ставот 1 на овој член треба да се достави најдоцна 30 дена пред донесувањето на одлуката за откажување на договорот за вработување поради деловни причини на поголем број на работници."

Член 69

По членот 151, се додава нов член 151-а, што гласи:

„По завршувањето на активностите од членот 151 на овој договор, Министерството задолжително писмено ја известува службата надлежна за посредување при вработување за причините за престанување на потребите од работата на работниците, предвидениот број и категоријата на вишокот на работници, како и за предвидениот рок во кој ќе престане потребата од работа на работниците.

Писменото известувањето од ставот 1 на овој член се доставува заради барање помош и услуги од службата за посредување при вработување согласно со закон."

Член 70

Во членот 153, ставот 3, се брише.

Член 71

Членот 154, се менува и гласи:

„Министерството пред да откаже договорот за вработување од деловни причини, може на работникот да му понуди:

1) вработување кај друг работодавач без огласување, со преземање и склучување на договор за вработување за вршење на работи кои одговараат на неговата стручна подготовка, односно квалификација;

2 ) стручно оспособување (обука, преквалификација или доквалификација за работа во Министерството или кај друг работодавач) или

3) склучување на нов договор за вработување."

Член 72

По членот 154, се додава нов член 154-а, што гласи:

„Во случаи на откажување на договор за вработување од деловни причини, Министерството е должно на работникот да му исплати испратнина, односно еднократен надомест за секои пет години работен стаж во Министерството, чиј износ не може да биде повисок од шест плати на работникот.

Основицата за пресметка на испратнината е просечна плата на работникот исплатена во последните шест месеци пред отказот.

Испратнината се исплатува со денот на престанокот на работниот однос."

Член 73

По чланот 159, се додава нов член 159-а, што гласи:

„Ако Министерот го откажува договорот за вработување поради економски, технолошки, структурални или слични промени на помал број работници, отказниот рок е еден месец, а во случај на откажување на договорот за вработување поради истите причини на повеќе од 150 работници или 5% од вкупниот број работници во Министерството отказниот рок е два месеца".

Член 74

Во членот 164, ставот 1, се менува и гласи:

„За мирно решавање на индивидуален или колективен работен спор, што не може да се реши со меѓусебно договарање меѓу потписниците на овој Колективен договор, се формира мировен совет.

Во ставот 2, зборот „комисијата", се заменува со зборовите: „мировниот совет', а во алинејите 1 и 2, бројот „2", се заменува со бројот „1".

Во ставот 3, зборот „комисијата", се заменува со зборовите: „мировниот совет", а зборовите: „како петти член", се бришат.

Член 75

Во членот 167, во ставот 1, бројот „5", се заменува со зборот „две".

Ставот 2 се менува и гласи:

„Важноста на договорот може да се продолжи за две години, со писмена согласност на страните на договорот, што се склучува најдоцна 30 дена пред истекот на важењето на колективниот договор."

По ставот 2, се додава нов став 3, што гласи:

„По истекот на рокот од ставот 1 на овој член, одредбите на колективниот договор се применуваат до склучувањето на нов колективен договор."

Ставот 3 станува став 4.

Член 76

По членот 168, се додава нов член, што гласи:

„Член 168-а

Секоја страна на овој колективен договор може да поднесе писмено барање за негово откажување.

Во рок од 15 дена од поднесување на барањето од ставот 1 на овој член, отпочнува постапка за преговори меѓу странките на овој колективен договор, чии одредби се применуваат најдолго шест месеци од денот на поднесувањето на барањето за негово откажување.

Колективниот договор се применува и по истекот на рокот од ставот 2 на овој член, ако странките на овој договор во постапката за преговарање се договорат за продолжување на неговата важност."

Член 77

Во членот 171, зборовите: „членовите 70 и 71", се заменуваат со зборовите: „членот 70".

Член 78

Во Спогодбата за измени и дополнувања на Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија" број 3/04), во членот 41, зборовите: „пет години, сметано од 30.12.2003 година.", се заменуваат со зборовите: „две години, сметано од 06.02.2006 година."

Член 79

Овој Колективен договор за изменување и дополнување на Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи влегува во сила со денот на склучувањето.

Член 80

Овој Колективен договор за изменување и дополнување на Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи се регистрира во министерството надлежно за работите од областа на трудот, а се објавува во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 0101-046 | Бр. 13.1-6662/1 |
| 6 февруари 2006 година | 6 февруари 2006 година |
| Скопје | Скопје |
| Македонски полициски синдикат, | Министерство за внатрешни работи, |
| **Тихомир Климовски,** с.р. | **Љубомир Михајловски,** с.р. |

# ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ ВИ НУДИ

| Р.бр | Изданија | Цена |
|---|---|---|
| 1 | **Збирки на прописи од областа на локалната самоуправа,** *2004* | |
| а) | **I книга –** *(Законите за: локална самоуправа; територијална организација на локалната самоуправа; за градот Скопје; финансирањето на единиците на локалната самоуправа и Законот за локалните избори – редакциски пречистен текст).* | 900.00 |
| б) | **II книга –** *(Законите за: комуналните такси; даноци на имот; угостителска дејност; туристичка дејност и Законот за вршење занаетчиска дејност).* | 600.00 |
| в) | **III книга –** *(Редакциски пречистени текстови на Законите за: основното образование; средното образование; заштита на децата и Законот за социјална заштита.* | 700.00 |
| г) | **IV книга –** *(Закон за управување со отпадот, Закон за квалитетот на амбиенталниот воздух; Законите за заштита на природата)* | 500.00 |
| д) | **Комплет од четирите книги - Збирки на Законите од областа на локалната самоуправа, 2004, по цена од** | 2100.00 |
| 2 | **Збирка на прописи (редакциска)** *(Законите за: градење; за просторно и урбанистичко планирање; за животната средина), 2005* | 700.00 |
| 3 | **Закон за трговските друштва,** со вовед, *2004* | 800.00 |
| 4 | **Закон за јавните набавки,** *2004 (со подзаконските акти)* | 200.00 |
| 5 | **Закон за кривична постапка и Закон за извршување на санкциите (редакциски пречистени текстови)** | 900.00 |
| 6 | **Кривичен законик** *од проф. д-р Методија Камчевчев (со кратки упатства, објаснувања и регистар на поимите), 2005* | 700.00 |
| 7 | **Збирка на меѓународни конвенции од областа на кривичното право ,** *2000* | 150.00 |
| 8 | **Закон за општата управна постапка** (со коментар) *Проф. д-р С. Гелевски, 2005* | 600.00 |
| 9 | **Закон за работните односи** (редакциска збирка, 2005) | 660.00 |
| 10 | **Закон за извршната постапка** *Д-р С. Георгиевски, 2002* | 300.00 |
| 11 | **Закон за спречување на корупцијата** *Со Закони за ратификација на конвенции Д-р Ј. Проевски (со објаснувања), 2002* | 250.00 |
| 12 | **Закон за денационализација** (со коментар, објаснувања и обрасци) *Д-р С. Георгиевски, 2000* | 250.00 |
| 13 | **Збирка на прописи од областа на државјанството** *Д-р Ф. Стоев, М-р М. Лазарова – Трајковска, 1998* | 200.00 |
| 14 | **Устав на Република Македонија** *(со сите амандмани од I - XXX), 2005* на македонски јазик (тврд повез) 12 x 8 см | 150.00 |
| 15 | **Комплет CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003, 2004 и 2005 година** | 4000.00 |
| 16 | **Поединечни CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003, 2004 и 2005 година** | 1000.00 |
| 17 | **Регистар на прописи на РМ** | 3700.00 |
| 18 | **WEB - базата на прописи од 1945 до денес. www.slvesnik.com.mk** | |

## П О Р А Ч К А Бр. 16

Со ова неотповикливо ги порачуваме изданијата под реден број _____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр. _____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци.

Доказот за извршена уплата на жиро с-ка 300000000188798 и порачката ги испраќаме по пошта на адреса бул. „Партизански одреди" бр. 29, п. фах 51, 1000, Скопје, или на телефакс број + 389-2-311-22-67.

**Порачател:** ______________________________________________

**Место:** _________, **ул.** ____________________, **бр.** ______, **тел./факс** ____________

**Потпис на порачателот**

**Во** _________, _______**2006 година.** **(М.П.)** ____________________

# ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ ВИ НУДИ



**1. База на прописи** на целата важечка законска и подзаконска регулатива од 1945 година до денес (околу 9000 прописи, распоредени во 22 области и преку 64 подобласти), како и тековното издавање на службениот весник во дигитална форма.

**- За период од 12 месеци, за претплатниците на печатеното издание „Службен весник на РМ“:**

а) **за над десет** претплатнички акаунти........................**4.880,00** денари по акаунт;

б) **од шест до десет** претплатнички акаунти......................**6.588,00** денари по акаунт;

в) **од еден до пет** претплатнички акаунти......................**8.540,00** денари по акаунт.

**- За период од 12 месеци, за оние кои не се претплатници на печатеното издание „Службен весник на РМ“:**

а) **за над десет** претплатнички акаунти......................**9.760,00** денари по акаунт;

б) **од шест до десет** претплатнички акаунти....................**10.980,00** денари по акаунт;

в) **од еден до пет** претплатнички акаунти....................**12.200,00** денари по акаунт.

**- За период од 1 месец - 1.400,00 денари по претплатнички акаунт.**




**2. CD-ROM изданија**

**1) Комплет CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003, 2004 и 2005 година................................4000,00 денари**

**2) Поединечни CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003, 2004 и 2005 година......................1000,00 денари**




**3. Регистарот на прописи на РМ** е единствено комплетно издание во Републиката на сите прописи, со најбрзо-двомесечно тековно ажурирање и овозможува брзо и лесно пребарување по азбучен и предметен регистар на законската и подзаконската регулатива. При секое ажурирање претплатниците добиваат гратис додаток на збирка актуелни прописи.

Секој нов претплатник со основната влошка добива и **гратис** класер-кутија.

**Цена**......................................................**3.700,00 денари.**

Цените се со пресметан ДДВ.

---

**П О Р А Ч К А**

Со ова неотповикливо ги порачуваме изданијата под реден број:

**1.** Во _________________________ акаунти;

**2.** Комплет во _________________ примероци (2001 _____; 2002 _____; 2003 _____; 2004 _____ и 2005 _____ примероци);

**3.** Во _________________________ примероци.

Доказот за извршена уплата и порачката ги испраќаме по пошта.

**Порачател: _______________________________________________________________**

**Место: __________, ул. _____________________, бр. _______, тел./факс ______________**

**Моб. ___________________**

**Потпис на порачателот**

**Во __________, ________2006 година. (М.П.) _____________________**

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје**
**бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник - Борис Тренески.**
**Телефон: +389-2-3298-860.**
**Телефакс: +389-2-3112-267.**

**Претплатата за 2006 година изнесува 9.200,00 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.**
**Печат: ЦЕТИС ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз, Скопје.**

ISSN 0354-1622

2006016